Република Македонија

Универзитет СВ.”Кирил и Методиј”

Филозофски Факултет - Скопје

Институт за историја

# “Меѓународната положба на Република Македонија 1991-2001 година”

**(магистарски труд)**

Ментор:

Проф. д-р. Маргарита Пешевска

Кандидат:

Манева Ленче

Скопје, 2013

**Вовед**........................................................................................................ **4**

**ГЛАВА I**

1.1. Падот на комунизмот во Европа и промените во земјите на Источна Европа ........................................................................................8

1.2. Крајот на студената војна..................................................................10

1.3. Распаѓањето на СФРЈ........................................................................12

1.3.1.Општествената и политичката положба на СФРЈугославија.............12

1.3.2.Општествено политички причини за распаѓањето на СФРЈугославија..........................................................................................14

1.3.3.Идеолошки причини...........................................................................16

1.3.4.Економски причини............................................................................17

1.3.5.Национализмот како причина............................................................19

1.3.6.Улогата на меѓународниот фактор во распадот на СФРЈугославија..........................................................................................23

**ГЛАВА II**

2. Осамостојувањето на Република Македонија и внатрешните политички прилики 1991/1993..............................................................................25

2.1. Политичките случувања во периодот од 1991 – 1993 година.....................................................................................................25

2.2. Република Македонија и внатрешната нестабилност во 2001 година.....................................................................................................38

2.3. Република Македонија и случувањата во 2001..................................41

2.4. Охридски Рамковен договор.................................................................48

2.5. Економските и социјалните промени во Република Македонија по осамостојувањето...........................................................................54

## ГЛАВА III

3. Надворешната политика на Република Македонија 1991 – 1993 година.....59
3.1. Македонското прашање и улогата на меѓународниот фактор до 1993 година.....59
3.2. Меѓународното признавањена РепубликаМакедонија.....66
3.3. Соседните држави и меѓународната положба на Република Македонија.....72
3.4. Спорот за името меѓу Грција и Македонија.....74
3.5. Приемот на Република Македонија во ООН.....77
**3.6.** Мировни мисии на ООН во Република Македонија .....80

## ГЛАВА IV

4. Надворешната политика на Македонија по приемот во ООН.....86
4.1. Воспоставување на дипломатски односи на Република Македонија со државите во светот.....87
4.2. Република Македонија и НАТО.....92
4.3. Воени вежби и мисии на НАТО во Република Македонија.....95
4.4. Република Македонија и Европската Унија.....97

4.4.1. Развојот на односите меѓу Република Македонија и ЕвропскатаУнија.....97

4.5. Процесот и спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија .....101
4.6. Критериуми за членството во Европската Унија.....107
4.7. Политички критериуми.....108
4.8. Економски критериуми.....111
4.9. Прифаќање на acquis communautaire.....113
5. Заклучок.....118
6. Прилози.....121
7. Извори и литература.....138

# ВОВЕД

Ако Балканот е крстопат на светот, тогаш Македонија е крстопат на Балканот, место на кое поминале моќни војски, мудри мислители и просветлени апостоли.

Промените кои настанале во Европа со падот на Берлинскиот ѕид, ќе имаат големо влијание и врз развојот на причините кој ќе го предизвикат распаѓањето на СФРЈугославија, и процесот на создавањето на самостојна Република Македонија, која го оствари своето право на самоопределување со Референдумот на 8 септември 1991 година на кој граѓаните на Република Македонија се изјаснија за самостојна и независна држава.

Како во поголемиот дел од Европа (источно европските земји) така и во рамките на социјалистичка Југославија (Социјалистичка Федеративна Република Југославија), кон крајот на 80-тите и во текот на 90-тите години на 20 век се случија крупни промени како на општествено – политички, така и на економски план. Со рушење на Берлинскиот зид и распаѓањето на СССР исчезнува и Варшавскиот пакт, а тоа значело крај и на студената војна. Промените во Европа (источна), падот на комунизмот предизвикале промени на Балканот и на распаѓањето на СФРЈугославија.

Иако распаѓањето на Југославија се случил во рамките на глобалниот пад на комунистичките режими, сепак најголем број аналитичари причините ги гледаат во внатрешните фактори и тоа: економскиот, меѓунационалните и меѓуетничките односи, национализмот, културните разлики и промените во меѓународната политика.

Република Македонија, со донесувањето на Декларацијата на 25 јануари 1991година ја изрази својата сувереност во согласност со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ за самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување. Избирајќи го патот на сувереноста и самостојноста во однос на југословенската федерација, единствена од нејзините поранешни членки својата независност ја стекна по мирен пат. Со донесувањето на Уставот на Република Македонија изгласан во

Собранието на 17 ноември 1991 година, Македонија за првпат ќе биде дефинирана како суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Од 90- тите години наваму, Република Македонија доживеа крупни промени во нејзиниот општествено- економски и политички систем. Се пристапи кон надминување на државносопственичкиот монопол, дојде до укинување на партискиот монопол и воведување на политички плуарализам. Во тие мерки се променуваше и историската и општествената свест при што се правеа чекори кон приближување на европските стандарди на демократијата.

Но, за разлика од другите независни поранешни југословенски републики - Словенија и Хрватска, таа многу потешко го пробиваше патот кон меѓународното признавање. Независноста на македонската држава внесе немир кај некои од соседите. Тие се обидоа да ги оспорат историјата, културата, јазикот, етносот па дури и Уставното име на Македонците.

Како резултат на таа негација Грција го воведе економското ембарго кон Македонија, со изговор дека Македонија ѝ ги користи историските права и традиции на името Македонија.

За разлика од своите соседи во целиот период од осамостојувањето, Република Македонија во контуинитет одржува и развива добри односи со сите земји од поранешна Југославија и со сите свои соседи.

Република Македонија, релативно мала земја во развој, без излез на море, е упатена на отвореност, соработка и поврзаност со соседните земји. Стабилноста и проспиритетот на Република Македонија како крстосница во Југоистична Европа се од големо значење за Европа.

За Република Македонија основен стратешки интерес и приоритет е нејзиното интегрирање во Европската унија. Од самото осамостојување Република Македонија како главен приоритет си го постави стратешкиот интерес – интеграција во Европската унија, и оваа цел никогаш не била доведена во прашање.

Република Македонија се соочуваше со големи предизвици со самиот почеток на процесот на меѓународното признавање, условено со употребата на референцата на

името на државата. Наметнатиот спор од страна на Грција и покрај тоа што Бадентеровата комисија оцени дека Македонија ги исполнува сите услови пропишани за признавање на Република Македонија.

Со слабата и истоштена економија, со мултилатерална и унитералната блокада на македонските граници, Република Македонија се соочи со енормниот товар од бегалскиот егзодус на Албанците од Косово во 1990 година, кога прими над 350 000 бегалци, разрешување на внатрешните меѓуетничките односи. Основна цел на интегрирањето на Република Македонија била развојот на демократскиот политички систем и унапредувањето на пазарната економија, забрзувањето на социјалниот и економскиот развој, зајакнувањето и продлабочувањето на соработката со земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членството, интегрирање во европскиот систем на заедничка надворешна и безбедносна политика, консолидирање на македонската позиција на меѓународен план и промоција на македонскиот меѓународен идентитет како мироѕубива земја, целосно и безрезервно орентирана кон интегрираните процеси.

Во 2001 година Република Македонија ќе се соочи со вооружен конфликт кој што траеше седум месеци и се водеше на територијата на Македонија.

Вооружениот конфликт беше прекинат со потпишувањето на Рамковниот договор во Скопје на 13 август 2001година. Овој договор беше потпишан под притисок на меѓународниот фактор кој што ја условуваше Република Македонија дека еден од условите за нејзиниот влез во Европската Унија е и потпишувањето на овој Договор со што дојде и до промени на Уставот на Република Македонија од 1991 година.

Интегрирањето на Република Македонија во меѓународните институции е процес со кој паралелно се одвиваат големи реформи во економскиот и политичкиот систем. Македонија со процесот на реформите си го обезбедува патот кон Европската унија,односно евроинтегрирањето кое ќе и овозможи пристапување кон демократскиот поредок и големиот европски пазар.

Во сферата на надворешната политика Република Македонија јасно ја искажа својата политичка определба, влез во НАТО, и следната цел на Македонија е отпочнување на преговори за прием во НАТО .

Со зачленувањето во НАТО алијансата, граѓаните во Република Македонија ќе бидат побезбедни затоа што оваа алијанса на сите свои членови безусловно и безрезервно им ја гарантира безбедноста. Патот кон Европската унија не е само за економскиот и политичкиот напредок на државата туку пред се и поради фактот што Република Македонија е целосен и неделив дел од Европа и историски и географски, па поради тоа и неминивно е да стане и дел од Европската унија.

# ГЛАВА I

## 1. Падот на комунизмот во Европа и промените во земјите на Источна Европа

Промените кои се случиле кон крајот на 80-те години на 20 век во Европа, ќе придонесат до повоено поместување на геостратешкиот биланс.

Со доаѓањето на Михаил Горбачов на чело на СССР, во Европа ќе дојде до општествено политички промени. Западна Европа ќе го зајакне процесот на интеграција, додека во Источна Европа ќе дојде до дезинтеграција, овој процес ќе овозможи секоја од државите да се движи по сопствен пат, а со тоа и економскиот притисок на СССР ќе се намали, од сојузот на државите.

Овие процеси биле поткрепени и со изјавата на Горбачов во ООН во 1989 година, Горбачов ветил дека на Источно - европските држави ќе им дозволи сами да избираат пат кон иднината со изјавата: „Слободата на изборот се универзалните принципи “ [1] Ова било поткрепено и со изјавата: „Мораме да го надополниме изгубеното време, а тоа бара брзо темпо на променит“ [2]

Џорџ Буш сметал дека 1989 година ќе биде запаметена како година „кога човечкиот дух се издигнал и бил поттикнат со храбри и горди дела на двата големи народи во Полска и Унгарија”[3]. Сите овие случувања ќе предизвикаат промени во земјите на Источна Европа, особено тоа доаѓа до израз во двете Германии.

Создавањето на двете Германии е одлука на антихитлеровата коалиција на конференцијата во Потсдам, Германија да не стане јака и силна, за да не предизвика нова војна.

Германија во Потсдам била поделена на четири окупациони зони (американска, британска, француска и советска), кои биле под команда на големите сили, бил избран и Совет со седиште во Берлин.

Целта на Советот била да се укине нацизмот и да се создадат услови за демократско уредување. Во Советот преставниците на американскиот, францускиот и

---

[1]Врло нову децениу. –Newsweek.(Цитирано според: НИН бр. 20359 ( 31 декември 1989 година), 64.

[2] -Ibidem

[3]Радио слободна Европа 1989, 20 ( Според: Иван Беренд, Централна и Источна Европа( 1944- 1993). Подгорица, 2001, 323-324.

британскиот дел се определиле за изградба на капитализам, додека советскиот дел за социјализам.

Во Германија, Советскиот Сојуз извршил „револуција одозгора'' без изјаснување на народот го промениле општествено - политичкиот систем.

Западните сојузници вложувале големи средства за обновување на стопанството, бидејќи според мислењето на Американците, Германија би можела да има голема улога во одбрана на Европа со почетокот на студената војна меѓу СССР и САД. На Постдамската конференција било решено поделбата на Германија да биде за одредено време. Но, Советите го одбиле тоа, што од Запад било оценето дека имаат намера да воведат комунизам во цела Германија.[4] По војната во Европа биле создадени две германски држави со различни општествени уредувања, Западна или Сојузна Република Германија со капиталистичко и Источна или Демократска Република Германија со сцијалистичко уредување.[5] Во Германија во 1948 година се судриле интересите на двете големи сили САД и СССР, а тоа било предуслов за создавање на Берлинска криза која можела да прерасне во нова војна.

Во Берлин, на 13 август 1961 година почнала да се гради, како што рекол Улбрихт, антифашистичка заштитна бариера - Берлинскиот ѕид. Оваа бариера траела цели 28 години до 1989 година.

Сите овие политички збидувања ќе доживеат колуминација во текот на 1989 година, која ќе биде манифестирана преку демострации, кои во месец октомври ќе се интезивираат. Демострациите ќе придонесат за падот на владата во Источна Германија. Гинтер Швабовски, партискиот шеф на Источен Берлин го дал првиот сигнал за падот на ѕидот, кога на една прес-конференција на прашањето на новинарите, кога ќе се пушти ѕидот, тој одговорил:

„Токму сега''[6] По овие зборови комунизмот тргнал кон својот последен пат во историјата[7]. На 9 ноември 1989 година во 23 часот граѓаните на Берлин се упатиле кон ѕидот да го рушат, а насекаде се слушало „Ѕидот е паднат''.

Затоа историчарите велат дека 1989 година е година кога комунизмот паднал заедно со „железното перде". Целиот свет ги следеше настаните во Берлин и никој не можеше да го запре обединувањето на двете Германии.

---

[4] Маргарита Пешевска, Светот во транзиција, Менора, Скопје, 2002година, стр 79;

[5]Ibidem

[6] Маргарита Пешевска, Op.cit, 81;

[7]ibidem

## 2. Крајот на студената војна

На 3 октомври 1990 година била обединета Германија. Сите овие случување на историската сцена во Европа имаат влијание на глобалните случувања во целиот свет, дошло до распад на државниот социојализам во Источна Европа и СССР. Во Германија процесот на транзиција се движел бавно, по еуфоријата после 9 ноември, уште поголема тежина добивале зборовите на западногерманскиот градоначалник Момпер, дека „Берлин и понатаму е поделен, само што луѓето не се разделени со ѕид.''[8]

Процесот на демократизација во истата година 1989 година ќе се почувствува и во Чехословачка. Носител на идејата било движењето за човекови права наречено „Повелба 77.'' Во движењето било истакнато дека се сакало да се води конструктивен дијалог со властите за промена во државата. Овој демократски процес бил потпомогнат од Михаил Горбачов.

Претседателот Густав Хусак од претседателската функција се повлекол во декември 1989 година, а тоа значело крај на комунизмот во Чехословачка.

За претседател бил избран Вацлав Хавал[9], кој станал метафора за транзицијата на Источна Европа. Процесот на одвојување на Словачка од Чешка започнал во 1990 година и тоа по мирен начин, со што се формирале две држави, Чешка и Словачка.

Полска на Конференцијата во Јалта, подпаднала во советска сфера на влијание. Во 70-те години Полска доживеела полет во времето на владеењето на некогашниот рудар и партиски шеф во Катовице, Едвард Гјерек.

Кај Едвард Гјерек се чувствувало влијание од Запад, бидејќи работел во Франција и Белгија и сакал да воведе промена во начинот на живеењето на Полјаците, по што дозволил послободно да се патува на Запад.

Во 80-те години, Едвард Грејк бил сменет од власт, поради немирите од штрајкувачите.

Бил формиран штрајкувачкиот одбор на чело со Лех Валенса [10].

---

[8]Ibidem, 84.

[9]Хавел потекнувал од богато семејство, кој многу млад почнал да се занимава со писателска дејност. Уште од 1968 година се залагал за повеќе партиски живот. Тој во своите дела ги напаѓал властите, па затоа бил неколку пати затворан. Тој се залагал за мирен отпор за промени во власта. Хвел е еден од подготвувачите на „Повелбата77“, исто помагал таа да се дистрибуира, па бил затворен. Властите го обвиниле дека во своите дела им се потсмева за нивниот бирократски живот.

[10]Валенса бил електричар по професија. По завршувањето на основното образование тој почнал да учи занает, па се вработил во пристаништето Гдањск. Валенса бил многу религиозен. Кога одржал говор

На 17 ноември 1980 година во хотелот „Морски'' во Гдањск, бил формиран синдикатот „Солидарност'' на чело со Лех Валенса.

Промените во Полска почнале во 1989 година, кога почнале да ја потресуваат нови штрајкови, па генералот Јерузелски морал да преговара со Лех Валенса, во тие преговори постигната е согласност за распишување на слободни парламентарни избори. Во 1990 година за претседател на Полска бил избран Лех Валенса.

Во секој случај на крајот на Студената војна, светот и Европа повторно дојдоа до пресвртна точка, прекинувајќи ја претходната логика на идеолошки, политички, економски, воени антагонизми, и понудија нова можност да се зголемат нови квалитетни односи помеѓу државите, исто така и во безбедносната сфера, т.е. врз основа на признавањето на меѓузависноста, заедничките интереси и придобивки[11]

---

пред пристаништетото работниците во Гдањск, биле истерани од работа. Тој, во 1980 година го формирал синдикатот „Солидарност“ и застанал на чело на полскиот народ кој се борел за слободана и независна Полска. По рушењето на социјализмот тој станал претседател на Полска.

[11]М. Митревска, А. Гризолд, В. Бучковски, Е. Ванис- СВ. Џон, Превенција и менаџирање на конфликти, Бомат графикс, Скопје, 2009. Стр. 49-50.

# 3.Распаѓањето на СФРЈугославија

## 1.3.1 Општествената и политичката положба на СФРЈугославија

Со распаѓање на Варшавскиот договор (1991) и блоковската поделба на светот, на Балканот доаѓа до повторна промена на политичката карта. Дезинтеграцијата на СФРЈугославија овозможува на Балканот да се создадат пет нови држави, кои својот суверенитет, генерално преку воени судири, го пренесоа на новосоздадените држави или поинаку речено, со се подлабоката економска, политичка и општествена криза во која завлегуваше СФРЈугославија.

Последната фаза на политичката историја на СФРЈугославија ја потврди тезата на Адам Михник дека национализмот е највисок стадиум на комунизмот[12]. Во крајот на осумдесетите и во текот на деведесеттите години настануваат крупни промени како политички така и економски кои што ќе го најават крајот на државата СФРЈугославија.

Денес кога после неколку децениско постоење на таа држава, анализирајќи го нејзиното создавање, можеме да констатираме дека таа беше создадена врз темелите на длабоки економски разлики на подрачјата кои влегуваа во нејзината територијална рамка, во неа беа испреплетени различни историски и верски традиции на народите кои беа вклучени во СФРЈугославија. По прогласувањето на ФНРЈ на 29 ноември 1945[13], формирање на влада и донесување на првиот Устав од 1946 започнува повоената изградба на државата. По воениот развој на федерацијата всушност значеше трансформација на приватната државна сопственост во општествена, воведување на работничкото самоуправување како форма на социјалистичкиот систем.

Периодот на развитокот на југословенското општество некои историчари го делат на три периоди и тоа:

-1945-1953 како административен -централистички период;

-1953-1971 период на стабилен самоуправен социјализам;

-1971-1991 период на либерален делегатски систем и договорна економија[14].

---

[12]Ibidem, 85.

[13]Виолета Ачковска, Македонија во Југословенската федерација од 29 ноември 1943- 8 септември 1991. Скопје 2001, 43.

[14]Новица Вељановски, Остапување од решенијата на АСНОМ и централизацијата на Југословенската федерација- Според: Македонците и Словенците во Југославија, Скопје- Љубљана 1999, 73- 74.

Првиот период од 1945 до 1953 [15] се карактеризираше со државно централистичко раководење на државата, се спроведе национализација и донесен првиот Петогодишен план. Периодот од 1953 до 1970 многу историчари го означуваат како период на самоуправен социјализам во кој се водеше битка за стабилизирање на самоуправувањето. Тоа е период на создавање на комуналниот систем, и целосно започнува да функционира од септември 1955.[16]

Како резултат на пропаѓањето на стопанската реформа од 1965 година, дошло до првото манифистирање на меѓунационални проблеми во Федерацијата.

Нерамномерниот развој, заостанувањето на некои делови од земјата, создаваа незадоволство и услови за сериозни политички проблеми.

Третиот период започнува со еден крупен чекор преземен од страна на Јосип Броз Тито, а тоа е воведување на Претседателство на СФРЈугославија во летото 1971, со цел да се обезбеди полесно функционирање на Федерацијата по неговата смрт.

Членовите на претседателството беа предлагани од републиките и покраините.

Проблемите во меѓуетничките односи, економски и други проблеми ќе биде повод да се започне со уставните промени, кои ќе доведат до донесување на Уставот од 1974 година. Донесувањето на новиот устав, Тито го оцени како голем испит и историска одговорност пред работничката класа и социјализмот.

Со Уставот од 1974 година му беше обезбедена доживотна функција пртседател на СФРЈугославија.Со уставот била воспоставена институцијата Претседателство на СФРЈугославија.Неговиот состав го сочинувале по еден претставник на секоја република (Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Словенија) и по еден претставник од двете автономни покраини Војводина и Косово).

Претседателството претставувало колективен шеф на државата и врховен командант на вооружените сили.

По систем на ротација од секоја република и автономна покраина се менувале претседателите на претседателството на СФРЈугославија, а нивниот мандат траел една година. По смртта на Јосип Броз Тито во 1980 година, Претседателството на СФРЈугославија го преземало раководството на државата.

Од 1980 година претседателите на претседателството на СФРЈугославија, почнувајќи со Лазар Колишевски, па се до изборот на хрватскиот претседател немало криза. Во голема криза Претседателството на СФРЈугославија дошло по завршувањето на мандатот на Боривое Јовиќ (15 мај 1991 година) кога на интерното гласање во Претседателството, Стјепан Месиќ не добил доволно мнозинство на гласовите, иако според уставниот принцип на ротација, претставникот на Хрватска требало да биде претседател на Претседателството. Со тоа било отворена длабока уставна и политичка

[15] Ibidem, 74-78.

[16] Ibidem, 81

криза која подоцна под притисок на Европската заедница, односно во присуство на тричлена делегација на Европската заедница, Претседателството на СФРЈугославија, на 1 јули 1991 година, го избрала Стјепан Месиќ, на должност претседател на Претседателството на СФРЈугославија. Заострувањето на кризата и дезинтеграција на СФР Југославија, влијаело и за дезинтеграцијата на Претседателството на СФР Југославија, од каде што постепено, овој највисок орган, го напуштиле претставниците на другите републики, освен на Србија, Црна Гора и двете автономии. Претседателството на СФРЈугославија продолжило да постои како т.н. „скратено Претседателство" кое функционирало до 27 април 1992 година, до прогласувањето на СФР Југославија.

## 1.3.2 Општествено - политички причини за распаѓањето на СФРЈугославија

Во текот на 80-тите години дошло до заострување на политичките и економските односи и организацијата на Федерацијата била изложена на големи критики. Функцијата на Федерацијата била сведена на институција за усогласување на интересите и потполна зависност на центарот од републиките и покраините.

Сериозните проблеми најпрво почнале да се гледат во функционирањето и развојот на опшествено политичкиот систем.

Постојано биле водени расправи за народите, за нивната положба во политичкиот систем и улогата во социјалистичкото самоуправување.

При овие расправи многу често се случувало да има многу спротивни гледишта, кои се однесувале од негирање на нации, до тврдење дека работничката класа има белег на нација, од концепцијата за југословенската нација, како последица од развојот на социјалистичката унитарна држава, до признавање на статусот за нација само на српската, хрватската и словенската популација.

Сериозните проблеми најпрво почнале да се гледат во функционирањето и развојот на општествено политичкиот систем.

Тоа ќе дојде како причина за неизвршување на сојузните закони од страна на републичките органи, ако за тоа тие немаат интерес.[17]

Првите предлози за промена на уставот дошле од научните и јавните работници од областа на општествените науки. Постојано се дискутирало и расправало за положбата на народите во политичкиот систем и улогата на социјалистичкото самоуправување. Желбата за промена на Уставот од 1974 година, не се криела во Србија, Црна Гора и Македонија на што категорично биле против Словенија и

[17] Јелена Гускова, Историја Југословенске кризе, (1990 – 2000), Београд, 2003, стр. 86, 87.

Хрватска. Првите предлози за промена на Уставот дошле од научните и работници од општествените науки.

Било нагласувано дека Федерацијата не треба да се гледа како гарант на републиките, туку односите треба да се базираат на взаемни права, обврски и одговорност. Наместо демократска трансформација, почнала да се шири идејата за национална еманципација. Од средината на осумдесеттите години почнале да се заоструваат социјално-економските проблеми, меѓунационалните односи и зајакнување на самостојноста на републиките.

Републичкото раководство, националните проблеми ги користи за политички цели преку манипулирање на јавното мислење и средствата за информирање. Единствено решение на сојузното раководство за зајакнување на државата беше јакнење на централната власт на федерацијата во економски, правен и територијален поглед.За остварување на ова цел биле предложени и усвоени измени во уставот, со кои јакнела централната власт за сметка на републиките и покраините. Ова ќе предизвика големо негодување кај републичките власти, кое ќе биде искажувано преку образложението дека тоа не е начинот да се излезе од економската и политичката криза. Со новите измени во Уставот од 25 ноември 1988 година на сојузната влада и било дадено право, да во случај на неизвршување на сојузните закони, да се меша во активностите на републиките и покраините. Бил зацртан единствен финансиски, кредитен, поразен и девизен систем.

На крајот на 1990 година, ЦИА примила извештај,[18] во кој било проценето распаѓањето на СФР Југославија и крајот на југословенската федерација, бидејќи немало политичка волја за нејзиното постоење и била предвидена граѓанската војна. Помеѓу Словенија, Србија и Хрватска историски постои меѓусебно нетрпение од верска и културна природа, национална гордост и локална економска надмоќ и аспирација. Сите овие причини воделе кон распаѓањето на СФРЈугославија.

Затоа можеме како најзначајни причини кои го предизвикале распаѓањето на СФРЈугославија да ги наведеме: економската криза, национализмот, културните разлики, меѓунационалните, меѓуетничките односи, промената во меѓународната политика, иделошките фактори.

Сите овие наведени причини треба внимателно да се анализират во целина, бидејќи сите тие имат своја историја и не настанале одеднаш.

Затоа не треба да се сконцетрираме само на една причина, туку треба сите во целина да ги разгледаме и анализираме.

---

[18] ”Natsional Commnisam” to National Collapse, Us Intelligence Community Estimative Products on Jugoslavia, 1948-1990.NIS National intelligenceCounlil, 15-90, 18.10.1990,http”//dni.gov/nic/NIC_foia_jugoslavia.html

## 1.3.3 Идеолошки причини

Комунистите кои ја создадоа СФРЈугославија, самите престанале да веруваат во **неа,** почнувајќи уште во 50-тите години на XX век. Најголема одговорност за тоа има политичката елита која не можела да пронајде решение за конституирање и создавање на идентитет на идеологијата.

- Распаѓањето на СКЈ на XIV- от Конгрес и неговото влијание за почетокот на кризата во институциите на власта.

Распаѓањето на СКЈ на XIV - от вонреден конгрес ќе биде судбоносен испит за иднината на федерацијата. Конгресот ќе биде оддржан предвремено поради вкупните неповолни движења во СКЈ и југословенското општество во целина. Конгресот ќе биде одржан под мотото - демократски социјализам и Југославија, а пред делегатите ќе бидат поставени крупните прашања за преобразба, за дефинирање на погледите на СКЈ на општествените реформи и социјализмот во Југославија.

Врз основа на партиските заклучоци се констатира дека јазот меѓу републиките пораснал, (посебно се однесува на односот помеѓу Словенија и Србија) до таа мера што дошло до расправа со која химна да биде отворен XIV- от вонреден конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија: со Интернационалата, со националната химна, „Еј, Словени'' или со популарната песна „ Југославија''. Сите несогласувања, недоразбирања кои се таложеле помеѓу Словенија и Србија, колуминација ќе доживеат на овој конгрес, со конечно раскинување на нивните меѓусебни односи. [19]

На Србија и Слободан Милошевиќ им беше јасна идејата на Словенците, да ја наметнат идејата за нова Југославија по нивен терк. Словенечката делегација ќе го застапува предлогот за функционирање на СКЈ, како сојуз на самостојни Републички организации кој што под ниту еден услов нема да биде прифатливи за Милошевиќ, од причина што според него тоа би значело распад на СКЈ.[20]

За време на конгресот сите предложени амадмани од страна на словенците ќе бидат одбиени и тоа ќе биде повод словенците да го напуштат конгресот а после нив си заминале и Хрватите во знак на поддршка на Словенците.

Така конгресот наместо со интеграција ќе заврши со дезентригација на Сојузот на комунистите на Југославија и овој ќе биде последниот конгрес на кој ќе учествуваат делегатите од сите шест републики. По прекинот на конгресот, постоел вистински страв дека ова е почеток на крајот за функционирање на Југославија.

---

[19]Борисав Јовиќ, Оп. цит., стр.92 - 93.

[20] Конгресот оди во ќорсокак. Нова М акедонија (Скопје) XLVI/ /15443(22јануари 1990), стр. 5..

## 1.3.4. Економски причини

Политичките несогласувања, кои се појавиле во Федерацијата, ќе ја доведат сојузната влада во состојба да ги запостави економските проблеми кои сè повеќе растеле во федерацијата. Поради брзиот развој на државната-бирократска власт, која ќе го потпомага распаѓањето на стопанството, кое не било еднакво развиено во државата. Поради нееднаквоста во развојот во државата, ќе се појават политички и економски разлики кои ќе дојдат до израз во средината на 80 години на XX век и ќе траат сè до нејзиното распаѓање. Поради економските кризи, Србија била постојано во судир со Словенија и Хрватска околу економската помош за Косово и Македонија.

Како во Хрватска и Словенија така и во Србија се расправало за нејзината позиција и улогата во Федерацијата. Особено незадоволство било искажувано поради економското заостанување на голем број српски општини. Дури економистите предлагале Србија да биде ставена во редот на недоволно развиени републики, да биде во краен случај, ослободена од матерјалното помагање на Босна и Херцеговина, Македонија и Црна Гора.

Како последица на економската криза, Југославија многу се задолжувала, а со тоа ја загрозила внатрешната стабилност и независноста на земјата во меѓународната политика. Целата помош од странство во периодот 1994 -1996 година пресметано по курсот на доларот од 1986 година, чинела колку половината од југословенскиот извоз[21]. Некои современици економисти сметаат дека ни ММФ, ниту економската криза не ја распаднале Југославија, туку овозможиле економска нестабилност која водела кон политичка криза во државата. Во периодот на 70 години на 20 век државата ја зафатила стопанска и општествена криза која дошла до израз во 80 години на XX век.

Во јануари 1989 година на чело на сојузната влада се наоѓал Анте Марковиќ[22].

Тој ќе се обиде преку низи реформи да изнајде решение за излез од катастрофалната економска состојба, а со тоа да се одвлече вниманието кон овој проблем и да се заборават етничките разлики.

Пакетот на антиифлациски мерки, предложен во декември 1989 година, вклучувал деноминација на динарот, врзување на курсот на динарот со германската

---

[21] Ibidem,111

[22] Анте Марковиќ е роден 1924 година во Коњица, Хрватска. По националност е хрват. Дипломирал во 1945година на Електротехничкиот факултет на Универзитетот во Загреб , учесник во НОБ, член на СКОЈ од 1940година, а на КПЈ односно СКОЈ од 1943година. Од 1982година до 1986година е претседател на Извршниот совет на Собранието на СРХрватска, а во мај 1986година и 1987година е избран за претесдател на Претседателството на СРХрватска. На XIII Конгрес на СКЈ е избран за член на ЦК на СКЈ, а во март 1989година е избран за Претседател на Сојузната извршна власт..

марка  во однос 7 спрема 1, зголемување на девизните резерви, со што требало да се дојде до запирање на инфлацијата.

Според мислењето на Анте Марковиќ, Југославија можела да биде зачувана преку нејзиното извлекување од економската бездна во која тонела, а програмата која тој ја нудел, тврдел дека ќе биде успешна. Само се барало одговор на прашањето дали постои волја да се зачува заедништвото, односно федерацијата. Улогата на Анте Марковиќ во различни републики била различно толкувана. На пример во Србија тој бил обвинет за шпионажа во корист на американците и за антисрпска активност во корист на Хрватска.

Заради комплицирање на политичката состојба Марковиќ бил принуден во ноември 1991година да поднесе оставка на местото сојузен премиер.

Затоа за распаѓањето на Југославија  може да се рече дека  можеби економските причини и не се најважниот фактор, бидејќи во периодот на распаѓањето, Југославија била на излезот на економската криза.

Истовремено со економските реформи, била започната реформата во политичкиот систем, поради отстранување на сите пречки кои му стоеле на патот на процесот на демократизација на земјата.

## 1.3.5.Национализамот- како причина

Ако патриотизмот претставува љубов спрема татковината и сопствениот народ, што е возвишено чуство на човекот, национализмот се изразува најчесто како омраза спрема други народи.[23] Дали беше развиен национализам во СФРЈугославија меѓу народите и националните малцинства?

Според научниците национализмот во ист степен бил присутен во сите републики од самото создавање на СФР Југославија. Кон крајот на осумдесетите години, јазот меѓу југословенските републики сè повеќе доаѓал до израз, сè тежнеело кон ширење на демократски процеси во републиките со крајна цел на уништување на еднопартискиот систем и воведување на повеќепартиски систем.

Расправата меѓу југословенските научници и членовите на комунистичката партија главно се однесувала на проблемот со национализмот. Според мислењето на научниците, национализмот во ист степен бил присутен во сите републики. Уште во 1987 година една група интелектуалци, собрани околу списанието „Нова ревија,''[24] објавиле предлог како словенечка национална програма, која содржи барања за политички плурализам, демократија, пазарна трансформација во економијата и државната независност. Овие барања предизвикале масовни протести и осуда во цела СФРЈугославија. Во мај 1989 година словенечката опозиција, ја донела така наречената Мајска декларација. Декларацијата се однесувала за заштита на суверената држава на словенечкиот народ, и било наведено дека отсега тој самостојно ќе решава за односите со јужнословенските и другите народи во склоп на Обновената Европа[25]. Во исто време во Хрватска се настојувало преку сите средства за јавно информирање, републиките да се претставаат како жртви во југословенската федерација, и тоа, како таа се наоѓа во многу неповолна положба за разлика од другите републики, како Србија доминира во Југославија и ги остварува своите интереси на штета на Хрватска.

Сите оние кои биле „вистински'' Хрвати ги обединувала идејата за единствена и слободна Хрватска за Хрватите. На еден научен собир во 1986 година било истакното дека во основа на хреватскиот национализам лежат две барања : Хрватска мора да излезе од Југославија и да стане независна држава; независна Хрватска мора да бида

---

[23]Трајче Грујовски,-РаспадотнаСФРЈ. Стр. 187

[24] Оваагрупанаинтелектуалцикоибилесобраниоколусписанието ,, Новаревија'' воглавнобилеантикомунистичкинастроенилибералиикатолици.

[25] Б.Јеж, Белата книга о распаду Југославије ( превод од англиски), Београд : ,,Култура'', 1990, стр.58.

етничка чиста.[26] Национализмот кој се појавил во Хрватска особено бил агресивен кон Србија и србите кои живееле во Хрватска.

Како во Хрватска и Словенија така и во Србија пред почетокот на кризата се расправало за нејзината позиција и улога во Федерацијата. Во крајот на осумдесетите години Србија ќе биде зафатена со бран на патриотизам кој ќе биде предизвикан од нередите на Косово.

При посетата на Косово во април 1987 година, на голем народен собир на Косово Поле, Слободан Милошевиќ изјавил како Србија нема да дозволи навредување на Србите и како Србите на Косово никој не смее да ги убива.

Национализмот кој се појавил на Косово во осумдесетите години ќе започне сè повеќе јавно да се манифестира, а барањето за стекнување на статус на република на ова покраина ќе биде се повеќе јавно манифестирано. Ова ќе биде проследено со масовно иселување на србите од Косово. Сето ова ќе предизвика реакција кај политичките власти, која ќе биде изразена преку воведување на вонредна состојба, зајакнување на политичките сили, патролирање на јавните места и апсење на раководителите на движењето кое се појавило во покраината. Претседателот на Словенија, Милан Кучан јавно ја кажал мислата: „На Косово се решава судбината на Југославија'' [27], со која сакал да ја најави судбината на СФРЈугославија

За разлика од другите републики воспоставувањето на повеќепартискиот систем во Босна и Херцеговина, било поспецифично поради тоа што таа била република со повеќенационален состав на населението. Таа беше вистинска слика на она како требаше и беше замислено да се гради југословенското општество. Овде до крајот на осумдесетите се градеше мултиетничко општество. Иако политичката реакција била побавна во однос на другите делови на Југославија, и овде ќе почнат да се создаваат политички партии по етнички основа. Исто така имало политичко несогласување, но тука ситуацијата е посложена затоа што тука се испреплетени три национализми: српски, хрватски и муслимански, кои ќе бидат поттик за националните несогласувања.

Пред изборите, како најмоќни се трите национални партии: СДА која била муслиманска, ХДЗ БиХ, и СДС БиХ. Оваа разделеност кај политичката елита по национална основа, негативно ќе се одрази врз целата популација за опстанокот на републиката.

Во Македонија во крајот на осумдесетите години почнале де се пројавуваат гласовите за „историската цел'' на Македонците.

---

[26] Сојузот на комунистите во борба против антисоцијалистичките дејствување и антикомунистичката идеологија, Београд 1986, стр.98.

[27]Трајче Грујовски,- Op.cit, 216.

Било истакнато барањето за обединување на сите делови на Македонија, односно да се исправи неправдата која му била нанесена на македонскиот народ во 1913 година, со Балканските војни, кога била поделена помеѓу соседите. Во составот на федерацијата во Македонија никогаш не се тежнеело да се зголеми нејзината улога, или да се воздигнат себеси, во однос на другите. Околу проблемите кои настанувале поради национализмот, и за меѓунационалните односи во минатото во Македонија многу малку се дискутирало и пишувало, односно таа тема постојано била одбегнувана. Но, неповолните демографски процеси [28] укажувале на можно заострување на меѓунационалните односи во догледна иднина. Токму поради тоа, според мислењето на научниците, „македонскиот национализам'' се појавил само поради односот на Албанците кои живееле во Македонија, односно како реакција на албанскиот национализам.

-Многу интересен е пристапот на СК Југославија, кон разгледување на национализмот кој бил постојана појава во Југославија.

СКЈ угославија сите народи ги обвинувала за национализам, како не би се навределе оние кои биле изоставени. Хрватите, Србите, Македонците и Албанците биле обвинувани за тежнеење кон создавање на голема Хрватска, голема Србија, голема Македонија и голема Албанија.

Комунистичкото раководство готово да и не правело разлика помеѓу она што значи патриотизам и агресивен национализам. Така и се премолчува фактот дека Словенија и Хрватска тежнеат кон оделување од Федерацијата, и тоа дека Хрватска скоро ништо не може да ја спречи на патот кон создавањето на етнички чиста држава , додека „српскиот национализам'' бил спремен дури и на некои отстапки заради зачувувања на Федерацијата и идејата за југословенството.

Политичките процеси на раздвојување, потикнати од некои политички елити, биле присутни меѓу народот и ја подгревале поделбата и распадот на федерацијата.

Сите овие несогласувања и недоразбирања кои се таложеле во изминатите години помеѓу Словенија и Србија својата колуминација ќе ја доживејат и ќе исплива на виделина со конечното раскинување на нивните меѓусебни односи на XIV-от вонреден конгрес на Сојузот на комунистите најавен како „Конгрес на спасот'' кој ќе започне на 20 јануари 1990година[29]. Дотогаш провалијата меѓу србите на една страна и Хрватска на друга страна, изгледало дека е непремостлив. Расколот на СКЈ не е и

---

[28] Се мисли на забразаниот пораст на албанското население, зголемувањето на Циганите, Турците и Македонските муслимани.

[29] Ричард Џ. Крептон, Op.cit. str.340.

распад на Југославија.[30] Републиките веќе имаа објавено повик за слободни избори закажани за напролет.[31]

По прекинот на Конгресот во односите меѓу републиките, а посебно меѓу Србија од една страна и Словенија и Хрватска од друга страна, ќе настане вистинска конфузија и неизвесност за случувањата, кои требало да следат, но сепак, еден настан не би можел да ја предодреди иднината, тој би можел да биде само дел од вкупните односи и случувања, кои за жал биле злокобни.[32]

Затоа можеме да заклучиме дека национализмот не го растурил социјализмот во Југославија, туку се појави како алтарнатива на социјализмот во моментот кога тој е во фаза на рушење од внатре.

Националното прашање било поставено пред политичкото, т.е пред државното прашање, социјализмот е срушен од внатре со сопствената идеологија која заговарала одумирање на државата.

Затоа велиме дека од сите наведни причини секој на свој начин допринеле за распаѓањето на СФРЈугославија, кои биле потпомогнати од политичката елита која не сакала да опстане како таква СФРЈугославија, затоа ќе го искористат национализмот за осамостојување на републиките и нивна независност и самостојност .

[30] Нова Македонија, Скопје XIVI/I15446, 25 јануари 1990, стр.1-3.

[31] Изборите ќе бидат закажани за месец април 1990.

[32] Расколот на СКЈ не е и распад на Југославија, Нова Македонија, (СкопјеXLVI/I15446(25јануари1990),стр.1-3.)

## 1.3.6. Улогата на меѓународниот фактор во распадот на СФРЈугославија

Како една од причините за распаѓањето на СФРЈугославија била тоа што во борбата за зачувувањето на Југосалвија, немало единство во целото Претседателство.

На 27 април 1990 година Добрица Ќосиќ[33] ќе зборува пред американскиот Конгрес и покрај останатото ќе рече: „ Ако се сака опстанок на Југославија и нејзината демократска преобразба, ако се сака да се спречи граѓанската војна, ако се сака мир на Балканот, а не негова државно-политичка декомпозиција која е опасна за Европа, а кон што тежнеат силните интернационални фактори на идеолошката и религиска провениенција - неопходно е да бидат надминати идеолошките убедувања, да се престане со деградирање на српскиот народ и оптужувањето............'' [34] Пропагандата на националистичката еуфорија многу настојуваше дека светот (посебно Ватикан, Германија и други) се против постоењето, а за рушење на СФРЈугославија. Меѓународниот фактор „влијаеше стимулативно на распадот на СФРЈугославија.''

Словенија и Хрватска сакале да ја искористат Германија и нејзиното влијание на меѓународен план, за остварување на своите сецеонистички планови[35]

Стабилноста на меѓународните односи позитивно влијаеше на постоењето и развитокот на СФРЈугославија, и обратно, секое заострување на односите помеѓу супер силите имаше негативен одраз на состојбите во СФРЈугославија. Во таа смисла распаѓањето на социјализмот во СССР и во Источна Европа, рушењето на Берлинскиот зид, состојбата во Романија и ликвидирањето на Чаушеску, имаше такво психолошко влијание и бранувања, што и СФРЈугославија мораше да го напушти социјализмот и да се распадне[36]. Во религиозните земји националистите секогаш настојувале да ги подигнат чуствата на верниците. Ватикан активно ги поддржувал Хрватска и Словенија и заземал непомирлив став спрема православна Србија.

Настапите на римскиот папа Јован Павле Втори во Хрватска многу често биле разбрани како повик за пресметка со православното население. Религиозноста во традиционалните католички подрачја била многу поголема, отколку во традиоционално православните. Во Словенија и Хрватска на пример во 1982 година

---

[33] Добрица Ќосиќ, истакнат српски книжевник и академик еден од авторите на Меморандумот на Српската Академија на науката и уметноста од 1986година, Тој тврдел дека Истра, Задар и јадранските острови треба да и припаднат на друга југословенска република.

[34] Борисав Јович. Op.cit.143.

[35] Ibidem, 143/4.

[36] Трајче Груевски, Распадот на СФРЈ, ИНИ, Скопје, 2003, стр.218.

третина од младината себеси се сметале за верници, додека една третина се двоумеле. Во Србија пак само 3% од младината се изјасниле како верници. Влијанието на Ватикан било многу разнолико, стрпливо се подготвувало на долги патеки и ефикасно изведувано, и потполно синхронизирано со сите надворешни и внатрешни фактори за растурање на Југославија. Постојано било лансирана идејата дека католичката е посупериорна од православната религија, и било истакнувано дека овие две религии не можат да коегзистираат во една држава, затоа што католичката му припаѓа на развиениот цивилизациски свет, а православната на дивјачкиот исток.[37]

Многу повеќе од очигледно било дека католичката црква активно го подржувала политичките процеси, матерјално ја подржувала изборната кампања во Хрватска и создавање на сопствена хрватска војска.[38]

Во низа југословенски верски заедници верата била одлучувачки фактор, секоја затегнатост во верската сфера лесно прераснувала во етничка затегнатост, токму заради тоа и верата попримила националистичка боја.

Верската нетоleранција имала застрашувачка моќ во разбивањето на југословенското единство на народите и националните малцинства на СФРЈугославија.

[37] Вељко Кадиевич, Моје виђење распада, Београд, 1993, стр. 33

[38]Ibidem,34.

# ГЛАВА II

# 2.Осамостојувањето на Република Македонија и внатрешните политички прилики 1991/1993

## 2.1.Политичките случувања во периодот од 1991 - 1993 година

Македонскиот народ и Република Македонија во периодот од 1991- 1993 година ја оствари вековната борба на македонскиот народ за национална слобода и социјална правда за формирање на национална и демократска држава, особено изразена во ослободителните и државнотворни востанија и борби.

Нај главните случувања во поновата историја на македонскиот народ и нивната државност можат да се поделат во три историски периоди и тоа:

- Асномски период (1944-1945);

- Период на втората, авнојска(социјалистичка) Југославија(1945-1991)е период на опстојување на Република Македонија);

- Период по 1991година односно период на развојот на суверена и независна Република Македонија.[39]

Во текот на народноослободителната борба во Втората светска војна, Македонците ја поврзаа својата борба со борбата на другите југословенски народи и народности, како резултат на правилно поставување на македонското национално прашање во текот на НОБ во Југославија. Во рамките на федерална Југославија да се конституира федерална единка Македонија како држава на Македонците. Темелот на државноста е прогласен на 2 август 1944 година на Првото заседание на АСНОМ, каде што биле поставени највисоките органи на власта. На заседанието биле донесени 9 акти од кои 7 решенија, една декларација и еден правилник за работа на АСНОМ.

Четири акти на АСНОМ имале државно, правно и уставно значење и тоа :

1. Решение со кое АСНОМ се констутуира во врховно, законадавно и извршно тело на Македонија како рамноправна федерална единица на Демократска Федеративна Југославија.

[39] Ачковска Виолета, Општествено-економскиот развој на современата македонска држава(1944-2004), Годишен зборник Филозофскиот факултет, кн.57, Скопје, 2004, 245.

2. Решение со кое се потврдуваат и одобруваат сите акции, задолженија и решенија на ГШ на Македонија и на Инацијативниот одбор[40] во периодот на Првото заседание на АСНОМ.

3. Декларација на АСНОМ за основни права на граѓаните во демократска Македонија[41]

4. Решение за заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.

На Првото заседание на АСНОМ бил избран президиум- Претседателство од 22 члена. За претседател на президиумот бил избран Методија Андонов -Ченто а за потпретседател Панко Брашнаров. На Третото заседание на АСНОМ (14-16 април 1945), АСНОМ се конституирало во Народно собрание на Македонија, а Президиумот на АСНОМ во Президиум на Народното собрание на Македонија. На ова заседание била избрана Владата на Народна Република Македонија- НРМ[42]

Современата македонска држава како држава е создадена во составот на федералната држава Југославија во 1944 година, и нејзиниот полувековен развој со јасните белези и атрибути на држава, каде македонскиот народ слободно ги развиваше своите национални цели и затоа преставува најзначајната алка во историскиот развој на борбата за македонската современадржава. Со Уставот од 1946 година на ФНРЈугославија и со Уставот на НРМакедонија било предвидено да се воведе првиот Петтогодишен план за развојот на планското стопанство.[43]

Помали промени во однос на зајакнување на позицијата на републиките во однос на централната власт се случиле со Уставот од 1963 година.

Либерализација на односите меѓу федерацијата и Републиките како федералните единици се случила со Уставот од 1974 година..

Развојот на македонското опшество до 1991 година се одликувало со многу свои специфичности, и заеднички црти во југословенскиот систем кои поради неможноста да опстане воделе кон распаѓање на југословенската федерација.

---

[40] Иницијативниот одбор ги интензивирал подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ. Својата дејност Иницијативниот одбор веднаш ја насожилк он дооформувањето и изградбата на народната власт во Македонија, како еден од условите за свикување на Првото заседание на АСНОМ.

[41] Оваа декларација има уставотворен карактер бидејќи ги нормира основните лични и политички права на граѓаните.

[42] По спроведувањето на првите сеопшти избори во ноември 1945година на 29 ноември1945годинагодина,Демократска федаративна Југославија- ДФЈ, односно Демократска Федерална Македонија –ДФМ, е прогласена за Република во Федаративна Народна Република југославија- ФНРЈ, односно Народна Република Македонија - НРМ.

[43] Виолета Ачковска, Op. cit., 258

Во процесот на распаѓањето на СФР Југославија, македонскиот народ се определил да ја оствари својата државност надвор од Федерацијата, што значи дека сите активности и на внатрешен и на надворешен план во македонската држава биле водени кон тој правец.

Со уставни амандмани кои се донесени во април 1989 година со кои Македонија се дефинирана како „Национална држава на македонскиот народ'' и граѓаните на македонскиот народ и на рамноправните со него припадници на другите народи и народности кои живеат во неа''.

Токму поради внимателноста за ненарушување на меѓунационалните односи, со особена внимателност ќе бидат прифатени амандманите на Уставот на СР Македонија, а амандманот со кој се предвидувало промена на членот 1 и можно бришење на албанската и турската народност од преамбулата, ќе биде одложен. Од 90-тите години во Македонија се создале услови за крупни измени во општествено економскиот и политичкиот систем .

Се пристапило кон воведување на пазарна економија, надминување на државно - сопственички монопол, како и укинување на партискиот монопол и воведување на политичкиот плурализам.[44]

Во 1989 година во месец ноември ќе се одржи републички Конгрес на македонските комунисти. На овој конгрес за претседател на македонските комунисти ќе биде избран Петар Гошев кој што со своите прогресивни идеи се залагаше за укинување на општествената сопственост и воведување на повеќепартиски систем во земјата. Веднаш по неговиот избор ќе бидат донесени следниве одлуки:

- Прекинување на работата на партиските организации во претпријатијата;

- Прекинување на работата на т.н. Координативно тело за кадровски прашања;

- Петар Гошев донесува одлука за укинување на полициското обезбедување на зградата ЦК на СКМ и личното обезбедување;

- Ќе биде прекинато собирањето на членарината за партијата;

Со овие одлуки всушност било најавено дека завршува монополот на СК и дека треба да бидат превземени соодветни подготовки за воведување на повеќе партиски систем.[45]

---

[44]ibidem, 259 .

[45] Петар Гошев, Op.cit. , стр. 63- 64.

За реализирање на најавените реформи во државата ќе биде формирана Комисија во чиј состав ќе бидат вклучени истакнати научни работници, интелектуалци од областа на културата и политичари.

Оваа комисија ќе има за задача да расправа за парламентарната демократија која што требало да се иституционализира во Република Македонија.

Во Собрание на СР Македонија ќе биде одржана средба на 29 август 1990 година, на која ќе се расправа за уставните амандмани и за изборниот законик.

На средбата ќе присуствуваат и претставниците на регистрираните политички партии и здруженија. Седницата ќе започне со воведното излагање на претседавачот на Комисијата за Уставни прашања и претседател на собранието на СР Македонија, Вулнет Старова. Тој, во своето излагање ќе ја изнесе до која етапа се стигнати промените на Уставот, укажувајќи дека главна цел е овозможување на понатамошните промени до конечно донесување на нов Устав, кој ќе ги регулира економско-политичките промени во Републиката, особено на планот на сопственичките односи, политичкиот плурализам, граѓанските слободи, независно судство и.т.н.[46]

Во текот на целата 1990 година во политичкиот живот ќе се чувствува политичко раздвижување со платформа што се разликува од онаа, единствено важечката на Сојузот на комунистите.

Во април 1990 година, Собранието на СРМакедонија, по една жолчна дебата, ќе го измени Законот за општествените организации и со тоа ќе овозможи формирање на политички партии и здруженија.[47]

Во текот на 1990-тата година на македонската политичка сцена започна формирањето на повеќе партискиот систем, тоа ќе биде година на политички плурализам во Македонија. Само во текот на 1990 година биле формирани повеќе политички партии и тоа :

- Народна демократска партија на Албанците со претседателот Илијаз Халими ;
- Движење за семакедонска акција - МААК основана уште на 4 февруари, на чие чело се наоѓал претседателот Гане Тодоровски[48];
- Лига за демократија со Ѓорѓи Марјановиќ;

[46] Повеќепартиска расправа за уставните амандмани. Нова Македонија ( Скопје) XLVI/15661(30 август 1990).стр. 1.

[47] Легализирање на новите партии, - Дневник ( Скопје)XLVI/15523(12април 1990), стр. 1.

[48] Катерина Блажевска. Десет години македонски плурализам.- Македонија ( 1989-1999), Скопје 2001, стр. 123.

- Социјалдемократската партија на Македонија со Славко Милосавлевски;
- Народна партија на Македонија;
- Партија за демократски просперитет ПДП со Невзат Халили
- Движењето на екологистите на Македонија ДЕМ со д-р Михаил Токарев;
- Странката на Југословените со Милан Ѓурчинов;
- Демохристијанската партија со Васил Ристевски;
- ВМРО - ДПМНЕ со Љубчо Георгиевски;
- Здружението на граѓани „Египјани'' со Намзи Арифи;
- Работничка партија со Крсте Јанковски;
- Форум за човекови права на Македонија со Томислав Чокревски;
- Сојузот на комунистите на Македонија;
- Партија за демократска преобразба со Петар Гошев;
- Социјалистичка партија на Македонија - СПМ со Киро Поповски;
- Партија за целосна еманципација на Ромите од Македонија со Фаик Абди;
- Демократскиот сојуз на Турците;
- Реформски сили - Либерална партија со Стојан Андов и други.[49]

Во текот на 1991 година се формирале:

- ВМРО- Демократска партија со Владимир Голубовски;

- Либерална партија на Македонија со Фатмир Мустафовски;

- Народна партија на Македонија го промени името во Македонска народна партија, итн.[50]

Летото 1990 година, тогашниот извршен совет подготвил амандмани на Уставот на СРМакедонија во кои меѓу другото беше заведено дека тогашното Собрание се заменува со еднодомен парламент. Истовремено беа подготвени и Законот за изборите и Законот за политичките партии. На 29 август 1990 години во Собранието на

[49] Виолета Ачковска, Македонија во Југословенската федерација 1943 - 1991, ИНИ, Скопје, 2001, 179 - 192.

[50]ibidem

СРМакедонија се одржало средба со преставниците на сите дотогашни формирани партии за уставните амандмани и за гореспоменатите закони. По одржаната средба, Собранието ги усвоило амандманите на Уставот и Законот за избори како и Законот за политичките партии. Со амандманот LXXIV беше предвидено плуралистичко Собрание на Република Македонија да брои 120 пратеници.[51]

Во септември 1990 година, претседателот на Собранието на СРМакедонија, Вулнет Старова, на седницата на Републичкото собрание донесе решение за распишување избори за пратеници на Собранието на СРМакедонија.[52]

Врз основа на донесеното решение од страна на Републичкото собрание во текот на ноември 1990 година се спроведени парлементарни избори во Македонија.

Првиот круг на повеќепартиските парлементарни избори беше одржан на 11 ноември, а вториот круг на 25 ноември 1990 годна. [53]

За пополнување на 120 пратенички места, на изборите учествувале 1158 кандидати од 18 политички партии, една општествена организација и 43 независни кандидати[54]

На овие избори ниту една политичка партија не добила апсолутно мнозинство.

Најмногу пратенички места во Собранието на Македонија 37, добила ВМРО-ДПМНЕ, потоа СКМ-ПДП, 31 пратенички места, ПДП добила 23 пратенички места, Сојузот на реформските сили, 17 пратенички места.[55]

По повеќепартиските парламентарни избори, на 8 јануари 1991 година било конституирано еднодомно Собрание на Македонија[56] составено од избрани пратеници кои припаѓале на различни политички партии и други организации.

За претседател на Собранието на СР Македонија со мнозинство гласови бил избран Стојан Андов[57], пратеник во Собранието на СРМакедонија од партијата Сојуз на реформските сили на Македонија . За потпретседател на Собранието бил избран Драги Арсов, Џеладин Мурати, Тито Петковски и Киро Поповски. Првото македонско повеќепартиско Собрание донесе низа значајни одлуки за натамошниот тек и развој на македонската државност.

---

[51]Службен весник на СРМ, 1990, бр. 28.

[52]Ibidem, br. 29.

[53]Документи за Република Македонија 1990- 2005, книга III, стр. 74.

[54]Ibidem

[55] Славко Милосавлевски, Македонски контраверзи 1990-2003, Скопје, 2004,28.

[56] В. Ачковска, Општествено- економски разво....,260.

[57] Документи за Република Македонија 1990- 2005,книга III,стр. 92.

Идејата за донесување на Декларација за сувереност и независност на Македонија, како предлог, ќе биде изнесена од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

За Република Македонија значаен момент за осамостојувањето преставува 1991 година. Собранието на Република Македонија со концензус, на 25 јануари 1991 година, ја усвои „Декларација''[58] за Сувереност на Социјалистичка Република Македонија со која практично и правно е отворен процесот на осамостојување на Република Македонија како независна и самостојна држава[59].

Во „Декларацијата" на експлицитен начин се покажува дека „Граѓаните на Република Македонија на демократски начин испишаа нова страница во македонската многувековна историја за заокружување на самостојноста и суверенoста на Македонија како држава.'' Овој документ имал и уставен и политички карактер, бидејќи во Преамбулата член 1 од Меѓународната конвенција за политички и граѓански права од 1966 година, која го гарантира правото на самоопределување на сите нации, слободно определување на политичкиот статус и својот социјален, културен и економски развој.

Усвојувањето на Декларацијата за сувереност на Македонија од страна на Собранието на СРМ, ќе предизвика остра реакција кај Сојузниот извршен совет која ќе биде поднесена до Уставниот суд на Југославија. Сојузната влада, Декларацијата ќе ја оцени како обид за создавање на нова суверена држава на територијата на СФРЈ, со што се доведува во прашање територијалниот интегритет на Југославија.

Со едностранi акти на републиките, без промена на Уставот на СФРЈ, било оценето дека е противзаконско менувањето на општествено- економското и политичкото уредување на Републиките[60]

Со оваа одлука Собранието доби и своја меѓународна легитимација. Усвоена е и Платформата на СРМакедонија за преговори за иднината на Југославија, која тргнува од определбата за суверена македонска држава.[61] Македонското собрание на седницата одржана на 27 јануари 1991 година за прв Претседател[62] на Републиката со мнозинство гласови го избра Киро Глигоров. [63] За потпретседател на претседателството на

---

[58] Ibidem, 126 / 7, (Прилог бр2).

[59] Ахил Тунтев, Република Македонија- Прва Декада 1990-1999, Скопје, 2005,11.

[60] З.Р.Костовски:: Времето ја гази Демократијата, Дневник -XLVII/ 15854,15 mart 1991, стр.6.

[61]ibidem

[62] Документи за Државноста на Република Македонија...,32.(прилог бр1).

[63] Киро Глигоров, адвокат по професија, учесник во НОВ, член на КПМ од 1944година. Бил секретар на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. По ослободувањето бил на неколку одговорно функции: министер за финасии во Президиумот на АСНОМ, претседател на југословенскиот парламент и друго.

СРМакедонија на седницата одржана на 1 февруари 1991 година бил избран Љубчо Георгиевски од ВМРО- ДПМНЕ[64].

Претседателот Киро Глигоров, мандатот за формирање на првата македонска Влада му го доверил на д-р Никола Кљусев.[65]

На седницата на Собранието на 7 март 1991 година, академик д-р Никола Кљусев ќе биде предложен од страна на претседателот на Републиката, Киро Глигоров, за мандатар на новата влада составена од експерти, која ќе биде избрана од страна на Собранието две седмици подоцна.[66]

Владата на Никола Кљусев била избрана на 20 март 1991 година од страна на првото плуралистичко Собрание, составено од стручњаци од повеќе области и политички различни ориентации. Ова влада е позната како експертска Влада.[67]

За потпретседатели на Владата на С.Р.Македонија биле избрани д-р Блаже Ристевски, Јован Андонов и д-р Беќир Жута.[68]

Во мај 1991 година политичката партија СКМ- ПДП на својот XI конгрес го смени името во СДСМ- Социјал Демократски Сојуз на Македонија, а за претседател бил избран Бранко Црвенковски.

На 7 јуни 1991 година според Амандманот 82 на Уставот, усвоен од Собранието на 16 април 1991 година од името на државата е изоставено назнаката „социјалистичка'' и се утврди уставното име Република Македонија.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 август 1991 година донела одлука за распишување на Референдум за независност на Република Македонија. [69] Ова, несомнено преставува посебен историски момент за Република Македонија за која заслуга имаат тогашните највисоки државни органи на Републиката

---

[64]Службен весник на СРМакедонија, 1991, бр.6.

[65]*Ibidem*, бр.12.

[66] Катерина Блажевска, Op. cit.125.

[67] Експертска влада (20 март1991-5септември1992), донесе неколку значајни документи во насока на дооформувањето на независната македонска држава. Меѓу нив биле:Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава(19 декември 1991); бил постигнат догвор со Генералштабот на југословенската армија за напуштање на територијата на Република Македонија (февруари 1992), со што единиците на ј.армија, до 27 март 1992година сосема мирно ја напуштија територијата на Република Македонија, донесена е македонската валута- денар, (25 април 1992)донесена била одлука за стапување на Република Македонија во членство на ООН(29 јули 1992) и други решенија..

[68]Службен весник на Р. Македонија, 1991, бр. 53.

[69]Документи за Државност на Република Македонија, стр. 151-152.(прилог бр, 3).

и населението. На референдумот граѓаните на Република Македонија требало да се изјаснат за прашањето: „Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија?''[70]

Македонското Собрание на 8 септември 1991 година спроведе општонароден Референдум за суверенитетот на Република Македонија.

Огромно мнозинство од граѓаните на Република Македонија плебисцитарно се определи за самостојна и суверена држава.[71]

Републичката комисија која била одговорна за спроведување на Референдумот одржала седница на 18 септември 1991 година на која го утврдила добиениот резултат од одржаниот Референдум.

Право на глас на Референдумот имале 1.495.907 граѓани на Република Македонија. На Референдумот со непосредно и тајно гласање се изјасниле 1.132.981 граѓани или 75,75% од вкупниот број на граѓани со право на глас.

За прашањето за кое се одлучувало на Референдумот со „за'' се изјасниле 1.079.308 граѓани или 72,16%, со „против'' се изјасниле 39.639 граѓани или 2,65% а 13.648 или 0,91% гласачки ливчиња биле неважечки.[72]

По прогласувањето на резултатите од Референдумот, Собранието на 17 септември 1991 година ја донесе Декларацијата за независност.

Независноста и сувереноста на Република Македонија беше комплетирана на 17 ноември 1991 година кога беше донесен највисокиот правен акт на државата- Уставот на Република Македонија.

Република Македонија со Уставот за прв пат го заокружи долгиот историски процес за целосно реализирање на македонската современа државаност. Република Македонија се дефинира како суверена, самостојна демократска и социјална држава, со тоа што нејзиниот сууеринитет е неделив, неотуѓив и непреносив. Така се заокружи историски процес за реализирање на македонската современа државаност.

За да може Македонија да влезе во големото семејството и да биде призната од ЕУ и беа потребни реформи, создавање на модерен европски Устав, кој ќе кореспондира со уставите на традиционално демократските европски држави[73].

---

[70]Ibidem.152.

[71] Ахил Тунтев, Република Македонија- Прва Декада 1990-1999, Скопје, 2005,18.

[72] Документи за државноста на Република Македонија..., 50.

[73]*С.Шкариќ, Уставно право. Скопје 1995,стр.25.

Затоа на 6 мај 1991 година, претседателот Киро Глигоров ќе упати предлог за измена на Уставот на СРМакедонија, која ќе го изрази суверенитетот на Македонија.

Во предлог текстот ќе бидат назначени основните определби според кои би требало да се раководи изработката на Уставот[74], како што се принципите на демократијата, човекови права и пазарно стопанство[75].Во подготовката и изработката на новиот Устав ќе учествуваат неколку реномирани правници и тоа : Владо Поповски, Љубомир Фрчковски, Лазар Китановски и Димитар Мирчев. Во главно тие и ќе бидат предлагачи на текстот на Уставот. Ќе биде формирана и Уставна комисија со која ќе раководи претседателот на Собранието Стојан Андов, а ќе биде составена од членови на сите застапени во Парламентот. За учество во комисијата ќе бидат поканети и неколкумина поискусни реномирани правници кои претходно биле ангажирани во изработка на уставна материја како што се : Ѓорѓ Цаца, Евгение Димитров, Александар Христов, Ксенте Богоев и Владимир Митков,[76]

Во текот на работата на текстот на Уставот, особено актуелен ќе биде проблемот околу Преамбулата. Десното крило на партите постојано ќе инсистира на создавање на национална држава.

Како пример ќе ги наведат Хрватска и Словенија, со тврдење дека со граѓанската идеја за создавање на држава се губи основниот национален карактер на државата т.е. нејзината припадност. Албанските партии ќе бараат посебна глава во Уставот во која ќе бидат утврдени правата на националностите, односно да им бидат загарантирани сите права како и на сите други граѓани во Македонија[77].

Тие ќе инсистираат на враќање на некогашната формулација на Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година, во која се велеше дека Република Македонија е држава на македонскиот народ и на албанската и другите народности.[78]

Во новата Преамбула се вели дека „Македонија е држава на Македонците и сите други граѓани" не се нарушуваат правата на другите нејзини граѓани затоа што веќе во вториот член се кажува дека носител на суверинитетот се граѓаните на

---

[74] Новиот устав требало да го потврди и изрази конституирањето на македонската република како суверена демократскаи правна држава која ќе се заснова врз суверинитетот на македонскиот народ И граѓаните на Македонија.

[75] Акцентот врз суверено**ст**а на Републиката. Нова Македонија (Скопје)XLVII/15905 (7мај1991),стр,4.

[76] Киро Глигоров, Op.cit,213.

[77] Преставниците на ПДП нема да се согласат со употребата на терминот малцинство наместо народност како досега зато што сметале дека на тој начин се деградира албанскиот народ кој живеел во Македонија.

[78] Граѓански, а не државен устав,- Нова Македонија(Скопје)XLVII/15999 (9август1991), стр.1и 2.

Република Македонија. Тоа јасно покажува дека се застапува чист граѓански концепт, која на малцинствата им гарантира зачувување на својот национален идентитет, слободно да зборуваат на својот мајчин јазик, да имаат основно и средно образование на мајчин јазик и т.н.

На денот на донесување на Уставот ќе му претходат неколку дневни собраниски расправи кои ќе покажат дека има партии и пратеници кои покажуваат незадоволство од текстот на Уставот, од Преамбулата, и од нормативниот дел со кој беа определени колективните и индивидуалните права на граѓаните на Македонија. Уставот на Република Македонија ќе биде донесен на Собраниска седница која ќе биде одржана на 17 ноември 1991 година.[79]Тој ќе биде донесен со над две третини од гласовите на пратениците, [80] а за време на гласањето албанските пратеници ќе ја напуштат собраниската сала.[81]

Инаку новиот Устав според својата концепција спаѓа во редот на либерално-демократските устави. Со него дефинитивно и целосно ќе се изврши раскинување и напуштање на бројните идеолошки определби и вредности од кои поаѓаше претходната владеачка идеологија: социјалистичката самоуправна демократија, владеење на работничката класа, неприкосновеното владеење на една партија, здружениот труд и социјалистичкиот продукционен однос, се напушта концептот за општествено - политичката заедница, комуналниот систем, делегатскиот и собранискиот систем.

На нивно место Уставот ќе ги афирмира заложбите за сопственички и политички плуарализам и пазарно стопанство, го прокламира принципот на поделба на власта, воспоставување држава со републикански облик на владеење заснована на суверинитетот кој „произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните'' и им дава приоритетно место на основните слободи и права на човекот граѓанинот пред државата и нејзината организација.[82]

Првиот Устав на Република Македонија свечено е прогласен на 20 ноември 1991 година и во него се изрази визијата и потребата на една современа држава и општество, засновани на сувереноста и правото на граѓаните за модерна организирана држава и начелото на поделбата на власта.

---

[79] Прогласен Уставот на Република Македонија, Нова Македонија (Скопје)XLVII/16100(18ноември1991), стр.1.

[80] За одлуката за прогласување на Уставот ќе гласат 96 пратеници, единствено нема да гласат пратениците на коалицијата ПДП-НДП.

[81] На 10 И 11 јануари 1992година Албанците во Македонија ќе одржат референдум за нивна политичка и територјална автономија.

[82] Проф. д-р. Саво Климовски, Уставно право и политички системи, Скопје 2006, стр. 201-202.

Со новиот Устав се воведе и нов политички систем, парлементарна демократија со либерална ориентација. [83] Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11 август 1992 година го усвои Законот за химна на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија со усвојувањето на овој закон го усвои и текстот на националната државна химна на Република Македонија.[84] Автор на текстот на химната на Република Македонија е македонскиот писател Владо Малевски.

На истата седница Собранието го усвои и законот за знамето. Знамето со 16 краци беше државно знаме на Република Македонија до октомври 1995 година кога по потпишување на Привремената спогодба со Грција, беше донесен закон со кој беше изменет изгледот на знамето, т.е беше утврдено сегашниот изглед на на државното знаме на Република Македонија.

По предлог на Владата, на седницата на Собранието одржана на 26 април 1992 година, беше усвоен Законот за парична единица на Република Македонија, со што практично беше извршено монетарно- финансиско осамостојување на Република Македонија.[85]

До издавањето на книжните пари во Република Македонија, согласно со Законот за употреба на паричната единица на Република Македонија, се користеа бонови кои ги заменија книжните пари на поранешна СФРЈ во соднос 1 : 1.

Во јануари 1992 година, со Уставниот закон, беше одлучено Реублика Македонија да престане да партиципира во сојузните органи на власта и им го укина мандатот на сите сојузни функционери. Со Уставот ќе биде утврдено дека територијата на Република Македонија е неделива и неотуѓива: постојаната граница неповредлива, а границата може да се менува само во согласност со Уставот. Сето ова ќе даде основни претпоставки за организирање на одбраната на Републиката, односно воспоставување на вооружени сили на Република Македонија[86]. На тој начин Македонија стана единствена република на поранешна Југославија која конституираше држава и излезе од федерацијата на мирен начин без ниеден испукан куршум.

Тоа беше потврдено со потпишување на спогодба за мирно повлекување на едениците на Југословенската народна армија, април 1992 година. Југословенската армија ја напуштила републиката без инциденти, но дошло до мал судир кога војската

---

[83] М. Митревска, А.Гризлод- В.Бучковски, Е.Ванис- СВ.Џон, Превенција и менаџирање на конфликти- Случај Македонија-,Скопје 2009,86.

[84] Документи за Република Македонија, Скопје, 2008, стр. 273-274.

[85] Службен весник на Република. Македонија. , 1992, бр.26.

[86] Трајан Гоцевски, Op. cit., 207.

сакала да ја повлече радарската опрема од аеродромот, но сето тоа се завршило со мирен договор.

Затоа, договорот со кој ЈНА ја напушти Македонија нема само историско значење, туку беше факт со кој целиот процес на осамостојувањето на Република Македонија го потврди нејзиното цивилизирано и миролјубаво однесување.

Единиците на територијалната одбрана ги презедоа граничните караули и заедно со полицијата го почнаа обезбедувањето на државната граница.

## 2.2 Република Македонија ивнатрешната нестабилност во 2001 година.

Меѓуетничкиот јаз во Република Македонија помеѓу македонците и Албанското национално малцинство, претставува најголема внатрешна нестабилност.

Во Република Македонија меѓуетничките проблеми започнале од самиот почеток на осамостојувањето на Републиката, прво преку бојкотот на пописот на населението во пролетта 1991 година,[87] бојкотиран беше и Референдумот од страна на албанското национално малцинство.[88] Овие случувања најавувале дека во Република Македонија албанското национално малцинство ќе ги заострат меѓуетничките односи.

По донесувањето на Уставот на Република Македонија на 17 ноември 1991 година, албанското национално малцинство било незадоволно од уставното решение. Албанците барале во Република Македонија да бидат прогласени за втор државотворен народ, паралелно со македонскиот јазик барале да биде признат и албанскиот јазик. По принципот на процентуална застапеност, барале примена на албанскиот јазик во сите сфери на општествениот живот, школување на мајчин јазик и користење во локалната самоуправа.

Според ставовите на ДПА, тие Македонија ја гледат како мултиетничка држава со два народа, два јазика, со дводомен парламент и концензус во решавање на клучните прашања и проблеми.

На Собирот во Струга 1993 година, на транспарент, биле јавно истакнати границите на замислената „Илирида.'' Во Тетово 1994 година, незаконски се отвори „албански универзитет'' кој ќе биде причина за судир со преставниците на власта.

Власта, која ја сруши зградата каде што требало да се смести универзитетот не ги спречи Албанците во реализација на замислениот проект. Министерот за образование Софија Тодорова во 1995 година го решила спорот со отварање на универзитет на три јазици: албански, англиски и македонски јазик.[89]

---

[87] На 1-ви април 1991година е спроведен попис на населението според кој СРМ има 2.033.964 жители. Резултатите од пописот биле оспорувани од некои политички партии на граѓаните од албанска етничка припаднос, кој го бојкотираа пописот.

[88] Во општините со македонско население и во овие без значајно учество на албанската популација беше остварен висок степен на одзив , преку 90% од запишљаните избирачи . Но,албанското население главно го бојкотираше Референдумот. Во Тетово гласале само 25%, а во Гостивар околу 35% од гласачите.

[89] Иван Бабановски, ОНА- Терористичка паравојска во Македонија, Скопје, 2002, 316.

Пописот спроведен во 1994 година од 21 јуни до 5 јули, бил бојкотиран од албанското национално малцинство како во 1991 година. [90] Албанското национално малцинство во Република Македонија своето незадоволство го искажувало со бројни инциденти. Во Гостивар во 1996 година локалната власт користејќи ги своите привилегии го истакнала знамето на Република Албанија на висок јарбол, што преставува против уставен акт.

Албанското знаме било симнато по наредба на македонската државна власт, со употреба на полициска сила[91]. Таа успеала да го среди нередот во Гостивар.

Во 1997 година се случил уште еден насилен акт иницирaн од екстремните албанци , при што интервенираше МВР на Бит Пазар во Скопје. Имено за време на контролата на нелегалната продажба на цигари од страна на полициската патрола на МВР, дошло до големи демострации на албанското малцинство како и физички пресметки на истите со полициска патрола подоцна и со силите на МВР.

Причини за овој инцидент била лажната вест дека е убиено дете од албанското национално малцинство.

Овој немил настан го продлабочил уште повеќе меѓуетничкиот јаз меѓу Македонците и Албанците во Република Македонија.

Внатрешната безбедносна состојба на македонската држава ја потресоа овие настани, кои беа проследени со повеќе терористички настани како што беа:

Во село Арачиново, Скопско, на 11 јануари 2000 година, убиени се тројца полицајци при редовна полициска контрола. ОНА ја презеде одговорноста за овој насилен акт, преку соопштение. Во Кичево - с.Осломеј на 19 јануари 2000 година била нападната полициската станица, од нападот е направена матерјална штета.

Во селото Танушевци на 30 јуни 2001 година, било подметната мина на караулата во селото, исто така нападната е караулата во селото Лојане на 2/3 јули 2000година и во с. Блаце.

Терористичката група т.н. ОНА ја нападнала полициската станица во селото Теарце - Тетовско на 22 јануари 2001 година и тоа претставувало прв посериозен вооружен напад, каде бил убиен еден полицаец а тројца биле ранети[92].

---

[90] Пописот на населението е спроведен според стандардите на Европскиот совет. Од Меѓународната група на ЕК за спроведување инадгледување на пописот било изјавено дека нема место за бојкот на пописот од партите на граѓаните од албанско етничко потекло.Според овој попис Република Македонија имаше 1.935. 383 жители, од кои 66,63 % Македонци, 22,61 % Албанци, како и припадници на други народности.

[91] М..Арсовски, С. Кузев, Р. Дамјановски, Op. cit, 38.

ОНА своите терористички напади ги продолжила и на патниот правец Скопје - Кичево, го нападнала патничкиот воз, за среќа немало човечки жртви имало мала матерјална штета. Нападот бил извршен помеѓу станиците на село Зајац и село Строгомиште. За сите овие терористички напади, преку сопштение одговорноста ја презеде терористичката ОНА.[93]

Дали можеше да се избегне кризата?

Одговорот ќе го бараме во однесувањето на одредени политички субјекти, можните сценарија од одредени фактори, однесувањето на одредени медиуми и резултатите што се постигнати од дијалозите во тој период.

---

[92] Од експлозијата е убиен еден полицаец, а тројца други се ранети биле итно превезени некои мерки во Тетовската болница. Ова терористичка акција траела 3-4 минути. На 25 јануари 2001 година ОНА ја презеде одговорноста за нападот врз полициската станица во село Теарце.

[93] Според проценките и расположливите податоци, штабот на ОНА бил во село Танушевци.

## 2.3 Република Македонија и случувањата во 2001 година

Долго време Република Македонија беше сметана за „оаза на мирот'' во регионот кој ендемски беше театар на големи меѓуетнички судири од распаѓањето на поранешна Југославија, Република Македонија, „последното домино во југословенската криза'', според зборовите на Франсуа Леотард, во 2001 година ја доживеа длабоката меѓуетничка криза, [94] која не прерасна во масовна војна. Политичките случувања во 2001 година имале силно влијание во Република Македонија на промените на општествено - политичкиот живот, одговорноста за случувањата требало сите влијателни фактори во државата да ја понесат.

Разузнавачките служби на неколку европски држави ги известиле македонските власти во 1999 година околу можното прелевање на кризата од долината на Прешево во Јужна Србија кон Македонија.

Поврзаноста на двете кризи ја оценуваа и Михаил Царп, преставник на НАТО на Косово, кој заедно со Петер Феитих, специјалниот преставник на Генсек Робертстон, учествувал во раководењето со кризата во Јужна Србија.[95]

Интервенцијата на НАТО врз СРЈ во 1999 година продуцираше „етничко чистење" на Косово кое резултираше со „Косовска бегалска криза", од која, точно 379.523 бегалци побараа засолниште на просторот на Република Македонија.

Ситуацијата со бегалците на 15 јуни

| | |
|---|---|
| Бегалци во Македонија | 379,532 |
| Бегалци во кампови | 112,434 |
| Бегалци во фамилии | 154,989 |
| Останати | 20.000 |
| Заминале во други земји до 5 јини | 92.100 |

[94] Н. Ружин, НАТО пред новите предизвици и преспективите на Република Македонија, Скопје 2005, стр.122

[95]Ibidem, 127.

Од нив, 287.423 бегалци останаа во Македонија во текот на целото времетраење на кризата, а 92.100 бегалци преку воспоставување воздушен мост беа транспортирани во трети земји. Според тоа, бројот на жителите во Македонија се зголемил за 14,77%.[96]

---

Раководството во Македонија не покажа способност да ја спречи кризата, која произлезе од внатре, изразена преку побуна и затегнатите меѓуетнички односи кои се покажаа како закана за стабилноста и мирот на државата.

Останатите слабости на македонската страна беа раздвоените команди и недоволната координираност на раководењето со специјалните професионални сили (350), односно енергијата меѓу безбедносните сили и армијата, натомошното отсуство на кохерентен воен и политички концепт, неспособна еднонационална полиција, не планско делење на оружјето на неорганизираното население во кризните региони.[97]

Политичките партии во Република Македонија, наместо максимално да се заложеле за спречување на судирите, тие почнаа да си ја префрлат вината за кризата во 2001 година, без амбиција да бидат елаборирани вистинските факти за кризата.

Затоа можеме да поставиме една хипотетична теза дека кризата ја предизвикале поголем број фактори: од неповолна социјална структура, висок степен на невработеност, економска беда и сиромаштија, организираниот криминал и корупција, затегнатите меѓуетнички односи во Република Македонија, настаните од Косово каде албанците за прв пат се почуствувале посупериорни од србите, регионална солидарност на албанците, потрагата по својата граѓански и културен идентитет на албанците од Република Македонија или индиферентноста на Меѓунарадната заедница кон Република Македонија, влијаеја како фактори кои ја симулираа рамката на македонската криза од 2001 година.[98] Од Косово беше организирана вооружена инвазија во 2001година врз Република Македонија со цел освојување на територии, кои биле подржани од внатрешните албански сили и меѓународниот фактор и промовирана како „борба за човекови права'' на албанците во Република Македонија.[99]

Зад ова наводна борба за „човекови права'' таканаречената Ослободителна народна армија - ОНА изврши злоупотреба на правата на нацонионалностите, заткривајќи ги своите вистински цели: федерализација на Република Македонија, сецесија и соединување на делови од нејзината територија кон Косово или

---

[96]Ibidem,100.

[97] Н.Ружин, НАТО пред новите предизвици и преспективите на Република Македонија, Скопје, 2005,128

[98]Ibidem,124.

[99] В. Ачковска, Опшествена економскиот развој... 262-263

Албанија[100]Целта на вооружената агресија на почетокот било да се разбудат и да се иницираат внатрешните подржувачи од екстремното албанско население во Република Македонија со што во подоцнежните фази ќе се обезбеди доволно вооружена сила за преземање на порадикални дејствија со цел отцепување на дел од териториjата на Република Македонија.[101] Кризата во Република Македонија избила во почетокот на 2001 година, неколку месеци по избувнувањето на кризата во Југозападна Србија.

За експертите на НАТО меѓу овие две кризи постоеше извесен link caga. Споменатите две кризи имаа бројни заеднички нешта, но онаа во Македонија беше специфична и неочекувана: таа само ја откри големата инверзија на лесниот оптимизам кој владееше дотогаш.[102]

Терористичките групи после завршената обука во воените кампови во Република Албанија и Косово беа уфрлувани во северозападна Македонија од Танушевци и од падините на Шар Планина.

На 16 февруари 2001 година кај селото Танушевци[103] биле откриени вооружени лица во црни униформи. Униформирани четири лица кои се движеле во правец кон с. Танушевци од с. Дебладе кон Танушевци биле откриени од граничната патрола. Патролата ги предупредила да застанат тие избегале. Врз патролата била отворена стрелба од блиската шума. Патролата морала да се повлече, бидејќи забележала уште пет униформирани лица кои од работ на шумата отвориле оган.[104]

Според информацијата на Генерал штабот, на АРМ, настанот се одвивал на следниот начин:

---

100 И. Бабановски, Op.cit. , 189.

101 М. Арсовски, С. Кузев, Р. Дамјановски, Op. sit. , 134.

102 Н. Ружин, Op. cit. ,130.

103 Танушевци, имаше меѓу 350 и 700 жители, повеќето етнички Албанци. Селото лежи во близината на Прешевската долина, која што служеше како полигон за етничките Албански бунтовници што се бореа во Косово. Локалното етничко албанско население ја смета границата за вештачка креација која што ги подели и им го наруши начинот на живеење. Тензиите меѓу македонската и албанската заедница, ескалирала во текот на неколкумесеците кои што водеа до настаните во Танушевци; во април 2000 година четери македонски војници беа киднапирани во близината на селото. За возврат на нивното ослободување, киднаперите барале од македонските власти да го ослободат Џавит Хасани, контраверзна личност што беше во затвор заради обид за убиство на македонски владини службеници. Според некои извештаи, Хасани бил поранешен командант на ОВК. Во 2000 година, во ова област имаше и неколку инцинденти со пукање меѓу македонските безбедносни сили и шврецери (М. Митревска,А.Гризолд, В. Бучковски, Е.Ванис, 2009година, стр.186. )

104 М.Арсовски, С. Кузев, Р. Дамјановски.,Војната во Македонија во 2001година,Скопје, 2006. Op. cit, 172.

Во 15:45 на правецот Кодра Фура- Стара Продавница, на приодот кон село Танушевци, дошло до вооружен инцидент при што бил отворен оган врз нашата патрола. Реагирајќи по истрелите од огнено оружје во инцидентот кога од терористичката група, облечени во црни и маскирани униформи била нападната екипата на А1 телевизија која на овој простор се нашла со намера да „направи репортажа'' за животот и работата на жителите од селото Танушевци, граничната патрола на АРМ ги алармирала припадниците на караулата „Танушевци'', постапувајќи според Правилото за гранично обезбедување, биле преземени мерки на целосна готовност: тоа подразбира и зајакното патролирање и пребарување на теренот, како и зголемени мерки на обезбедување на караулата.''[105] Од официјалните органи јавноста беше информирана за непријателските движења во пограничните места, но и зад граничните раздвижувања на униформираните лица. Со тоа наговестуваа дека се можни инциденти особено во местата Танушевци, Блаце, Радуша и месноста Кодра Фура. Потоа од страна на ОНА беа отворени неколку фронтови и тоа: кај Шар-планина, Тетово, Кумановско - Липковскиот регион и Арачиново.

Со тоа започнаа седуммесечните вооружените конфликти, Македонија го бранеше својот интегритет и независност. Вооружените конфликти во Република Македонија однесоа многу човечки жртви и предизвикаа многу страдања. Одговорноста за бруталните и свирепи убиства и масакри извршени врз припадниците на безбедносните сили и припадниците на полицијата на Република Македонија, киднапирањето и држење во заложништво на цивили и нивно мачење, како и терористичките напади на објекти, уништување, ограбување на приватни имоти и објекти од културно и историско значење за Македонија во целост, преку свои соопштенија, „коминике'' ја презеде терористичка ОНА.

Трагичниот масакар ва Вејце во април 2001 година, ја прошири и ја продлабочи нетрпеливоста меѓу македонскиот и албанскиот народ.

За масакарот и случувањата во с.Вејце јавноста доби информации од ГШ на АРМ, според информациите масакарот се случил во 17:45 часот на делот од патотс. Селце кон с.Вејце, во реонот на месноста Брезовица, врз комбинираната патрола на АРМ и МВР од заседа од страна на терористички групи бил отворен оган.

Притоа на подмолен начин биле убиени четворица припадници на Армијата и четворица припадници од полицијата. Терористите се изживувале над телата на ранетите и повредените. Лицата кои се изживувале сеуште не се пронајдени.

Граѓаните за овие грозоморни злосторства во Вејце реагираа многу бурно, и ја осудија ова тешка трагедија. Својот бес го искажаа преку одмазнички акции во оделни градови, особено во Битола, им ги демолираа имотите на битолските албанци.

[105] Инцидент на границата. Екипата на А1 киднапирана од народната одбрана на селото Танушевци. - ,, Дневник,, од 17 февруари 2001 година..

Македонското државно раководство не ги употреби сите свои расположливи сили и средства на државата за уништување на агресиите од терористичките и вооружени акции на ОНА за одбраната на територијалниот интегритет и заштита на суверинитетот на Македонија.

Меѓутоа, длабочината на конфликтот покажа дека ова криза на можеше да се реши по воен пат. За време на посетата на Република Македонија на 26 март 2001 година, Генсек Роберстон и Солана се заложија за „политика и демократска солуција на кризата и дијалогот". Истата констатација ја потврдија и МНР на Европската Унија на состанокот во Луксембург од 25 јуни 2001 година. „Албанците и Македонците мора да отстапат од насилствата и да го прифатат дијалогот кој мора да резултира со реформи'', истакна Хуберт Ведрин. Притоа кога се спомнуваше дијалогот, се мислеше на реформи и дијалог со албанските политички партии, а не со бунтовниците и со Али Ахмети.[106]

Терористичката албанска организација ОНА со логистичка подршка и со активно учество на месното албанско население, како и со поддршка на албанскиот политички блок на 8 јуни 2001 година биле откриени терористички групи во Арачиново. Забележано е масовно напуштање на селото на македонското население, но и околу 2000 албанци го напуштиле селото.

Малку било изнандувачко како припадниците на ОНА успеале толку блиску да стигнат до Скопје. На 24 јуни 2001 година, македонските безбедносни сили го разбиле фронтот кај Арачиново и стигнале до центарот на селото.

Операцијата ја прекинале меѓународниот фактор, кој започнал изненадувачка операција за извлекување на силите на ОНА со помош на КФОР. Мистериозното завршување на акцијата на ОНА во Арачиново, имаше негативно влијание врз безбедносните сили на Република Македонија како и кај граѓаните од с. Арачиново кои своето незадоволство го искажаа пред Собранието на Република Македонија.

На насобраните луѓе им се приклучија и другите граѓани, кои бараа власта да ја образложат одлуката за прекинот на операцијата во селото Арачиново.

Терористите успеал да ја инволвира и Меѓународната заедница во решавањето на спорот и исполнувањето на неговите барања на штета на Македонците. На 14 јуни 2001 година претседателот Трајковски ја повикал Алијансата да се ангажира во разорожување на бунтовниците. САД и Европската унија ги испраќаат нивните емисари Џемс Пердју и Франсоа Леоатар, со цел да го олеснат дијалогот и да ги хармонизираат разговорите меѓу разните политички субјекти во државата.

Раководењето на кризата на теренот му беше доверена на Питер Фејт, холандски дипломат кој го поседуваше неопходниот прагматизам, но и флексибилност за специфичната задача на Балканот како што истакнува Михаел Карп, „летачката

[106] Н. Ружин, Op. cit. , 129.

дипломатија'' на Фејт и на неговиот мал мешовит НАТО-ЕУ тим успеа да воспостави постојана комуникација и контрола на оружените групи. По повеќе инциденти и кризни состојби, беше постигнат договор за „прекин на огнот'' а завојуваните страни се ангажираа да го поддржат процесот на политички договор.[107] (На 25 јуни 2001 година Амбасадорот на НАТО и генералот Панде Петревски началникот на ГШ на АРМ и генералот Ристо Галевски од МВР потпишаа спогодба за прекин на огнот).

Со нивните потписи македонските власти гарантираа дека безусловно ќе го почитуваат и ќе се придржуваат кон прекинот на огнот и ќе се воздржуваат од сите воени дејствија, употреба на сила и незаконски дејства против етничките албански вооружени групи.[108] Во Собранието на Република Македонија претседателот Борис Трајковски го презантирал планот под мотото „Политика, а не насилство, е решение на кризата''. Притисокот на меѓународниот фактор врз македонската политика беше се посилен кој бараше и промена на Уставот како и откажување од дел од националните интереси на македонската нација .

Борбените дејствија од страна на ОНА продолжија на сите фронтови, не го испочитуваа договорот за прекин на судирите. Дејствијата се активираа, мирот во Тетово беше загрозен поради жестоките борбени активности од страна на ОНА.

Сите овие активности од страна на ОНА и поддршката што ја добија од меѓународниот фактор, се со цел да се изврши притисок врз македонската власт за отпочнување мировни преговори. Преговори имало и се воделе меѓу претседателите на четирите македонски политички партии со албанскиот блок кои започна во јули 2001година. Припадниците на ОНА и покрај мировните преговорите продолжиле со своите терористички напади. На 28 јули 2001 година кај месноста Карпалак, ќе биде нападната во заседа полициска колона, кој завршила без жртви, но со тоа терористите најавиле дека борбените дејства продолжиле кон Скопје.

Во август продолжиле преговорите во Охрид за промена на Уставот на Република Македонија. Во текот на овој месец, агресорот продолжил со вооружените активности а нивните напади биле се по жестоки.

Кај селото Желино биле киднапирани четворица работници на претпријатието „Маврово'' од припадниците на ОНА и врз нив е извршен нечовечки злостор испишувајќи ги своите имиња на нивните плеќи.

Нападите на терористичка ОНА продолжија, затварајќи ги вентилате за водовод во најжешкиот период во годината во Куманово и кумановско.

---

107 Н. Ружин, Op. cit.131.

108 М. Митревска и др.Op.cit., 124.

Во месец август кај месноста „ Карпалак'' беше нападната од заседа колоната од возила на АРМ, при што беа убиени десет нејзини припадници.

Сличен напад имало врз воеnото возило на припадниците на АРМ на патот кон селото Љубанци- Љуботенски бачила на Скопска Црна Гора, кое нагазило на две против тенковски мини. Од експолозијата загинале 6-мина припадници на АРМ.
Припадниците на ОНА се обиделе да ја нападнат караулата и селото Радуша и да го загрозат изворот за вода „Рашче''.

На политички план НАТО требаше да ги убеди вооружените албански групи да го предадат оружјето и да останат на линијата на раздвојувањето со што ќе отпочна процесот на разоружувањето, чија географска димензија се одреди и кој се спроведуваше во фази во Кумановско - липковскиот регион, тетовско - шарпланинскиот, дебарскиот регион и останатите деливи од земјата. Безбедносните операции се спроведуваа во фази од кои секоја беше суштествена за целосен успех.

Со цел да се надмине кризата се дадоа можности на припадниците на албанските вооружени групи по положување на оружјето да се реинтегрираат во опшеството, вклучувајќи и адекватната амнестија.[109]

Во операцијата „ Суштинска жетва'' беше извршено пасивно собирање на оружјето од етничките Албанци, државните безбедносни сили за време на операцијата не беа присутни во тие области.[110] Парламентарните политички партии мораа да прифатат и исполнат четири значајни услови: усвојување на општиот политички договор, создавање на легална рамка за присуство на силите на НАТО да раководат со пацифизацијата на кризните региони, презентација на план во однос на модалитетите и деталите во предавањето на оружјето, а што би било усвоено и од страна на македонската влада и НАТО и осигурување на траен прекин на огнот.

По неколку недели интизивни договори и по исполнувањето на четирите наведени услови, на 13 август 2001 година беше потпишан Охридскиот рамковен договор. Со неговото потпишување се отвори патот за отпочнување на мисијата на НАТО „Суштинска жетва'' наменета за „собирање и уништување на оружјето'' што го поседуваше НЛА/ОВК ( 27 август 2001)[111]

Меѓутоа, неговото потпишување многу не им значело на припадниците на ОНА и тие веќе следниот ден, на 14 август 2001 година, продолжиле со своите напади.

---

[109]Ibidem, 122.

[110]Ibidem,124.

[111] Н. Ружин, НАТО пред новите предизвици и преспективите на Република Македонија, Скопје 2005,131-132.

На 15 август 2001 година, претседателот на Република Македонија поднел иницијатива за промена на Уставот во Собранието на Република Македонија. Припадниците на ОНА немаа почит ни кон верските објекти, кон светоста и историјата на македонскиот народ. Терористичката ОНА го минираше и разурна манастирското светилиште, соборниот храм „ Свети Атанасиј'' во село Лешок. Беше кренат во воздух македонскиот историски, духовен и културен храм од ЦИВ век.[112] Три дена подоцна, припадниците на ОНА покрај разрушувањето на Лешочкиот манастир ги оштетија и манастирот „Свети Ѓорѓија'' во Мала Речица, „Свети Никола'' во Слатина, а ги запалија и црквите „Свети Богородица'' над селото Цепчиште, „Свети Димитрија'' во селото Теарце, „Свети Никола'' во село Одри, „Свети Атанасиј'' на калето над Тетово и повеќето други селски цркви.[113] Главниот штаб на НАТО за Европа издаде наредба за отпочнување на операцијата „Неопходна жетва'' и операцијата за разоружување на ОНА завршила на 26 септември 2001 година, со тоа практично биле прекинати и вооружените дејствија во Република Македонија.

Условите за разоружување на ОНА, беше барањето за донесувањето на Закон за помилување - амнестија. На 8 октомври 2001 година претседателот на Република Македонија ја објави својата изјава за амнестија.

Според претседателот и неговата изјава, амнестијата не се однесувала на тие што извршиле воени злосторства и злосторства против човештвото или убиства на цивили, етничко чистење, уништување на религиозни објекти и други акти за кои е надлежен Хашкиот трибунал. Со овој Закон на припадниците на ОНА фактички им се даде и можност за влез во Собранието на Република Македонија.[114]

Со донесување на овој Закон, му се одзеде правото на македонскиот народ да ги гони и казни истите и да ги стави пред лицето на правдата оние што вршеле злостор на македонскиот народ, палејќи ги и ограбувајќи ги нивните домови и македонските верски објекти. [115] Крајниот епилог од вооружениот конфликт во Република Македонија во 2001 година за македонскиот народ е неповолен.

Тој и покрај тоа што загуби дел од државните и национални интереси сепак се уште живее со чувство дека проблемите на меѓуетничка основа со албанското национално малцинство сè уште не се разрешени.

И покрај сите случувања македонците покажаа со прифаќањето на Охридскиот договор како народ дека поседуваат голема доблест и европска зрелост и заслужуваат

---

[112] М. Арсовски, С. Кузев, Р. Дамјановски, Војната во Македонија во 2001година, Скопје, 2006, 355.

[113]Ibidem,359.

[114]Ibidem.,383.

[115]Ibidem,383.

заедно со Албанците и останатите етнички заедници да се најдат во евроатланското семејство.[116] Според мислењето на американскиот амбасадор во НАТО Викторија Нуланд, „ граѓаните на Македонија ќе треба да им покажат на своите балкански соседи и браќа Срби и Албанци како се живее во едно мултиетничко општество''.[117]

## 2.4 ОХРИДСКИ- РАМКОВЕН ДОГОВОР

Во свеста на граѓаните на Република Македонија, 2001 година ќе влезе како година пресвртница во еволуцијата на македонското општество.[118]Охридскиот договор се покажа како главен услов како да се излезе од вооружениот конфликт, и воедно значеше единствена можност за престанок на насилството.

Охридскиот рамковен договор е потпишан на 13 август 2001 година од страна - на претседателот на ВМРО- ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски и Бранко Црвенковски претседател на СДСМ и претседателот на ДПА-Арбен Џафери и Имер Имери претседател на ПДП. Во преговорите учествуваа и специјални емисари од ЕУ-Франсоа Леотар и преставникот на САД- Џејмс Пердју.

Разговорите беа водени на партиско ниво и надвор од државните институции, под покровителство на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски.[119]
Резултатите од тие разговори беше Рамковниот договор, потпишан на 13 август 2001 година, во Вилатана Водно, во Скопје.[120]

Охридскиот рамковен договор е политички акт од внатрешен карактер, кој поради многу нешта го смени текот на историјата на Македонија по критичната 2001 година. Имено тој промовираше нов модел што во политичкиот систем ја спречува мајоризацијата на албанската етничка заедница и реализира три базични сегменти, и тоа проширување на употребата на јазикот на малцинските етнички заедници; содветна и правична застапеност на припадниците на малцинските етнички заедници; и локална самоуправа(децентрализација).[121]

Во Рамковниот договор се дефенирани основните принципи на кои се темели документот, и тоа:

---

[116] Н. Ружин, НАТО пред новите предизвици и преспективите на Република Македонија,Скопје 2005, 133

[117]Ibidem, 133.

[118] Нано Ружин, НАТО пред новите предизвици и ... .138.

[119] Андов Стојан, На мој начин , Матица македонска, Скопје, 2003, 513.

[120]Ibidem,514.

[121] М. Митревска, А. Гризолд, В. Бучковски, Е. Ванис, Превенција и ... 196.

- Зачувување на суверенитетот, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата како и зачувување на мултиетничкиот карактер на македонското општество;

- Промовирање на мирен и хармоничен развој на граѓанското општество;

- Почитување на етничкиот идинтитет и интересите на граѓаните на Република Мкаедонија;

- Обезбедување Уставот на Република Македонија во целост да ги задоволува потребите на сите граѓани и во континуитет да го рефлектира развојот и зрелоста на модерната демократска држава.[122]

Составен дел на Рамковниот договор се и Анексите:

- Анекс А - Уставни амандмани

- Анекс Б - Измени во законодаството

- Анекс Ц - Имплементација и мерки за градење доверба.

Собранието на Република Македонија на 16. Ноември 2001 година, со двотретинско мнозинство ги усвои петнаесетте уставни амандмани.

Меѓу овие уставни амандмани најважен беше амандманот со кој се избриша преамбулата и се прифати нова со која македонскиот народ загуби значајни придобивки како што се:

- историско, културно, духовно и државно наследство;

- потполна и единствена државност;

- државно - правните традиции на Крушевската Република и историските одлуки на АСНОМ ;

- статусот на национална држава на македонскиот народ;

- унитарноста на државата;

- приматот на македонскиот јазик и кирилското писмо.[123]

Со новата преамбула, државата на македонскиот народ стана држава на етничките заедници, на македонската заедница како рамноправна со албанската, турската, ромската, српската, влашката и други.

---

[122] Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, Скопје, 2004, 44.

[123] М.Арсовски, С.Кузев, Р. Дамјановски, Op.cit.,28

Поради тоа Република Македонија ја загуби изворната сувереност и својата унитарност и стана мултиетничка држава.[124]

Со Рамковниот договор беа направени бројни измени на уставните амандмани, измени на законите и подзаконските акти во областите на функциунирање на органите на власт и јавните институции, пред се во:

- Развој на децентрализираната власт: од една страна значително зголемување на надлежностите на локалната самоуправа кои ќе се однесуваат на областите на јавните услуги, урбано и рурално планирање, заштитен на животната средина, локалниот економски развој, културата, образованието, локалните финансии и друго, со паралелна фискална децентрализација, а од друга страна ревизија на територијалната организација на државноста;

- Целосно почитување на принципот на недескриминација и правична застапеност, особено во однос на вработувањата во јавната администрација и јавните претпријатија како и кај пристапот до јавното финансирање за деловни активности ; законски и други мерки за обезбедување на правична застапеност во јавната администрација на заедниците на централно и локално ниво, истовремено почитувајќи ги правилата за комплетност и интегритет според кој се раководи јавната администрација, како и што побрза реализацијата на овој принцип и во полициските служби; избор на една третина од судиите на Уставниот суд, избор на Народен правобранител и на тројца членови на Судскиот совет со мнозинство гласови и на пратениците од заедниците кои не се во мнозинство;[125]

- Воведување на посебни собраниски процедури, кои за донесување на определени одлуки покрај потребното мнозинство вклучуваат и посебно мнозинство од пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско населени во Македонија. Тоа се однесува на централно ниво на донесување на уставни амандмани и Законот за локална самоуправа како и за донесување на законите кои директно ги засегат културата, употребата на јазикот , обрзаованито, личните документи и употребата на симболите како и на законите за локално финансирање, локални избори, градот Скопје и за територјална организација;[126]

- Во однос на употребата на јазиците покрај македонскиот како службен јазик во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи се воведува и јазикот што го зборува 20% од населението кое не е во мнозинство на нивниот

---

[124]Ibidem.

[125] Национална стратегија за интеграција... , 45.

[126]Ibidem.

мајчиниот јазаик со соодветна концепција на централна влада; на локално ниво употреба на јазикот на заедницата која е над 20% население како службен, покрај македонскиот со можност органите на локалната самоуправа да одлучат за употребата во јавните тела и на јазиците на заедниците кои се помалку од 20%, како и употребата на мајчин јазик на обвинетите лица во кривични и граѓански постапки на кое било ниво, на државен трошок, како и издавање на лични документи на граѓани кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот исто така ќе бидат издадени на тој јазик покрај македонскиот јазик во согласност со јазикот;

- Во однос на изразувањето на идентитетот: Да се овозможи на локалните власти непосредно до симболот на Република Македонија на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примена. Меѓудругото, и зајакнување на интеграциите на институцијата Народен правобранител, особено во поглед на почитувањето на начелата на недискриминација и првична застапеност, како и основање регионални канцеларии,[127] основање на Комитет за односи меѓу заедниците;

- Се воведува републички Национален совет во кој се избираат паритетен број Македонци и Албанци и соодветен број од другите малцински заедници- Турци, Роми, Срби, Власи, а Советот дава мислење за секое прашање кое ќе се најде во Собранието, а ги засега прашањата од посебен интерес на малцинските заедници итн.[128]

Неоспорен факт е дека албанското национално малцинство во Република Македонија со Рамковниот договор , успеа да ги оствари своите барања секако под притисок на оружјето како и подршката што ја имаа од меѓународниот фактор.

Тие успеаја да бидат втор државотворен народ во Република Македонија, да станат народ со паралелен јазик, да направат чекор до автономија и федерализација, да ја направат македонската држава мултиетничка држава.[129]

Со законот за употреба на јазиците во Собранието на Република Македонија, албанското национално малцинство се стекна со право на широка употреба на албанскиот јазик.

Што се однесува до нивната правична застапеност во државните институции тие длабоко навлегоа и во судството, полицијата и во армијата, итн.

[127]Ibidem.,46.

[128] С. Милосавлевски, Op. cit.,118.

[129] М.Арсовски, С Кузев, Р. Дамјановски, Op. cit.,390.

Содржината на Рамковниот договор е вградена во Уставот на Република Македонија. Во сите државни институции веќе строго се почитува правото на вработување според процентуалниот однос на етничките заедници и според политичката припадност.

Рамковниот договор кој беше преставен како договор за мир, остави негативна последица за македонскиот држава. Со овој наметнат Договор, македонскиот народ загуби и дел од својот територјален интегритет и независност. Околу 20% од територијата на нашата држава беа недостапни за македонските органи. На овие територии се реализираше идејата за Голема Албанија.

И покрај спроведувањето на Рамковниот договор, овие територии не биле достапни за македонската власт. Патролирале мешани полициски патроли со цел да го одржат редот и мирот на овие територии. Рамковниот договор преставува и документ потпишан како последица на дефетизмот ( заклучување на мир пред победа), стравот и падот на моралот. Со својата содржина Договорот го деградираше македонскиот народ. Рамковниот договор на некој начин преставува тест дали со неговото потпишување завршува списокот на мегаломанските барања на албанското национално малцинство.[130]

[130]Ibidem, 427.

## 2.5 Економските и социјалните промени во Република Македонија по осамостојувањето

Република Македонија по осмостојувањето се соочи со една нова амбиент во креирање на политиката, економијата и социјалната политика. Македонската економија доживеа транзициски шок кој беше вонреден силен и резултираше со високи негативни стапки на движење на бруто домашниот производ. Процесот на Транзиција, што ќе ги зафати земјите од Централна и Источна Европа, беше неминовен и во Република Македонија.

Република Македонија се соочи со една нова историска ситуација во меѓународните односи[131] и проблемите во нејзиното непосредно опкружување, особено крвавите настани при распаѓањето на поранешна Југославија. Во самостоја Република Македонија стопанството доби сосема нов амбиент на стопанисување, причина за тоа е прекинувањето на врските со поранешните југословенски републики. Прекините предизвикаа проблем во неколку индистриски капацитети: железарница, Охис, Хемтекс, Металски завод Тито и многу други, бидејќи се намали пласманот на пазарите, 52%од пласманот на македонското стопанство одело во поранешните југословенски републики.[132] Како фактор кој не поволно влијаеше врз стопанството на Република Македонија беше економската санкција што Советот за безбедност на ОН во 1991 година го воведе против Сојузна Република Југославија. Со тоа се прекинаа размена и транспортните врски преку територијата на СР Југославија.

За интервенцијата на меѓународниот факор врз Сојузна Република Југосалавија, на Република Македонија и беа направени големи штети во сите сфери на општествениот живот а особено на економски план уништувајќи дел од југословенската економска инфраструктура кој за Република Македонија беше многу заначајна затоа што СРЈугославија беше најголемиот економски партнер на Република Македонија.

Негативните последици за Република Македонија беа огромни: прилев над 360.000 бегалци од Косово, промена на демографската слика на Република Македонија, создавање на нови дополнителни социјални случаи, продлабочување на

[131] По паѓањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година, кај победниците од студената војна се јавија отворени стремежи да се разурнат постојаните политички системи, економските и општествени структури во поранешните социјалистички земји во Европа. Плашјеќи се да не се врати назад историскиот процес, развените земји преку Меѓународниор фонд и Светска банка, наметнаа еден нов концеп на темелни и брзи реформи.

[132] Од услугите на македонското стопанство со Хрватска имаше 20,8%, Словенија 15,1%, и во Босна и Херцеговина 9,1%

недоразбирањета и меѓусебна недоверба меѓу македонскиот народ и албанското национално малцинство.

Исто така во тој период голем проблем предизвика и блокадата што ја воведе Грција против Република Македонија. Го затворила пристаништето во Солун, со тоа го блокирала снабдувањето со нафта на Република Македонија

Тоа создаде политичка нестабилност во Република Македонија, кој беше приморана да се снабдува со нафта преку Бугарија и Турција.[133] По Божиќ 1993 година, градоначалниците од Северна Грција побара директно затварање на границите со Република Македонија , отповикувањето на конзуларното преставништво од Скопје, откажување на сите видови на трговија и економски концесии дадени на Република Македонија и целосно блокирање во Егејскиот дел на Македонија и Тракија.[134]

Со тоа излезот на Република Македонија кон светот се ограничи на заобиколната врска преку Албанија и Бугарија. Новата историска етапа на економскиот и општествениот развиток на Република Македонија, како и на краткото време на владење на првата, т.н. „експертска'' влада на самостојна и суверена Република Македонија која ги повлече првите потези на дефинирање на најважните сегменти на стопанскиот систем и на основите на најзначајните економски политики.

Во 1992 година по изгласената недоверба на експертската влада се констутуира првата политичка влада.[135] По предлог на владата на 26 април 1992година на седницата на Собранието на Република Македонија беше усвоен закон, со што се изврши монетарно-финансиско осамостојување на Република Македонија и денарот се воведе како парична единица.[136]

Во суверена и независна Република Македонија беше многу важно како политичката елита ќе го мобилизира својот економски потенцијал за успешно да ги насочи кон внатрешниот и надворешнио економскиот и општествениот просперитет на државата. За остварување на ова стратешка цел требаше да се спроведе длабока економска и општествена реформа. Република Македонија по осамостојувањето веднаш се ориентира кон поврзување со европските и светските економската и политички структури.

Во социо- економски поглед, Република Македонија по осамостјувањето не се каратеризираше со пораст на бруто домашниот производ, што укажува дека соистемот

---

[133] Светозар Шкариќ, Д. Апасиев, В. Патчев, Спорот за името меѓу Грција и Македонија, ЈПСлужбен весник на РМ, Скопје2008, стр. 182.

[134]MIC,Skopje;Des.30,1993.

[135] Душан Велковиќ, Транзициона деструкција, Скопје 2001, стр. 63.

[136] Документи за Република Македонија 1990-2005, книга III, Скопје, 2008, стр.256.

кој се базира на општествена сопственост не е повеќе во можноста да дава позитивен економски ефект. Промените кои настанаа како резултат на започнатата транзиција иницираа и други негативни тенденции во развојот, како што се несодветниот географски развој и зголемените социјални разлики меѓу граѓаните на Македонија.[137]

Според мислењето на повеќето економисти што се занимаваат со анализа на стопанските движења и на промените во земјите во транзиција, најчести причини за незадоволителен успех во реформите се наоѓат во незаконитоста на програмата за реформа, во неспособноста и недоволен стручен капацитет во споредба со сложеноста на проблемите пред чие решавање беа исправени стручната недораснатост на раководните гарнатури во целост кои се ностели на реформите. Посебен проблем во процесот на транзиција преставуваше недостигот на капитал и пробивот на пазарите на развиените земји.Република Македонија, односно граѓаните на Македонија очекуваа дека ќе се тргне во длабоки но добро осмислени и врз реални основи проектирани реформи во стопанството и во целиот организам на општеството.

Кога се работи за широк зафат во правец на привитизација на општествениот односно на државниот капитал, нормално е со правна рамка јасно да се утврдат целите на привитизацијата, постапката и начинот на нејзиното изведување, носители на нејзината реализација и ефектите што се цели да се остварат.[138]

Со приватизацијата на општествениот капитал се почна, со цел да се надмине бирократското самоволиие и да се зголеми ефикасноста на стопанисувањето.

Со привитизацијата на претпријатијата со капитал со општествена сопственост требаше да се постигнат три основни стратешки цели:

1. да се зголеми економската мотивација;

2. да се зајакне конкуренцијата;

3. да се елеминира, или барем радикално да се намали, етатистичкото- бирократско самоволие; [139]

Во периодот до 1990 година повеќе истакнати интелектуалци најжестоко ќе се пресметуваат и ќе го кртикуваат постојаниот систем. Со критики кон системот особено ќе се истакнат Богомил Ковач, Јоже Менцигер, Владимир Глигоров Драган Веселинов. Тие ќе бараат комплетна пазарна економија, напуштање на општестваната

---

[137] М. Митревска, А.Гризлод- В.Бучковски, Е.Ванис- СВ.Џон, Превенција и менаџирање на конфликти- Случај Македонија-,Скопје 2009,87.

[138]Ibidem,126

[139]Ibidem,127.

сопственост. [140] Периодот на транзицијата се карактеризира со опаѓање на производството и на вкупната стопанска активност во државата и зголемување на бројот на невработени. Економската криза ќе влијае на дестабилизирање на општеството, ќе го отежнува напорите за излез од кризата, ќе создава атмосфера на несигурност и недоверба во институциите на системот и преспективата за нејзиното надминување.[141]

Излезот од економската криза, единствено се гледаше во формирање на пазар на капиталот, како предуслов за зголемување на ефикасноста на користење на средствата и нивната пазарна валоризација.

Либерализација на увозот и поголемата отвореност кон светот и создавање на конкурентноста на целиот југословенски пазар[142].

Со овие реформи се најавуваа формирање на нови претпријатија, а претпријатијата со општествен капитал ќе мора да се прилагодат и да се вклопат во новиот систем на стопанисување. Оваа трансформација во општеството и формирањето на приватни претпријатија се очекувало да го постигне ефектот на поголема мотивираност како кај работниците така и кај оние кои раководат со претпријатијата за постигнување на подобри резултати на пазарот со што би се зголемила ликвидноста, платите на работниците и стандардот на земјата.

Овие процеси на трансформација биле загарантирани со Уставот, кој што ги гарентирал сите видови на сопственост, општествена, приватана, здружена и мешовита.

Со ваква гранција се настојувало да се мотивираат и активираат сите граѓани и да ги вложуваат своите средства, посебно нашите кои живееат и работат во странство.

Процесот на привитизација на општествениот капитал минал низ повеќе фази и тоа три глобални фази:

- Првата фаза започнува во јули 1989 година;
- Втората фаза формално започнала со донесувањето на новата правна рамка (Законот за транформација на претпријатија со општествен капитал, како и на подзаконските акти);
- Трета фаза на процесот на приватизацијата започна со изборна победа на коалицијата „За промени.'';

---

140 Петар Гошев, Процесите на трансформација на СКМ, укинување на еднопартизмот и воведување на плуарализмот, Македонија (1989-1999),Скопје 2011,стр.57.

141 Големите обврски пред македонското стопанство, -Нова Македонија, (Скопје)XLV/15144(23март1989).стр.1.

142Пазаротво центарот навниманието.-Нова Македонија,(Скопје)XLV/15144(23март1989).стр.2.

Во врска со ефектите на приватизацијата, не е остварена ниедна од напред споменатите цели на приватизацијата до 2001 година.

Начинот на кој се вршеше приватизацијата овозможи беспримерно обезвреднување на општествениот капитал, уништување на голем број претпијатија, меѓу кои и дотогаш успешни, и безобзирен грабеж на општествениот имот, создаден со генераци.[143]

Може да се констатира дека политичките партии кога ќе дојдат на власт се однесуваат спротивно од прокламираните определби за економски и социјален прогрес. Излезот од политичката, економската и социјалната криза ќе се случи тогаш, кога со волјата на народот, на политичката сцена ќе излезе политичка партија, чии преставници во власта ќе се легетимират и на дело ќе се покажат како комплетни зрели личности, и сета своја енергија ќе ги стават во служба на националните и државните интереси.[144]

---

[143] Душко Велковиќ, Транзициона деструкција, Скопје, 2001, стр: 133,136,152.

[144]Ibedem, 297-298.

# ГЛАВА III

# 3 Надворешната политика на Република Македонија 1991-1993 година

## 3.1. Македонското прашање и улогата на меѓународниот фактор до 1993 година.

Република Македонија по своето осамостојување и независност прокламирана со новиот устав од 17 Ноември 1991 година ќе започне да го тресира сопствениот патот пред меѓународниот фактор и ќе покаже дека преставува стабилизирачки фактор на Блканот и во Европа. Собранито на Република Македонија ќе усвои Декларација за меѓународно признавање на Македонија на 19 декември 1991 година по барање на Европската заедница за меѓународното признавање на Република Македонија[145].

Независноста на Република Македонија ќе биде целосна, со признавање на државите од светот, каде Македонија ќе ја покаже својата конструктивност за соработка со балканските соседи и со државите од светот.

Република Македонија е со јасни дефенирани граници кон своите соседи, мнозинството се македонци од населението а малцинствата во државата целосно учествуваат во политичкиот и економскиот живот и сака да ги отвори вратите кон Европската унија и ООН.

Патотот за Република Македонија кон Европската унија и НАТО е трнлив, бидејќи ќе наиде на многу препреки и рампи од држави кои несакат да ја видат Република Македонија во тие големи семејства, каде се креира демократијата, економијата, стопанството и културата во светски размери.

Република Македонија и покрај сопките од поедини држави, има свои цели, да тропне на портите на ООН, НАТО и Европската унија и нема да се откаже. Република Македонија не се откажува од патот на демократијата, истрајна и упорно до ден денес со својата миројубива политика, со спроведување на реформите, продолжува да се движи по патот кој е многу поразличен од сите досегашни држави кои станале членки на Европската унија , ООН и НАТО.

[145]Документи за Република Македонија, 1990- 2005, книга III, стр. 297. ( прилог бр.6).

Со осамостојувањето и прогласувањето на независноста на Република Македонија, соседните држави повторно го отворија така нареченото „македонско прашање'' кое ги одразува несогласувањата меѓу државите на Балканскиот полуостров за македонската самостојност.

Меѓународниот фактор не се обидоа да ја заштитат положбата на Македонците и на Република Македонија, бидејќи сеуште немаа дефинирани ставови во однос на Република Македонија, иако беше присутен во сите сегменти од самиот почеток на осамостојувањето на Република Македонија. Поради големото грчко влијание и лоби во светот и нејзиниот негативе став околу непризнавањето на уставното име на Република Македонија, и меѓународниот фактор направи преседант кон Република Македонија ставајќи се на страната на Република Грција.[146]

Република Грција по осамостојување на Република Македонија и прогласување на независноста ќе и застане на патот за меѓународното признавање со контсруирање на вештачки, политички меѓудржавен спор.

Република Грција сметат дека постоењето на држава која се нарекува „Македонија'' го загрозува териториалниот интегритетот на Грција затоа што една од нејзините области го носи истото име. Затоа Република Грција ќе ги преземе сите расположливи средства да го попречи и отежни приемот на Република Македонија во Европската унија, ООН и НАТО.

Грција ги започна своите планови со тоа што застана на патот за признавањето на Република Македонија со објавувањето на економската блокада во 1992 и 1994 година, се обиде да ја стави Македонија на колена, истовремено сакаше да создаде една слика дека постои меѓуетничка нестабилнос во државата и стравот од соседството во Република Македонија и нивните аспирации кон нејзе. Република Грција сакаше да покаже дека Република Македонија нема капацитет како држава да ги издржи овие случувања и притисоци, таа одвај преживувала, а камоли да преговара и да се спротистави на членка на Европската унија. Меѓутоа Република Македонија ги преживеа блокадите, кои оставија големи последици не само врз економијата на државата, туку и врз целокупното општествено живеење во државата.

Цената беше голема, но нацијата доби нова самодоверба која преживеа и не попушти. Во овој период британскиот дипломат Роберт О Нил се обиде со предлог на име за меѓународна употреба Република Македонија (Скопје). Формулата иако беше прифатена од претседателот Киро Глигоров и Парламентот, Грција го одби тој предлог во 1992 година со тоа првиот обидот пропадна. Грција не се откаже од својата политика за негирање на името „Македонија'' а тоа кулминирало на самитот во Лисабон 1992 година, т.н. Лисабонска декларација, во која Европската Унија истакнала

[146] Преседанот што го направи меѓународниот фактор беше спротивен на Повелбата на ООН, за правата на државите која сосема јасно регулира дека новите држави имаат право да си изберат сопствено име како и право на самоопределување.

дека е подготвена да ја признае Македонија, но под име што нема да го содржи зборот „Македонија.'' Додека траеше битката за меѓународно признавање на Република Македонија на 27 јуни 1992 година, ЕУ тогашна (Европската заедница) во Лисабон донесе Декларација[147] под влијание на Грција за поранешна Југославија со која што се условуваше името на Република Македонија. Со Лисабонската Деларација, Европската заедница за прв пат официјално застана зад ставот на Република Грција која што бараше Република Македонија да се откаже од уставното име на државата.

Како одговор на тоа, Собранието на Република Македонија на 3 јули 1992 година донесе Декларација[148] во кој го оцени за неприфатлив делот на Декларацијата за поранешна Југославија на Европскиот совет на Европската заедница и го отфрли делот од Лисабонската Декларација што се однесува на промената на името на македонската држава со име кое нема да го вклучи терминот „Македонија.''

Грчката политика на напади продолжија, министерот за надворешни работи на Република Грција г.Папуљас, писмено му се обратил на Генералниот секретар на ООН, г.Бутрос Бутрос Гали во које ги наведува узурпацијата на името од страна на Република Македонија и теритрјалните претензии на Македонија, особено кон „Македонија- северниот дел на Грција''. Затоа во писмото наведува зошто немале да ја признаат Република Македонија, цитат од писмото „...Моја должност е повторно и јасно да нагласам дека грчката влада и грчкит народ никогаш нема да признаат држава чие име содржи збор Македонија, или било кои други зборови кои произлегуваат од тоа име''[149]. Република Грција го наметна спорот со непризнавњето на името на Република Македонија, воведе целосно економско енмбарго кон Република Македонија.

Во зимата 1993 година, Грција го блокира снабдувањето на Македонија со нафта од пристаништето во Солун, задржувајќи танкер со нафта [150].

Во ноември 1993 година, грчкиот министер за надворешни работи, г.Папуљас, писмено му се обрати на Генаралното собрание на ООН г.Бутрос Бутрос - Гали, информирајќи го за новиот став на неговата влада кон разговорите меѓу Република Македонија и Република Грција. Следи извадок од тоа писмо: „... Скопје настана како резултат на одредени геополитички шпекулации во минатото, идеи кои се уште би можеле да го дестабилизират регионот... Мирот во овој регион не е загрозен само од името на ова држава туку исто така и преку серија настани, кои произлегуваат од

---

147 Документи за Државност на Република Македонија ...,158 (прилог бр.4)

148Ibidem,159-160.(прилог бр.5)

149 Светомир Шкарич, Татјана Петрушевска, Спорот за името Грција и Македонија, Службен весник на РМ, Скопје 2008, стр.181.

150Ibidem, 182.

узурпација на името Македонија, и со цел креирање на нова, историска непостоечка земја, чија основна политика се териториjални претензии, особено кон Македонија-северниот дел на Грција. Моја должност е повторно и јасна дека грчката влада и грчкиот народ никогаш нема да признаат држава чие име содржи збор Македонија, или било кои други зборови кои произлегуваат од тоа име„.[151] Според интервјуто на претседателот- Коста Стефанопулус, за ТВ каналот Еурорњус, „Грција е приморана да воведа ембарго за да му обрне внимание на светот на прашаето што го дестабилизирало Балканот.''

По низа јавни говори и писмени изјави од страна грчките политичари за да се оправдат за своите испланирани цели, Грција во зимата 1993 година го блокирала снабдувањето на Република Македонија со нафта од пристаништето во Солун, задржувајќи танкер со нафта кој на Македонија би и бил доволен за цели три месеци.

Но економските и трговските блокади од страна Грција не стивнуваат, особено по предлогот на САД за дипломатско признавање на Република Македонија. Еден ден пред ембаргото, на улиците на Солун околу десетица илјади протестанти, веејќи пароли, прокламирајќи дека „Македонија е грчка'', како и знамиња со ѕвездата од Вергина.[152]

Протестантите го нападнале и конзулатот на САД во Солун, а претседателот Клинтон беше прогласен за предавник.[153]

На 16 февруари 1994 година, грчкиот премиер Андреас Папандреу објави дека Грција ги прекинува сите трговски врски со Македонија и дека го затвора нејзиниот конзулат во Скопје.[154]

Еден месец по блокадата, премиерот Папандреу, изјававил за Њујорк Тајмс, дека неговата држава била принудена на такви постапки затоа што наводно националната безбедност на Грција била загрозена од Република Македонија[155]

Политиката на Република Грција, со обвинување за територјалните претензии на Република Македонија и нејзиното националното загрозување, наиде на отпор кај Европската нација. Европската нација големи критики имаше упатено кон изјавата на заменикот министер за надворешни работи Пангалос, дека Германија, една од најмоќните држави членки на Европската унија, е „животински џин со детски ум'', Financial Times предложи дека грчкото претседавање со ЕУ, е „нашироко видено како

---

[151]Macedonian Information and Liaison Service (MILS) News, Skopje, Nov.8, 1993.

[152]Ibidem, 188.

[153]Ibidem

[154]Ibidem187.

[155]Ibidem, 189.

управувач без контрола на палубата на европскиот брод''. [156] Воведувањето на економската блокада на Република Грција кон Република Македонија, не беше одобрана од членките на Европската унија како што се: Велика Британија, Франција, Италија, Холандија, Германија, и Данска, нивната реакција беше дека Грција мора веднаш да ја прекине блокадата.

Жак Делор претседавачот со Европската унија, испратил официјална нота до грчкиот премиер во која ја истакнува загриженоста на Унијата и сериозноста на Европската комисија која ги испитува последните грчките мерки. [157]

На 6 април 1994 година, Ханс Ван де Брук објави дека Европската комисија решила да ја изнесе Грција пред Европскиот суд на правдата во Луксембург, заради енбаргото против Македонија. Европската комисија ја започна процедурата на 22 април 1944 година, не беше одобрена процедурата со која би ги подигнале ембаргото, затоа што Судот одговорил дека Комисијата ги штити интересите на Заедницата, а не на трета држава! ?[158]

На парламентарното собрание на Европскиот совет во Стразбург во јуни 1994 година, присуствувале на 28 делегати кои со своите дискусии го осудиле грчкото ембарго кон Македонија. На Собранието, Дискусијата започнала со излагањето на британецот Дејвид Аткинсон, кој што преставил краток приказ на ембаргото, потсетувајќи го Парламентот дека и покрај амандманите коишто Македонија ги усвои во својот Устав, Грција се уште не отстапува од својата позиција, со што ги крши правилата на Европската унија.

Цитат од излагањето на на г- Дејвид: „Младата македонска република е фатена во место помеѓу Србија и Грција. Ова само може да предизвика внатрешни тензии.

Понатаму, различните инциденти не тераат да стравуваме дека Македонија во иднина може да стане цел на српските територјални амбиции'',[159]завршен цитат.

Во своето обраќање преставникот на Финска го потсетил Парламентот дека Македонија, како специјален гостин во Советот на Европа, ги исполнува сите услови за прием во ова организација.[160]

Дискусите продолжиле, со истиот став дека енмбаргто не го одобрувале бидејќи во цивилиризиран свет државите треба разумно да се однесувале.

---

[156]Ibidem, 192.

[157]Ibidem, 193

[158]Ibidem 195,

[159]Ibidem, 195.

[160]Ibidem, 196.

Германскиот министер, Клаус Кинкел, рекол дека грчкото ембарго е „спротивно на прифатеното однесување помеѓу цивилизираните европски држави''.[161]

По средбата со претседателот Глигоров, г. Кинкел рекол: македонско-германските односи се развиваат инзвонредно добро....Според нашето мислење, Република Македонија е многу важна за Унијата и она што е неопходно во овој момент е да и се помогне да ги надмине своите економски потешкотии... и покрај тоа што Судот (на Европа) ги отфрли обвинувањата на Европската комисија, тоа се уште не значи дека ембаргото е легално и политички правдано. Ние веруваме во итната потреба да се разреши овој спор и да се отстрани блокадата... Македонија успешно докажа дека може да функционира како мултиетничка и демократска држава, дури и во овие екстремни тешки услови и затоа ние веруваме дека таа ја заслужува нашата потполна подршка''.[162]

Сличен став имал и италијанскиот премиер, Силвио Берлускони кој рекол дека цитат: „грчкото ембарго против Македонија е неразумно и дека како човек којшто ја става економијата пред се друго, тој едноставно не може да го прифати ова како форма на комуникација со други држави[163]. Со изјавите на европските делегати може да заклучиме дека Грција не само што не добила подршка, туку била критикувана и барале енбаргото да биде подигнато према Република Македонија. Сличен став имала и делегацијата на Советот на Европа при посетата на Македонија во мај 1994 година и на една прес конференција нагласиле дека „Македонија е демократска држава.

Совршени демократии се ретки, дури и во Советот на Европа''.[164]

Околу наметнатиот спор за името и енбаргото од Грција кон Македонија имаше големи критики и од странскиот печат. На пример Лондонски Тајмс во една своја статија од 21 февруари 1994 година напишал дека Грција се обврзала да осигурува доставување до Македонија на „редовни и соодветно спроведувани набавки на нафта''[165]. Понатака Тајмс потенцираше дека Македонија не се однесувала незаконски на ниту еден начин, Грчката опсесија со проблемот со името и прашањето на знамето не може да се смета за легитимна, според ниту една законска, морална или политичка мерка.[166]

---

[161]Ibidem, 197.

[162]Ibidem

[163]Ibidem,197.

[164]Ibidem,198.

[165]Ibidem, 201.

[166]Ibidem, 202.

На прашањето за признавањето на Македонија, The Nev York Times пишуваше: „Грција, државата коишто на Европа и ги престави комедијата и трагедијата, сега ги предводи партнерите од ЕЗ во срамна дипломатска фарса''[167]. Написот ја отфрли забелешката на Грција дека се соочува со воена закана од „ ова мини- држава без армија'' и заклучи дека „Вашинтонг му дал на лошото расположение на своите сојузници повеќе почит отколку што тие заслужуваат.Тој треба да ја признае независната Македонија без понатамошно одложување''[168]

Весникот од Торонто- La Stampa објави статија под име „Вампирите од 1914 се враќаат на Балканот''. Според овој весник, Грција била таа којашто ги прекинала сите односи, а потоа запалила уште еден фитил сличен на оној на Босна. Весникот запраша, но не можеше да одговори: „Зошто се Грците толку многу против Македонија?''

Од сите изјави и записи, кој во тој период ги имало доволно, можеме да констатираме дека меѓународниот печат беше по критички настроен во однос на Европската дипломатија кон грчката позиција, забележувајќи дека грчките сојузници иако го изгубиле трпението на грчкото однесување и нејзините барања сепак не преземале некои драстични мерки околу признавањето на Македонија и нејзиното евроинтегрирње.

Иако Грција неможе да го користи поимот „МАКЕДОНИЈА и Македонци'' за своите граѓани, таа само внатрешно како географскиот термин може да го користи. На меѓународен план поимот „Македонци и Македонија'' може да отиде само со нас, со македонците од Република Македонија, затоа Грција со сите силе се обидува да го спречи признавањето на Република Мкедонија и да го задржи монополот на името.

Се прашуваме, Дали единствениот услов за влезот во Европската Унија за Грција беше само наследството на античката грчка демократија и култура или пак ги исполни сите економски услови и критериуми? Дали античката култура е проблемот или богатството кое Грција ќе мора да го сподели со Република Македонија.

Отука и произлегуваат долгите преговори околу разликите во ставовите за името меѓу Република Македонија и Република Грција. Водењето на ваквата надворешна политика на Република Грција не наведува да заклучиме дека таа тајно и трајно работи на остварување на своите интереси да го спречи признавањето на Република Макединија по секоја цена а името да биде главниот фактор.

Македонската дипломатија и покрај сите препреки од соседните држави ќе ја продолжи битка за докажување и опстојување на името на Република Македонија, народот, нација и јазикот пред светската јавност.

---

[167]Ibidem, 203.

[168]Ibidem

Меѓутоа се случи преврт во интерес за Република Македонија, со Единбуршката Декларација на Единбуршкиот самит на Унијата под претседателство на Велика Британија. Бидејќи членките на Унијата се најдоа во еден нерешлив лавиринт, заклучи дека спорот за името на Република Македонија неможат да го решат бидејќи се оптоварени од истирискoто минато и стварноста и затоа излезот го видоа ООН[169], да влеза во процедура на прием на земјата кандидат Република Македонија.

Со тоа Европската Унија ја одблокирала Македонија за прием во ООН.

Претседателот Глигоров по разговорот со секретарот на ООН во ноември 1994 година во Женева официјално ќе изјави „правото на нашиот народ да го промовира своето уставно име на меѓународно ниво и на тој начин да ја разреши работата.''[170]

## 3.2 Меѓународното признавање на Република Македонија

Република Македонија, по своето осамостојување во контуинитет одржува и развива добрососедски односи со сите држави од поранешна Југославија и наметнатите спорови од некои свои соседи секогаш се обидува да ги реши на мирен и цивилизиран начин. Европската Заедница со усвоената Декларација од 16 декември 1991 година[171], ги повика сите југословенски републики со своите дадени изјави за независност и желба за меѓународно признавање да поднесат барање до 23 декември 1991 година.

Со тоа Европската Заедница ќе ја признае независноста на оние југословенски републики кои ги исполнуваат условите.

Примената на ова одлука почнува од 15 јануари 1992 година, а од страна на Европската заедница бил формулиран специјален прашалник со прашања на кои требало да одговорат републиките. На овој повик на Европската заедница Република Македонија позитивно одговорила.[172]

Покрај повеќет активности што беа превземени на овој план, посебно значаен момент за меѓународното признавање на Република Македонија преставува писмото што на 2 декември 1991 година, Претседателот Киро Глигоров го испратил до сите

---

169 Светозар Шкариќ, Д. Апасиев, В. Патчев, Спорот за името меѓу Грција и Македонија, Службен весник на РМ, Скопје2008, стр.429.

170 Ibidem,стр. 192

171 Ibidem, 296.

172 Стојан Андов, На мој начин, Матица македонска, Скопје, 2003,346.

шефови на држави и влади во светот за признавање на Република Македонија.[173] Писмото било испратено во пресрет на Декларацијата на Министерскиот совет на Европската Заедница во врска со Декларацијата за критериумите за признавање на новите држави во Источна Европа и Советскиот Сојуз и Декларација за Југославија со условите за признавање за поранешните југословенски републики.

Со тоа Република Македонија на надворешен план како приоритетна цел ќе го постави зачленувањето во Европската Унија. Вакво писмо истовремено испратил и министерот за односи со странство Денко Малевски,[174] до Претседателот на Советот на министри на Европската заедница, г-дин Ван Ден Брук со исто барање, признавање на независноста на Република Македонија од страна на Европската заедница.

Република Грција ќе го оспори правото за признавање на Република Македонија, како членка на Европската Заедница ќе бара гаранција од Република Македонија дека нема територјални претензии кон соседните држави и да не врши непријателски пропаганда против соседните држави.За Македонија започна еден долг, макотрпен и неправеден процесс на попречување и забавување на меѓународното признавање на македонската држава. Во тој процесс Република Македонија се соочи со разни пречки, блокади, изолации и санкции засновани на историските предрасуди и аспирации на дел од нашите соседи.[175] Република Македонија без своја вина остана изолирана и препуштена сама на себе, трпејќи ги последиците од војната на просторот на поранешна Југославија и покрај тоа што останаа надвор од неа.

Во исто време Република Македонија трпеше огромни штети наметнати поради воведените санкции на ОН кон Србија и Црна Гора, поради големиот степен на поврзаност на Македонското стопанство со стопанството на овие земји.[176]

Европската Заедница во функција на исполнувањето на условите за признавање на Република Македонија, побара Собранието на Република Македонија да изврши измени на Уставот, и со тоа ќе потврди дека нема територјални претензии кон соседните држави. Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 декември 1991 година, донесе одлука за пристапување кон измена на Уставот во функција на исполнување на условите за меѓународно признавање.[177] За таа цел Собранието на Република Македонија на 6 јануари 1992 година донесе одлука за

---

[173] Документи за Република Македонија 1990-2005, Скопје, 2008, книгаIII, 290 (прилог бр.7)

[174]Ibidem, 293.

[175] Киро Глигоров, Борбата за меѓународното признавање на Република Македонија, Зборник ,,Македонија 1989-1999,,, Скопје,2001,75

[176]ibidem

[177] Службен весник на РМ, 1991, бр.58.

прогласување на амандманите I и II а тие се однесуваат на измени на членовите 3 и 49 од Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН I

1. Република Македонија нема териториjални претензии кон соседните држави.

2. Границата на Република Македонија може да се менуваат само во согласност со Уставот, а во принципот на доброволност и во согласност со општествените меѓународни норми.

3. Со точката 1 на овој амндман се дополнува членот 3, а со точката 2 се заменува ставот 3 на членот 3 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН II

1. Републиката притоа нема да се меша во суверените права на другите држави и во нивните внатрешни работи.

2. Со овој амандман се дополнува ставот 1 на членот 49 на Уставот на Република Македонија.

Согласно со тоа, Арбитражната комисија сметала:

- Дека Република Македонија се откажува од било какви терторијални петензии во декларациите кои се недвосмислени и обврзувачки на планот на меѓународното право. Дека, со самото тоа употребата на името „ Македонија'' не би требало да подразбира никаква териториjална претензија на сметка на некоја друга држава.

- Дека од друга страна, Република Македонија официјално, во согласност на меѓународното право, се обврзала дека ќе се воздржи, воопшто, а особено

применувајќи го членот 49 од својот устав, од секакви непријателски пропаганда насочена против некоја друга држава.[178]

- Амандманот II укажува дека при практикување на грижата за сонародниците во другите држави Републиката нема да се меша во суверините права на другите држави и нивните внатрешни работи.

Овие амандмани се составен дел на Уставот и влегуваат во сила  од денот на нивното прогласуње. Сите овие измени овозможуивале Бадетеровата комисија да даде позитивно мислење за признавање на Република Македонија.

Но и покрај измените на Уставот, Европската Заедница не ја призна независноста на  Република Македонија. Арбитражната комисија не ја признала Македонија.

Својот извештај  Арбитражната комисија,[179] го доставила до Европскиот  совет на Европската Заедница. Во извештајот на ова комисија  било одговорено и во врска со деноминацијата на нашата земја односно дека името на државата Република Мекедонија не имплицира никакви тертитрјални претензии и дека не е пречка  за прием во Меѓународната заедница. Меѓутоа Европската заедница се оглуши на овој извештај и во средината на јануари реши да ги признаее Словенија и Хрватска како независни држави а Република Македонија и Босна и Херцеговина да ги остави да чекат некои подобри времиња.

Поради нееднаквиот став на државите во Европската Заедница  Претседателот Киро Глигоров дал изјава за извештајот на Баденеровата комисија, цитат од изјавата: Скопје, 15 јануари 1992година. [180] „Оваа одлука, преставува акт на признавањето на македонската политика, на нејзиното настојување, се што може да се постигне- да се стори во мир и со целосна подготвеност за соработка''. Истовремено, ова одлука е и акт на историска Правда за која со векови се борел нашиот народ. За разлика од документираниот став на Арбитражната комисија, дванаесетмина донесоа политичка одлука, засега да ги признаат само Словенија и Хрватска.

Ваквата одлука, според претседателот Глигоров, очигледно е израз на актуелните политички разлики што постојат внатре во Европската заедница и на поединечните интереси на одделни земји, кои за жал, барем привремено беа уважени. Образложение за непризнавањето на Република Македонија засега сеуште нема и тоа тешко може да се аргументира''  завршен цитат.

---

178 Документи за Република Македонија 1990-2005, книга III,Скопје,2008, стр. 315-316.

179Ibidem,стр. 321- 316 (прилог бр. 8).

180Ibidem.317.

Додека траеше битката за меѓународно признавање на Република Македонија на 27 јуни 1992 година, Европската унија тогашна (Европската заедница) во Лисабон донесе Декларација[181] под влијание на Грција, за поранешна Југославија со која што се условуваше името на Република Македонија.

Со Лисабонската Деларација, Европската заедница за прв пат официјално застана зад ставот на Република Грција која што бараше Република Македонија да се откаже од уставното име на државата.

Како одговор на тоа , Собранието на Република Македонија на 3 јули 1992 година донесе Декларација[182] во кој го оцени за неприфатлив делот на Декларацијата за поранешна Југославија на Европскиот совет на Европската заедница и го отфрли делот од Лисабонската Декларација што се однесува на промената на името на македонската држава" со име кое нема да го вклучи терминот „Македонија.''

Меѓутоа напорите на Република Македонија и нејзината борба да бидат меѓународно признатa субјект на светската политичка сцена не запреја, упорноста и истрајноста дадоа резултати. Политиката што ја водеше Република Македонија на негување на добрососедски односивродија плод.

Започна признавањето на Република Македонија, меѓу првите земји кои што ја признаа Република Македонија под нејзиното уставно име е Република Бугарија.

Амбасадата на Република Бугарија ги упати почитувањата на министерството за односи со странство на Република Македонија и ги предаде решенијата на бугарската влада и обраќањата на претседателот во СФРЈугославија. Цитат од Нотата за признавање на независностас на Република Македонија од Република Бугарија, Белград, 16 јануари 1992.

„Денес 15 јануари 1992 година, Република Бугарија одлучи да ја признае независноста на република Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Македонија.''[183] По признавањето од Република Бугарија следуваше признавањето од Република Турција.

Република Турција ја призна Република Македонија како независна држава, во која се вели: цита од изјавата „министерството за надворешни работи на Турција соопшти денес дека Турција во пакет ја призна независноста на Словенија, Хрватска, Македонија и Босна и Херцеговина''.

---

181 Документи за Државност на Република Македонија ...,158.( прилог бр. 4)

182Ibidem,159-160.(прилог бр.5)

183Ibidem, стр.318.

Одлуката за тоа ја донел Советот на Министрите на Турција на седницата со која раководел премиерот Сулејман Демирел[184]. Дипломатските односи помеѓу двете држави биле воспоставени на 26 август 1992 година.

Република Хрватска, со одлука на Претседателот д-р Фрањо Туџман, ја призна независноста на Република Македонија на 12 февруари 1992 година. Дипломатските односи меѓу двете држави биле воспоставени на 30 март 1992година.

Министерот за надворешни работи на Република Словенија, д-р Димитрије Рупел го известил министерот за надворешни работи на Република Македонија на 13 февруари 1992 година за одлуката на Собранието на Република Словенија дека ја признале независноста на Република Македонија. Дипломатските односи меѓу двете држави биле воспоставени на 17 март 1992 година.

Кралството Холандија ја призна независна и суверена Република Македонија како Поранешна Југословенска Република Македонија, во Хаг на 19 април 1993 година.

Република Босна и Херцеговина ја призна Република Македонија како независна и суверена држава на 20 април 1992 година. Дипломатските односи помеѓу двете држави биле воспоставени нз 27 мај 1992 година.

Од големо значење за меѓународното признавање на Република Македонија е нејзиното признавање под уставно име од страна на Руската федерација на 5 август 1992 година. Дипломатските односи помѓу двете држави биле воспоставени на 31 јануари 1994 година.

Голем исчекор во борбата за меѓународно признавање на земјата се случиле во април 1993 година, кога претседателот на Европската заедница, данскиот министер за надворешни работи Нилс Хелвег Петерсен соопштил дека девет од дванаесет членки на европската заедница ја признале Република Македонија како независна држава и дека наскоро тоа ќе го сторат и другите членки на Европската заедница со исклучок на Република Грција.[185]

Република Италија ја признала Република Македонија на 8 април 1993 година како самостојна и независна држава, како Поранешна Југословенска Република Македонија.

---

[184]Ibidem, 320.

[185] До крајот на 1993година, голем број странски држави дале свои официјални изјави дека ја признале или дека ќе ја признаат Република Македонија, некои со уставното име, а некои со референцата усвоена во ООН. Целосни диполоматски односи се воспоставени со 26 странски земји.

САД ја признале Република Македонија на 8 февруари 1994 година под рефренцата ПЈРМ како независна држава. До крајот на 1994 година, Република Македонија имала воспоставено дипломатски односи со 45 земји.

Со меѓународното признавање на Република Македонија и воспоставување на дипломатски односи со државите што ја признаа независноста и суверинитетот на државата, се направи еден голем исчекор во меѓународното признавање и нејзината афирмација под Уставното име, јазикот и културата на македонскиот народ.

## 3. 3. Соседните држави и меѓународната положба на Република Македонија

Од осамостјувањето и прогласувањето на независноста, Република Македонија својата надворешна политика постојано ја гради како миролубива земја која тежнее кон добрососедски односи во сите сфери на општественото живеење.

Република Македонија е упатена на отвореноc, соработка и поврзување со соседните земји, со земјите од поблискиот и поширокиот регион. За Република Македонија од суштествен интерес е да го јакне поврзувањето и партнерството, врз основа на заемни интереси.

Меѓутоа, од самиот почеток на нејзиното осамостојување во 1991 година, па дури и во денешно време таа е цел на големодржавнички апетити кои сакаат да го присвојат македонскиот народ, македонската историја, нејзината култура па и нејзината територија.

Република Македонија се уште има недоразбирање со некои од своите соседи, како и нерешени прашања кои се од клучно значење за македонската држава.

Во процесот на распаѓање на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Република Македонија беше единствената од четирите бивши југословенски републики, која од Федерацијата излезе на мирен начин без вооружени судири со ЈНА. Меѓутоа, долго време по осамостојувањето на Република Македонија, односите со СРЈугославија беа прилично затегнати.

Тоа се должело главно поради необележената и меѓународно не призната граница на Република Македонија со СРЈугославија.

По долгогодишните преговори на 15 февруари 2001 година била утврдена државната граница помеѓу Република Македонија и СРЈугославија, по што следувало

склучување на Договорот на 22 февруари 2001 година, и со тоа Република Македонија го разреши овој тежок проблем со СР Југославија.[186]

Меѓутоа, покрај решените политички проблем, автоќефалноста на македонската православна црква беше негирана од Српската православна црква.Негативниот став на СПЦ кон признавањето на Македонската православна црква и ден денес е присутен.

Српската православната црква не го признава постоењето на Македонската православна црква со тоа, таа отворано не го признава и постоењето на македонскиот народ.

Според ставот на СПЦ, ако нема МП Црква тогаш не може да има ниту македонскиот народ, а тоа би значело според нејзината логика дека Македонците се срби, бидејќи нашата црква канонски и припаѓала на нивната црква.

Српската православна црква одбива да ја признае автоќефалноста на македонската црква претендирајќи дека единствена автоќефална црква е српската православна црква

Овој проблем меѓу СПЦ И МПЦ се уште не е решен. Меѓутоа, во сферата на надворешната политика, на Република Македонија и на СРЈугославија, во заеднички интерес е градењето на добрососедтски односи па отука и некои посебни проблем со нашиот северен сосед кои би ја загрозиле безбедноста на Република Македонија како и нејзината надворешна политика не треба да постојат.

Република Бугарија, нашиот источен сосед, отсекогаш го негирал постоењето на македонскиот народ и македонскиот јазик. Според повеќето бугари, македонскиот јазик е само дијалект на бугарскиот јазик.

Република Бугарија е првата земја која ја призна Република Македонија под нејзино уставном име на 15 јануари 1992 година. Бугарија иако го признала постоењето на територијата на Република Македонија, меѓутоа не го признала постоењето на македонскиот народ. На 21 февруари 1999 година, била потпишана Декларација за пријателство и соработка од страна на примиерот на Република Македонија, Љубчо Георгиевски и премиерот на Република Бугарија, Иван Костов. Со потпишувањето на ова Декларација Реублика Бугарија признала дека постои независен македонски јазик, култура и нација.

Република Македонија за возврат се одрекла од правата на Пиринска Македонија.[187]

---

186 На 22.2.2001 година е парафирана спогодбата за утврдување на македонско-југословенската граница на Самитот на земјите на Кугоисточна Европа одржан во Скопје. Сопгодбата ја потпишаа претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски и претседателот на СРЈугославија, Воислав Коштуница.

Иако Република Бугарија ја призна Република Македонија но политичките односи околу меѓународното интегрирање на Македонија, не се усогласени. Република Бугарија ќе го подржи влезот на Република Македонија во Европската унија и НАТО кога Македонија ќе ги решела сите спорови со соседите тоа е официјалниот став на државата.

## 3.4.Спорот за името меѓу Грција и Македонија

За да се надминат разликите околу спорот за името, со посредници започнале преговорите помеѓу Република Македонија и Република Грција на 12 април 1993 година во согласност со мандатот даден од Генералниот секретар на ООН. Сајрус Венс бил поранешен државен секретар на САД и Лорд Овен кој едно време бил министер за надворешни работи на Велика Британија, во улога на посредници ги започнале преговорите меѓу Република Македонија и Грција за надминување на несогласувањета околу името и за тоа кое знаме ќе може да се истакне на јарболот пред седиштето на ООН.

Улогата на посредниците била да се изнајде предлог за да може да се постигне договор за прашањето околу името на Република Македонија.

Меѓутоа и покрај залагањата на посредниците на ООН не беше постигнат договор, се организираа многу средби со преставниците на двете страин но за жал се уште и до денес ова прашање остана нерешено. Република Грција се уште стои на ставојо тврд став, дека името Македонија им припаѓа само на нив и дека македонските кралеви се дел од грчката историја и ние немаме никакво право на нив.[188]

По целиот тој процес на посредништво на 13 септември 1995 година во Њујорк, министерот за надворешни работи на Република Македонија Стево Црвенковски и министерот за надворешни работи на Република Грција Карлос Паоуљас потпишале Привремена Спогодба за нормализација на односите меѓу двете земји кои во договорот биле именувани како Прва и Втора страна.

Македонскиот влог за нормализирање на односите со Грција беше голем а тоа е промена на знамето со шеснаестkрако сонце и негова замена со осум краци како признание дека сонцето од „Вергина'' и припаѓа на грчката историја а не на „Скопје.'' Како резултат на потпишаната Привремена спогодба, Грција на 15 октомври 1995

[187] На 10.2.1999 година во Софија бил постигнатдоговор за т.н. јазичен спор. Со овој договор меѓудругото, Република Македонија се откажа од грижата за македонското малцинство во Република Бугарија.

[188] К.Глигоров ,Op.cit,79.

година го укина трговското ембарго кон Република Македонија кое беше воведено на 16 февруари 1994 година. По потишувањето на Привремената спогодба помеѓу Македонија и Грција се воспоставија диполоматски односи а воедно се унапредија и економските односи меѓу двете земји. На 5 октомври 1995 година, поради потишаната Привремена спогодба, Собранието на Република Македонија ќе го донесе Законот за новото знаме со осум крака. Во февруари 1996 година година на зградата на македонското собрание се развеа новото знаме со осумкрако сонце. На 9 октомври 1995 година Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Грција била ратификувана, па така на свечен начин пред палатата на ООН на 22 октомври 1995 година во Њујорк е подигнато знамето на Република Македонија.

Политичките односи ќе почнат да се воспоставуваат со Република Албанија по паѓањето на диктаторскиот режим на Енвер Хоаџ, кога ќе започне процесот на демократизација и плуарализам.

По падот на режимот на Енвер Хоџа, Република Албанија ќе ја промени својата надворешна политика, а на нејзините челни позиции ќе се постават главно луѓе задоени со националистички идеи.

За развојот на националистичката политика, свое големо влијание имала и Албанската академија за науките и уметностите - ААНУ. Академија на Албанија во осамостојувањето на Република Македонија, како и во немирите кои планирано и добро организирано се воделе на Косово, виделе своја шанса за реализирање на идејата за создавање на Голема Албанија на сметка на сите нејзини соседи. [189]

Членовите на Албанската академија јасно се држеле до ставовите и одлуките на Призренската лига. Во својот меморандум тие мошне децидно ги истакнувале своите залагања за Голема Албанија[190] како и за тоа од кои соседи ќе се бараат територии за остварување на нивната идеја Голема Албанија.

Идејата за Голема Албанија се вкоренила во мислите на Албанците независно од тоа каде и да се наоѓа. Во таа смисла се познати и потезите на Албанците кои ја потикнуваат таа идеја со истакнувањето на граѓанските права на Албанците и решавањето на албанското прашање на Балканот и тоа во пакет.

Пакетот за решавањето на албанското национално прашање има своја Платформа[191] во која е јасно презентирано дека сите други народи на Балканот се дојденци и дека окупирале територии на Албанците кои се староседелци[192]

---

[189] Митре Арсовски, Стојан Кузев, Ристо Дамјановски, Војната во Македонија во 2001година,Скопје, 2006,28.

[190]Ibidem, 477.

[191] Во Платформата на ААНУ за решавање на албанското национално прашање на Балканот, издадена во октомври 1998година, меѓудругото пишува: ,, Патот на решавањето на албанското

Платформата предвидува создавање на Голема Албанија на штета на Црна Гора, Србија, Македонија и Грција.[193]

Република Албанија во својата надворешна политика, ја признала Република Македонија користејќи ги и името и привремената референца. Република Албанија ја признава Македонија под уставно име во билатералните односи, но во мултилатералните организации е обврзана да ја следи востановената политика на тие организации.

Република Албанија во непризнавањето на уставното име на Република Македонија видела шанса да го постави прашањето за пакетот за правата на Албанците на Блаканот. Таа почнала да крои планови како да дејствува преку албанското национално малцинство во Македонија за остварување на своите националистички идеи.

На македонската граница, граѓаните на Република Албанија вршеа разновидни притисоци. Па така, веднаш по осамостојувањето и почетокот на создавањето на граничната служба, Република Македонија имала голем проблем со одржувањето на граничниот режим кон нашиот западен сосед.

Зато, Република Македонија склучи договор за обновување, одржување и одбележување на граничните линија, спречување и решавање на инциденти на македонско- албанската граница со Република Албанија.

Собранието на Република Македонија ја ратификуваше спогодбата на 11 февруари 1998 година.[194]

Република Македонија поради одговорноста за воспоставување и одржување на мирот и безбедноста, ќе потпиеше Спогодба за соработка со балканските држави за регилирање на односите.

Спогодба за регулирање на односите на Република Македонија со Сојузна Република Југославија е склучена во Белград, 8 април 1996 година.

Помеѓу Република Македонија и Бугарија, на 23 јануари 2002година се ратификуваани две спогодби во Собранието на Република Македонија, за спречување и решавање на граничните инциденти и Спогодба за чување, одржување,

---

национално прашање на Балканот за сите Албанци , независно каде се населени , од ова или од онаа страна на границата, внатре или надвор од етничките простори, посакуваат што побрзо обединување на нивните простори во единствена албанска држава,,.

[192] М. Арсовски, С. Кузев, Р. Дамјановски, Op. cit, 28.

[193]Ibidem.

[194] Документи за Република Македонија 1990-2005, книга III, Скопје, 2008, стр. 893

обележување на државните граничните линии. Ваква спогодба единствено не беше склучена со Грција.

По распаѓањето на поранешна Југославија беше отворено и прашањето на сукцесијата за новонастанатите држави. Овоа прашање првпат било споменато од арбитражната комисија од 10 декември 1991 година.

На Лондонската конференција од 26 до 28 август 1992 година, била формирана Работна група за прашање за сукцесија за државите настанати по распаѓањето на СФРЈугославија.[195]

Република Македонија како мала држава, со тековни проблеми околу името, требало да се подготви за предизвиците од државите кои ќе вршат големи притисоци во реализирање на нивните политички интереси како Република Грција. Република Грција како член на Европската унија и НАТО, била во позиција да има влијание кај другите членови за попречување на патот на Република Македонија за членство во НАТО и Европската унија.

Прашањето на постоењето на добрососедските односи останува како една од основните сугестии на институциите на Европската унија спрема државите кои се аспирант за полноправно членство во Европската унија. Тоа се однесува и на спорот за името на Република Македонија и Република Грција. Овој аргумент треба да го сватиме како значајна забелешка на Европскиор парламент дека без постигнување на компромис со името, процесот и понатака ќе се забавува без разлика на сите досегашни спроведени реформи во државата.

## 3.5.Приемот на Република Македонија во ООН

Република Македонија како независна и самостојна држва, покажа дека сите настанати проблем досега ги решавала на мирољубив начин, преку преговори и компромис со големо чуство на толеранција и трпение водејќи сметка и за интересите на соседите.

„Македонскиот народ е народ кој се оформирал во рамките на географскиот историски простор на Македонија во еден континуиран развоен процес.

Тој со вековното опстојување на овие простори се здобил со легимитет врз територијата на Македонија и станал наследник на сите историски и културни автохтони традиции и вредности, носејќи ги името Македонија и Македонци низ

[195]Ibidem, 956- 957.

вековите како свое етничко и историски легитимно име.'' [196] Република Македонија својата независност ја стекна на еден демократски и мироЉубив процес во согласнос со принципите на Повелбата на ООН која во целост ги подржува и почитува принципите.

Затоа Собранието на Република Македонија донело одлука за стапување на Република Македонија во членството на ООН [197], бидејќе во целлос ги почитува и спроведува принципите на ООН. За таа цел со одлука на Собраниет на Република Македонија претседателот Киро Глигоров испратил писмо до Генералниот секретар на ООН Бутрос Бутрос Гали со кое официјално е побаран приемот во ООН.

Обидод на Македонија за зачленување во ООН ќе биде попречен од Грција со изговор дека приемот по уставно име на Рпублика Македонија ќе го загрози мирот во регионот. Република Грција на 25 јануари 1993 година испратила Меморандум од 16 точки до Генералниот секретар на ООН, во кои биле изнесени нејзините забелешки за приемот на Македонија. Во состав на меморандумот имало повеќе прилозо од одлуките на АСНОМ, етнички карти на Македонија, со тоа Грција сакала со наведените аргументи да ја негира националната историја на Македонците за да го спречи приемот на Република Македонија во ООН.

Како реакција на Меморандумут испратен од Грција да се спречи приемот на Македонија во ООН, и Претседателот Киро Глигоров испратил писмо до Генералниот секретар на ООН, а во прилог на писмото било доставен и Меморандум со аргументи и краток историски преглед на македонскиот народ и државата. Во меморандумот се истакнува дека Република Македонија ги исполнувала условите и критериумите за прием во ООН предвидени со член 4 од Повелбата, истакнувајќи дека не постои легална ни процедурална основа една земја да го спречува или да го условува приемот на друга земја во ООН, бидејќи тоа е спротивно на начелата на ООН.

По неколку месечно исчекување, преговарање и попречување на приемот на Република Македонија во ООН, од страна на Грција, Советот за безбедност на седницата одржана на 7 април 1993 година, ја усвои Резулуцијата 817 со која Советот за безбедност му препорачува на Генералното собрание да ја прими Република Македонија во членството на ООН под привремениот назив „поранешна југословенска Република Македонија.'' [198]

Советот за безбедност за таа цел ја носи Резулуцијата 817[199] на 7 април 1993 година со која му препорачува на Генералното собрание да ја прими Македонија во рамките на ООН под привремена референца „поранешна југословенска Република

---

[196]www. soros.org.mk.op. cit. Istoriskiot legimititet na imeto Makedonija- Makedonci.

[197] Службен весник на РМ, 1992, бр.46.

[198] Документи за Република Македонија 1990-2005, книга III, Скопје 2008, 541.

[199]Ibidem, 540.

Македонија'' се до решавањето на разликите што се појавија оклу името на државата.

Еден од клучните чекори во процесот на меѓународното признавање на Република Македонија беше нејзиниот прием во членството на ООН на 8 април 1993 година како 181членка но со привремено име.

Претседател на Советот за безбедност при приемот на Република Македонија во ООН, беше амбасадорот на Пакистан, Џамишид Маркер.

Првпат формулацијата „поранешна југословенска Република Македонија'' официјално беше употребена во Декларацијата за Македонија усвоена на неформалниот состанок на министрите за надворешна работа на Европската Заедница, одржана во Гимараеш (Португалија) од 1 до 5 мај 1992 година.

На 1 февруари 1993 година, Велика Британија, Франција, и Шпанија во името на Европската Заедница во тоа време членки на Советот за безбедност, му предложија на Советот за безбедност Република Македонија да се прими во членството на ООН под привременото име.

Целиот процес и постапки на приемот на Република Македонија во членството во ООН треба да биде предемет на анализа на стручњаци од областа на меѓународното право во светот, бидејќи постапката за приемот на Република Македонија во членството во ООН, преставувало јасно и повеќе кратно кршење на Повелбата на ООН.

Поради спротиставувањето на Грција во ООН се прави уште еден преседант во ООН со неистакнувањето на државното знаме на Република Македонија на јарболот пред седиштето на ООН во Њујорк. Република Македонија, поради притисоците од Грција во ООН, ќе биде приморана повторно да прави измени и промени овој пата на државното знаме. Македонија ќе мора да го промени постоечкото шеснесто крако знаме. Република Македонија по промената на шеснаесет кракото знаме и прогласување на новото осум крако знаме како државно знаме во октомври 1995 година, беше истакнато знамето пред зградата на ООН. По приемот во ООН, Република Македонија стана членка и на специлијзираните агенции и програми од системот на ООН. [200]

За таа цел, Република Македонија мораше да ги задоволи условите предвидени во член 4 (1) од повелбата на ООН

- да биде држава, да биде мироЉубива држава, да ги прифаќа обврските што произлегуваат од Повелбата на ООН, да биде способна нив да ги извршува и да сака да ги извршува.[201]

---

[200]Ibidem, 541.

[201]ibidem, 229.

За приемот на Република Македонија во ООН, под влијание на грчко-македонскиот спор околу името на Република Македонија, беа формулирани дополнителни услови за членството:

- провизорно обраќање кон Република Македонија за сите потреби во ООН како кон „поранешна југословенска Република Македонија'' и започнување преговори насочени кон „надминување на разликите околу името на државата'' при што вториот требаше да биде исполнет во привремена, но не дефенирана временска рамка во моментот на стапување на Република Македонија во ООН.[202]

По приемот во ООН, во 1993 година Република Македонија и Република Грција започнале преговори „за разликите околу името.'' Преговорите сеуште течат онака како што е предвидено, имено, „под покровителство на ООН.'' Ваквата формулација на преговори, во практиката на Организацијата е синоним за нејзино посредување/медијација за мирно решавање спорови. Во македонско- грчкиот спор околу името, во својство на посредник се јавува Организацијата во целина. [203]

Со резулуцијата 845 (18 јуни 1993година) решавањето на спорот се стави под назор на Генералниот секретар на ООН, првенствено на Сајрус Венс а потоа на Метју Нимиц како споецијален преставник на Генералниот Секретар на ООН.

По приемот во ООН на Република Македонија и се отворија вратите за зачленување во меѓународните организации, опфаќајќи ги тука Советот на Европа, ОБСЕ и Пртнерството за мир.

## 3.6. **Мировни мисии на ООН во Република Македонија**

Поради вооружените судири во соседството кои преставуваа голема опасност и можност да ја дестабилизират Република Македонија, претседателот Киро Глигоров побарал меѓународна и превентивна заштита за безбедноста на Република Македонија и на нејзините граѓани од страна на ООН.

Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, при неговата посета на ООН во Њујорк, побарал распоредување на силите на ООН во Република Македонија поради неговата загриженост за можното негативно влијание на воените дејства од просторот на поранешна Југославија врз Република Македонија. Потребите

[202]Ibidem

[203]Ibid,237-238.

за присуство на Обединетите нации во Македонија биле неопходни, кои произлегувале од неколку клучни момент.

- Прво, итна потерба за пополнување на одбрабениот вакум по стекнувањето на независноста.
- Втора, можност војната да се прелее од север преставувало реалност којашто требало да се претпостави.
- Трето, ситуацијата во Косово ја зголемуваат загриженоста во поглед на меѓуетничките односи во земјата.
- Четврто, идеате за „Голема Албанија'' и „Голема Србија'' и можеби , „Голема Бугарија'' не беа непознати за политичарите во регионот.
- Пето, нестабилната економска ситуација во земјата продолжи да предизвикува негативно влијание , особено врз меѓуетничките односи.[204]

Распоредување на мировните сили, исто така, било препорачливо и од ко-претседателите на Раководниот комитет на Меѓународната конференција за поранешнаЈугославија,Саирус Вен и Лордот Дејвид Овен.

Карактеристични биле околностите под кои била покрената ова инцијатива: бидејќи во формално - правна смисла, не постоело непријателство помеѓу, Република Македонија од една страна и од другата страна, Албанија и Социјалистичка Република Југославија, покрај чии граници подоцна биле стационирани силите на ООН. И покрај тоа што не постоеле услови за тоа, недостаток од нарушување на мирот или акт на агресија, сепак заканата за нарушување на меѓународниот мир во регионот постоеле.[205]

На 23 ноември 1992 година генералниот секретар го известил Советот за безбеднос за официјалното барањето на Претседатело Киро Глигоров за распоредување на набљудувачи на ООН во Република Македонија.По добиената согласнос од Советот за безбеднос, Генералниот секретар испратил истражувачка мисија, која престојувала во Македонија од 28 ноември до 23 декември 1992 година. Истражувачката мисија била составена од воен, полициски и цивилен персонал и по извршените разговори со властите на Република Македонија и проценката на ситуацијата, мисијата, врз основа на наодите од извршената задача, препорачале да се воспостави мало присуство на УНПРОФОР на македонската страна од границата со Албанија и Социјалистичка Република Југославија. Врз основа на наодите на мисијата, Советот за безбедност на 11 декември 1992 година го одобри Извештајот на Генералниот секретар и едногласно ја усвоил Резулуцијата 795, со која се одобрува

---

[204] М.Митревска,А.Гризолд,В.Бучковски,Е.Ванис,Превенција и менаџирање на конфликти-Случај Македонија-,Скопје 2008,95

[205] Документи за Република Македонија1990-2005, Скопје,2008,книга III, 748.

воспоставување на УНПРОФОР[206] во Република Македонија, иако таа во тој момент на била членка на ООН.

Првите припадници на мисијата во Република Македонија пристигнале на 27 декември 1992 година и веднаш биле распоредени долж западната и северната македонска границата. Распоредените превентивни сили во Република Македонија биле прва мировна операција од таков тип во историјата на операциите за чување на мирот. Оваа била операција која што имала превентивен мандат. Во историјата на ООН за прв пат биле распоредени меѓународни мировни сили на територијата на една држава каде што нема нарушување на мирот или акт на агресија, значи не постоел вооружен судир внатре во самата држава ниту пак судир или војна меѓу две или повеќе држави.[207]

Оваа Мисија била ополномоштена исклучиво да ја набљудува ситуацијата на теренот и за тоа да го известува Генералниот секретар на ООН.

Процесот на набљудување бил дозволено да се врши по должината на граничната линија со Албанија и Социјалистичка Република Југославија од страна на Република Македонија, а владите на Албанија и СРЈугославија биле само информирани за доаѓањето на УНПРОФОР во Република Македпнија. Целите на ова историска мисијата имале позитивна улога и биле прецизно формулирана: да се спречи проширувањето на конфликтот од територијата на поранешна Југославија на територијата на Република Македонија, односно набљудувањето на границата од страна на ООН на требало да заначи само известување за настаните што значи надворешни закани за територијата на Република Македонија, туку и одвраќање од надворешната агресија.[208]

Присуството на ООН во Република Македонија, говори дека Македонија не е недефинирана територија, туку држава со прецизно дефиниран статус. Во текот на извршувањето на доверените функции, мисијата на ООН во Република Македонија морала да ги почитува правила на секоја традиционална мировна операција:

- прво, не смеела да употребува каква била сила, ниту да се закануваат со сила, освен во случај на самоодбрана;
- морала максимално да го почитува територјалниот суверинитет на државата домаќин и да остварува соработка со националните власти.[209] Бројот на членовите на мисијата се менувал, од околу 800 припадници на почетокот (февруари 1993), во јуни

[206] С.Шкариќ,Д.Апасиев,В.Патчев,Спорот за името меѓу Грција и Македонија, Скопје,2008,стр 762

[207]Ibidem., 760.

[208]Ibidem., 763.

[209]Ibidem,779.

1993, бил зголемена за 300 војници, вкупно со окулу 1000 војници. Советот за безбеднос по интензивирање на кризата во Косово донел одлука за зголемување на воениот дел на мисијата до 1050 војници. Воените сили биле под команда на воен командант, а командување со мисијата се одвивало во рамките на УНПРОФОР и во рамките на УНПРЕДЕП. Командатот на силите на УНПРОФОР бил командант и на силите Република Македонија.[210] Во периодот од 11 ноември 1992 година до 31 март 1995 година, мисијата во Република Македонија функционирала во состав на УНПРОФОР. Во Република Македонија УНПРЕДЕП(United Nations Preventive Deployment) е воспоставен како дистинктивен оперативен ентитет во Република Македонија со Резулуција 983, од 31 март 1995 година.

Мисијата на УНПРЕДЕП е раководена од цивилен шеф на мисијата, Хенрик Сокалски и воениот командант Бент Сонемант.[211]

Мандатот на УНПРЕДЕП бил заснован на три продолжени периоди:

- Прво, набљудување, посебно на северните и на западните гранични подрачја, и известување на генералниот секретар за какви било случувања кои можат да преставуваат закана.

- Второ, со своето присуство да обесхрабрат закани од кој било извор, како и да превентираат судири што може да се случат помеѓу надворешните елементи и македонските сили и на тој начин да ја зацврстат безбедноста и довербата во Републиката.

- Трето, да се користи доброто управување во соработка со авторитетите на Републиката, што ќе придонесе за одржување на мирот и на безбедноста[212]

По одобрение на Советот за безбедност го продолжи мандатот на мисијата (февруари 1996 година) од март 1995 до февруари 1999 година со усвојување на посебна резулуција. УНПРЕДЕП продолжил да функционира како посебна и самостојна мисија со директно известување и под директна надлежност на седиштето на ООН во Њуорк.[213]

Мисијата на ООН во Република Македонија функцинирала седум години. Советот за безбедност на 25 февруари 1999 година, при гласањето за продолжување на мисијата во Република Македонија за уште шест месеци, не ја

---

[210]Ibidem.,784.

[211] М.Митревска, А.Гризолд, В.Бучковски, Е.Ванис, Превенција и менаџирање на конфликти-Случај Македонија-, Скопје2008,97.

[212]Ibidem,97

[213] Документи за Република Македонија1990-2005, Скопје,2008,книга III, стр.788.

усвоил предложената Резолуција 201, поради гласањето против од амбасадорот на НР Кина, со што мисијата престанала да функционира.[214]

Ако се направи анализа за присуството на меѓународните силите во Република Македонија, нивното функционирање и реализацијата на мандатот на мисијата, може генерално да се оцени дека тоа е една од најуспешните мировни операции на ООН.

Но, и покрај сите позитивни оценки за успешно функционирање на мисијата, сепак присуството на силите требаше да биде во моментот кога им беа најпотребни на Република Македонија, а тоа било за време на интивизирањето на косовскиот конфликт во текот на 1998 и почетокот на 1999 година.[215]

На крајот и Македонија падна под притисок на акумулираните и нерешените регионални конфликти во поранешна Југославија, без воопшто да има вистинска можност да се сврти кон сопственото општество и да ги среди сопствените проблем.

Погрешна била претпоставката дека надворешните проблеми нема да се прелејат во Македонија. Меѓутоа се случија настани кои беа како резултат на надворешните влијаниа. Во Република Македонија под влијани на немирите во Косово се случија неколку инциденти како што биле: незаконската употреба на знамето на Република Албанија во Тетово и Гостивар од страна на локалната власт, во пролет 1998 година се случиле неколку бомбашкли напади во Гостивар, Куманово и во Прилеп, а одговорноста за инцидентите ја презеле ОВК-Ослободителна војска на Косово. Интрвенцијата на НАТО врз СРЈугославија во 1999 година продуцирала „етничко чистење'' на Косово кое резултираше со „Косовска бегалска криза'' од која, точно 379,523 бегалци побараа засолниште на просторот на Република Македонија.

Од нив, 287.423 останаа во Македонија. Пирисуството на бегалците, за кој Македонија ќе стане нивет траен дом , ќе предизвикат демогравско поместување, според тоа, бројот на жителите во Македонија се зголеми за 14,77%.[216]

Со интервенцијата на НАТО, Македонија станала „колатерална штета'' кризата која била директно увезана во Македонија, преку ноќ, Македонија се трансформираше од „оаза на мирот'' во Плаце дж армее.''

Албанците ги обвинувале Македонците за отсуство на сочуство за бегалците, додека пак, многу Македонци во бегалците и во членството на албанското малцинство почнаа да гледат потенцијални борци на ОВК, што подоцна се покажа како точно.[217]

---

[214]Ibidem,813

[215]Ibidem,814.

[216] Превенција и менаџирањена конфликти,100.

[217] Документи за Република Македонија1990-2005, Скопје,2008,книга III, 813-814.

Според изјавата на Николас Вајт „Конфликтите во 2001година во Република Македонија настанаа по грешка (!?). Највжно нешто во Рамковниот договор е што во него Репблика Македонија е именувана со уставното име, а не со кратенката ПЈРМ[218]

Република Македонија и покрај исполнувањето на стандардите кои се бараа за зачленување во НАТО организацијата, но поради нерешениот споро со Република Грција, користејќи го нејзиниот авторитет во меѓународната позиција можеме да заклучиме дека Грција не ја почитува политичката независност на Република Македонија, и правото сама да направи избор на уставното име и со ова се вмеша во политичката независност на Македонија

[218] Спорот за името, стр.329.

# Глава IV

## 4. Надворешната политика на Македонија по приемот во ООН

По приемот во ООН, Република Македонија започна една голема активна политика со цел да се зголеми меѓународното признавање од што поголем број на држави и да се афирмира позицијата на Република Македонија како суверена и независна државата.

„Во процесот на стекнување на независност и меѓународно признавање на Република Македонија, целосно се афирмирала македонската држава, нација, јазик и култура. По приемот на Република Македонија во ООН, ко- претседавачите на Раководниот комитет на Меѓународната конференција за пранешна Југославија, во согласност со Резулуцијата на Советот за безбедност 817 ги започнале нивните добри услуги и преговори со преставниците на Република Македонија и Република Грција за решавање на разликите околу името. Претседателот Киро Глигоров во своето писмо испретено до Генералниот секретар на ООН[219] истакнал, дека Република Македонија е подготвена да продолжи да соработува со ко- претседавачите, г-нот Венс и лордот Овен[220] кои дадоа значаен придонес, но дека имаат конкретни приговори во врска со одредени сугестии на ко-пертседавачите со следното:

-неприфатливоста на членот 5 од предложениот Нацрт, бидејќи доклку се прифат, би можело да имплицира измени на Уставот а тоа да предизвика дестабилизација на земјата.

- потребно било да се нагласи македонскиот и грчкиот јазик како јазици на двете страин коишто треба да потпиешат меѓународен договор.

-Предлага членот 8 треба да ги вклучи и : Декларацијата на ООН за Правата на лицата кои припаѓаат на национални, етнички, верски или јазични малцинства и Препораката на Парламентарното собрание на Советот на Европа за правата на малцинствата.

Во писмото претседателот Глигоров истакнал дека нашето уставни име „Република Македонија'' не имплицира никакви територјални или други аспирации, што е суштинското барање на Резулуцијата 817.

---

[219]Ibidem, 467-478.

[220] Согласност Резулуцијата 817, ко- претседателите лорд Дејвид Овен И Сајрус Венс добиле мандате да ги започнат нивните добри услуги со цел да се обидат да доведат до решавање за ,,разликите" околу името помеѓу Република Македонија и Грција.- ibidem, 471.

По зачленувањето во ООН започнало меѓународното признавањето на Република Македонија од страна на голем број држави, од кои повеќето под уставното име. Признавањето под уставно име за Македонија значело триуф на историската вистина, правдата и потврда на историскиот легитимитет и континуитет на македонската нација и држва.'' [221]

„Политиката за мир и активната соработка на Република Македонија со соседите и другите земји и нејзината решеност да ги применува меѓународните стандарди, е најдобриот пат за натамошниот просперитет и за надминување на рецидивате од минатото.'' [222] Во 1993 година Република Македонија и Република Грција започнаа преговори „за разликите околу името.''

Преговорите сеуште течат онака како што е предвидено, имено, „под покровителство на ООН.'' Ваквата формулација, во практиката на Организацијата е синоним за нејзино посредување/медијација за мирно решавање спорови.

Во македонско- грчкиот спор околу името, во својство на посредник се јавува Организацијата во целина.

Со посредство на Сајрус Вене специјален пратеник на Генералниот секретар по повеќемесечни преговори на 13 септември 1993 година со министрите за надворешни работи во Њујорк во седиштето на ООН, ја потпиешаа Привремената спогодба помеѓу Република Македонија и Грција или спогодба на „првата и втората страна.''

## 4.1. **Воспоставување на дипломатски односи на Република Македонија со државите во светот**

По приемот на Република Македонија во ООН и признавањето под Уставното име започнал и процесот на воспоставување на дипломатските односи на државите од Европа и светот. Република Македонија ја потврдила долготрајната орентација на добрососедски односи со сите соседи врз принципотот на неповредливост на границите, и покрај разните предрасуди на поедини држави, Македонија докажа дека е способна да истрае како независна држава, со својот народ, со автентичен национален и културен идентитет, со длабоки историски корени и сопствен придонес кон европската култура и цивилизација. Со текот на времето тој

[221]www. soros.org.mk.op. cit. Istoriskiot legimititet na imeto Makedonija- Makedonci

[222]ibidem

факт беше признаен и прифатен од нашите соседи. Процесот на признавањето на Република Македонијас започнал во 1992 година. Од тогаш до денес, со Република Македонија воспоставени се дипломатаски односи со вкупно 167 држави.

Иако Република Македонија имала назначено свој дипломатски преставник во Брисел, но до потпишувањето на Времената спогодба со Република Грција тоа не можело да се реализира се до септември 1995 година.

Во декември 1995 година биле воспоставени поцелосни дипломатски односи меѓу Република Македонија со Европската унија, со отвареање на свое дипломатско преставништво во Европската унија - Мисија на Република Македонија во Брисел.

Меѓутоа упорноста и мирољубивата политика на Република Македонија ги дадоа првите дипломатски резултати. Република Македонија покрај признавањето што го добила под уставното име на државата, започнале да се воспоставуваат и првите диполоматски односи меѓу Република Македонија и државите што ја признале.

Првата држава со која Република Македонија воспоставила дипломатски односи, била Република Словенија. Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 20 мај 1992 година, го донела Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Словенија и Република Македонија за воспоставување на дипломатски односи меѓу државите, потпишани во Скопје на 17 март 1992 година.

Првата амбасада на Република Македонија што ја отворила во странсво била во Љубљана и таа била отворена на 7 јули 1993 година. Прва држава што ја признала Република Македонија под уставно име била Република Бугарија, по признавањето следувало Одлука на Владата Република Македонија за воспоставување на конзуларни односи и отварање на генерални конзулати меѓу Република Македонија и Република Бугарија на 20 август 1992 година.[223] На 20 декември 1993 година биле воспоставени и дипломатските односи меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Првите дипломатски преставници на Република Македонија во текот на 1992/1993 година кој биле упатени на ова должност се: Виктор Габер во Тирана (Албанија), Димитар Бидиков во седиштето на ООН во Њујорк ( САД), Билјана Тасевска во Женева, Јован Теговски во седиштето на Европската заедница во Брисел, Благоја Зашов во седиштето на Советот на Европа во Стразбург (Франција), Ташко Теодосиевски во Бон, Ристо Николов во Лондон, Петар Јовановски во Брисел, Љубица Аческа во Вашингтон. Дипломатите биле упатени, со цел да ги одржуваат дипломатски врски и да работат на формирање, односно отварање дипломатски мисии на Република Македонија во другите држави и во седиштата на меѓународните организации. [224]

[223] Документи за Република Македонија1990-2005, Скопје,2008,книга III, стр.344.

[224]Ibidem, 345.

Сите овие активности вродиле плод, бидејќи започнало да се воспоставуваат дипломатските односи со Република Македонија и државите од Балканот, Европа и Светот.

Така со донесување на Закононот за ретификација на Собранието на Република Македонија на 24 јуни 1992 година, се овозможило да се воспостават дипломатски односи со Република Хрватска.

Протоколот за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција, бил потпишан на 26 август 1992 година во Лондон. На седницата одржана на 24 декември 1992 година Собранието на Република Македонија донело закон за ретификација и на 22 октомври 1992 година Владата донасе одлука за воспоставување на дипломатски односи со Република Турција.[225]

Првата странска амбасада отворена во Скопје, во Република Македонија е амбасадата на Република Турција. Дипломатските односи меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина биле воспоставени на 27 мај 1993 година, кога министерството за односи со странство на Република Македонија испратиле нота до министерството за надворешни работи на Босна и Херцеговина за воспоставување дипломатски односи меѓу двете држави.

Владата на Република Македонија и Народна Република Кина решиле од 12 октомври 1993 година да воспостават дипломатски односи на ниво на амбасади.

На 16 Декември 1993 година СР Германија, Велика Британија, Франција, Холандија, Данска и Италија, на Претседателот на Република Македонија му врачиле ноти за воспоставување дипломатски односи на ниво на амбасади со Република Македонија.[226]

Даглас Хоуг, државниот секретар на Велика Британија на 23 декември 1993 година во Република Македонија во Скопје ја отворил амбасадата на Велика Британија.

На 27 декември 1993 година Република Македонија воспоставила дипломатски односи со Република Албанија на ниво на амбасади. Република Македонија воспостави дипломатски односи со Руската федерација на ниво на амбасади на 31 јануари 1994 година.

На 3 септември 1993 година, Стејт Департменот, известил дека САД отвараат преставништво во Република Македонија. На 3 декември 1993 година, во Скопје било отворено дипломатско преставништво на САД- канцеларија за врски, кое го раководел

---

[225]Ibidem, 347.

[226]Ibidem,378.

Роберт Норман.[227] Целосните дипломатски односи на амбасадорско ниво меѓу САД и Република Македонија, бил воспоставени на 13 септември 1995 година. Амбасадорот на САД во ООН, Медлин Олбрајт на 23 март 1996 година ја отворила амбасадата во Скопје.

Република Македонија со одлука на владата на 31 јануари 1994 година со Руската федерација воспоставиле дипломатски односи на ниво на амбасади.[228]

За Република Македонија, државите што воспоставиле дипломатски односи, преставувало значаен чекор во развојот на севкупната соработка со сите држави, како и придонесот за интеграција на Македонија во Европската заедница и НАТО. Република Македонија со својата политика на добрососедски односи во регионот придонесувала за стабилноста и надминувањето на разликите во спорот со Република Грција.

Денес во Македонија има 12 организации кои го сочинуваат поширокото семејство на ООН: УНДП, УНИЦЕФ, УНЦХР, СЗО, ФАО, МОТ, ИОМ, Светска банка, УНАИДС, И УМНИК. Сите тие се ангажирани на голем број активности, чија цел е бенефит на сите граѓани кои живееат во земјата Македонија.[229]

Република Македонија активно соработувала со меѓународните организации како што се:

- **КЕБС** - конференција за европска безбедност и соработка.

Одлуките што биле усвоени од Комитетот на состанокот одржан во Прага на 14 август 1992 година на високи функционери на КЕБС се значајни за Република Македонија, бидејќи овде за прв пат се спомнувала можноста за испраќање на мисии во Република Македонија. Денко Малевски како министер на Република Македонија испратил писмо до Комитетот на високи функционери со кое барал Република Македонија да стане полноправна членка на КЕБС. Приемот на Македонија ќе биде пролонгира за неколку години, се до состанокот во Стохолм кога биле донесени одлуки да и се додели набљудувачки статус во КЕБС, на 28 април 1993 година на Република Македонија. Со одлука на Комитетот на високи функционери во Прага на 18 септември 1992 година, ќе испратат мисија на КЕБС во Скопје за да се избегне ширње на судирот и да се поздрави напредокот во преговорите за воспоставување на набљудувачката мисија на Европската заедница[230]

[227] Документи за Република Македонија1990-2005, Скопје,2008,книгаIII, стр.395.

[228] Службен весник на Република Македонија, 1994, бр. 6.

[229]mk.vikipedija. org/ Обединети нации и Република Македонија

[230]Ibidem, 553.

За учество во работата на КЕБС, Република Македонија одлучила на седницата од 24 јуни 1993година, и за нејзин преставник во Виена бил поставен Александар Тафиловски. На 20 август 1992 година, во Скопје престојувала делегација на КЕБС предводена од претседавачот Јосеф Моравчик, министер за надворешни работи на Чехословачка, на средбата било побарано КЕБС да испрати набљудувачи во Република Македонија. Делегација на чело со амбасадорот Роберт Фровик, престојувала во Македонија за да ја испитат ситуацијата за престојот на мисијата и да достави извештај до Комисијата. По поднесениот извештај на Состанокот во Прага од 19 до 18 септември 1992 година, било донесена одлука за воспоставување на набљудувачка мисија на КЕБС. Задачата на мисијата била да предупредува за можносните од пренесување на на конфликтите од поранешна Југославија во Република Македонија.

Во периодот од 1992 година до 2001 година таа тесно соработовала со националните институции на Република Македонија и другите присутни меѓународни организации.

- **ОБСЕ** - организација за безбедност и соработка во Европа

Република Македонија со усвојувањето на одлуката на Постојаниот совет на ОБСЕ на 12 октомври 1995 година стана членка на овоаа меѓународна организација.

Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија е најстарата теренска мисија на Организацијата. Истата започнала со работа во септември 1992 година, со главна цел за спречување на прелевање на конфликтите од регионот. Во овој период пред да стане членка Република Македонија, значителен е ангажманот на Високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ, Макс ван дер Штул во врска со решавањето на малцинските прашања во Република Македонија, особено за решавање на прашањето за високото образование на албански јазик. Првичниот мандат на мисијата траела до 2001 година а потоа бил проширен[231] мандатот на мисијата. Собранието на Република Македонија, дури во јуни 1993 година, донело одлука за учество на Република Македонија во работата на КЕБС. На 9 септември 1994 година, во Виена почнала со работа постојаната мисија на Република Македонија во ОБСЕ.[232] Претседателот на Република Македонија со Указ, од 16 јули 1998 година, амбасадорот на Република Македонија во Австрија, Огнен Малески бил именуван за амбасадор на Република Македонија во ОБСЕ.[233]Со цел да се обезбеди активно и понепосредно присуство во разрешување на настанатата состојба во Македонија, преседавачот со ОБСЕ, романскиот министер за надворешни работи Мирчеа Цоана, одлучил да го именува Роберт Фровик[234], за негов личен преставник за ситуацијата во Република Македонија.

[231]Ibidem, 554.

[232] Службен весник на РМ ,1993, бр.39.

[233] Службен весник на РМ, 1998,бр.36(прилогстр.555-ристо)

Мисијата ќе преземе политичка иницијатива со цел да го одржи диалогот за кој што сметал дека бил клучен за решавање на проблемите на Република Македонија

## 4.2. Република Македонија и НАТО

Република Македонија веднаш по осамостојувањето ги истакна своите надворешно политички цели за зачленување во НАТО.

Соработката со НАТО одиграла суштинска улога во создавањето услови за воспоставување на мирот и стабилноста во Република Македонија. Меѓународната заедница во конфликтот од 2001 година во Република Македонија, заедно со македонската страна се обиделе да пронајдат политичко решени.[235]

Во Република Македонија мисијата на меѓународната алијанса била од политички карактер и затоа морала да се реализира во целосна согласност на широката владина коалиција. Парламентарните политичките партии требало да исполнат четири услови, и тоа :

- Прво, усвојување на општи политички договори;
- Второ, создавање на легални и адекватни рамки за силите на НАТО, кој би ја предводеле мировната операција врз кризните подрачја на Република Македонија;
- Трето, презантирање на план околу предавањето на оружјето(усвоен од страна на Владата на Република Македонија и НАТО);
- Четврто, воспоставување на траен прекин на огнот.[236] Откако биле исполнети условите, биле испратени војници за разорожување на екстремистите и бил испратен преставник од НАТО во справување со кризата ;

---

[234] Амбасадорот Роберт Фровик е и првиот именуван шеф на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Република Македонија во октомври 1992година. Мандатот на Амбасадорот Роберт Фровик предвидувал овозможување подршка и помош на преседавачот со ОБСЕ во управувањето со кризата во Република Македонија.

Роберт Фровик е американски дипломат и е еден од креаторите на Хелшинската спогодба, чии принципи станаа основа на европското однесување.

[235]Ibidem,144.

[236]Ibidem,144.

Македонија од осамостјувањето до денес го прераснала периодот на конзумент на регионална стабилност и се наметна како подржувач и творец на стабилноста.

Но патот до нејзиното зачленување во НАТО, е исполнет со бројни реформи, планирања, самодисциплинирање, поголеми и повеќегодишни планирања на воени буџети, редукција на армијата и др. Македонија и НАТО е долга приказна која трае повеќе од две децении. Активностите на македонските интелектуалци започнале во рамките на Асоцијацијата на атланскиот договор 1991/2 година, како први активности.

На 23 декември 1993 година Собранието на Република Македонија донело одлука за стапување на Република Македонија во членството во Северно- Атланската договорна организација- НАТО .[237]

Поради спречувањето и блокадите на Грција, Република Македонија го формализирала односите со НАТО дури на 15 ноември 1995 година кога претседателот на владата, Бранко Црвенковски го потпишал Рамковниот документ со кој Република Македонија, станала 27 членка на Партнерството за мир(ПзМ).[238] Отогаш Република Македонија силно се посветила на зачленувањето во НАТО. Инаку ПзМ е основа за практична безбедносна соработка помеѓу НАТО и државните партнери и еден вид подготовка на државите за членство во НАТО.

Република Македонија со пристапувањето кон овој документ потврдува дека се определила за зачувување на демократијата, сопствената слобода од присила и закана и приврзаност кон начелата на меѓународното право. Пристапувањето во ПзМ предвидува одредени активности и соработки со НАТО а тоа се: планирање на одбраната, планирање на воениот буџет, организирање и учество во заеднички воени вежби и воени маневри, цивилни и итни спасувачки операции. На 11 март 1996 година, Република Македонија била примена во Северoатланскиот совет за соработка.

Од јуни 1996 година, Република Македонија имала свои постојани воени преставници во НАТО, во својство на воени офицери за врски во Брисел и во штабот на Монс.[239] Претседателот на Република Македонија на 18 ноември 1997 година со указ го поставил Јован Теговски за амбасадор на Република Македонија во Брисел.

На самитот на НАТО одржан во Вашинтонг од 23 до 25 април 1999 година, Република Македонија станала кандидат за членство во НАТО. На овој самит било донесено Акционен план за членство- АПЧ.

---

[237] Документи за Република Македонија 1990-2005, Скопје 2008, стр.698.

[238]Ibidem,702.

[239]Ibidem,702.

Функцијата на АПЧ била да им помогне на државите за членството во НАТО преку разни активности[240]. Министерот за одбрана на Република Македонија Благоја Ханџиски и генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана, склучиле писмен договор за транзит на силите ИФОР на НАТО низ териториите на Република Македонија преку користење на сите видови на сообраќаен транспорт, без добивање на лицинци и регистрации без плаќање на царини, ќе се почитува имунитетот и привилегиите на персоналот на НАТО и сите целокупни барања на НАТО.[241]

Меѓу Република Македонија и НАТО на 30 мај 1996 година бил потпишан „Договор меѓу државите-страни во Северноатланскиот договор и други држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили и Дополнителниот протокол меѓу државите страни во Северноатланскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили''.[242]

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 октомври 1998 година усвоила „Стратегија за интеграција на Република Македонија во НАТО.''[243]

Меѓу Република Македонија и НАТО на 19 јануари 1996 година бил склучен договор „Спогодба за безбедносни аранжмани меѓу Република Македонија и НАТО.''

За операциите на НАТО мисиите во Македонија бил склучен договор на 24 декември 1998 година.[244]

За статусот на силите на КФОР на територијата на Македонија исто така бил потпишан договор на 18 мај 2001 година. Примарните активности на силата на НАТО (КФОР) била на Косово, КФОР имал своја логистичка или заднинска база во Република Македонија, т.е штаб во Скопје.

Штабот бил воспоставен на 12 јуни 1999 година речиси истовремено со влегувањето на силите на КФОР на Косово, штабот одржувал добри односи и комуникации со владата во Македонија. Со негова помош илјадници воени возила и конвои на КФОР минувале низ Македонија.

---

240Ibidem,175.

241Ibidem, 706.

242 Службен весник на Република Македонија, 1996, бр. 29.

243 Сл. Весник, 1998, бр. 51.

244 Документи за Република Македонија, стр. 819- 832.

## 4.3. ВОЕНИ ВЕЖБИ И МИСИИНА НАТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАТО одиграл суштинска улога во создавањето услови за восопставување на мирот и стабилноста во Република Македонија. Меѓународната заедница во конфликтот во Република Македонија заедно со македонската страна се обиделе да пронајдат политичко решени.[245] Во Република Македонија мисијата на меѓународната алијанса била од политички карактер и затоа морала да се легализира во целосна согласност на широката владина коалиција.

- НАТО и Република Македонија ја продолжија соработката со организирање на воени вежби со Партнесството за мир.

- Првата воена вежба организирана на територијата на Република Македонија била воената вежба „Спасител'' одржана во мај 1997 година. Воените сили на АРМ учествувале на воена вежба надвор од територијата на Република Македонија, во Албанија во јули 1996 година на воената вежба „Мировен орел 96.'' На првата мисија на НАТО во Република Македонија учествувала и Армијата на Македонија на воздушната вежба, наречена „Решителен сокол'' во јуни 1998 година. Значителен придонес на односите меѓу НАТО и Македонија преставувал придонесот на НАТО во решавањето на воената криза во Македонија во 2001 година. По барање на властите во Македонија, НАТО да помогне во надминување на кризата биле воспоставени следниве мисии:

- „ Неопходна жетва'' -за собирање на оружјето од вооруженита албански екстремисти од 22 август 2001година до 22 септември 2001година.

- Следната мисија била од 27 септември до 14 декември 2001година наречена „Килибарна лисица'' и последната „Сојузна хармонија'' која траела од 14 декември 2002 до 31 март 2003 година.

Првата операција на НАТО „Суштинска жетва''- имаше за цел да се собере и уништи оружјето. УЧК се распуштила и набругу следувала измена на Уставот на Република Македонија и амнестија на албанските екстремисти.

Втора опрација на НАТО „Калибарски Лисици'' била во функција за заштита на 280-те цивилни набљудувачи на ЕУ и ОБСЕ.

[245]Ibidem,144.

Третата операција на НАТО „Сојузничка хармонија'' целосна презамање на одговорност за сопствената стабилност од страна на Република Македонија.[246]

Прашањето за поканата на Република Македонија во НАТО не било само грижа на Владата туку и на опозицијата, интелегенцијата, експертите, новинарите, невладините организации и воопшто сите оние 88% граѓаните кои се изјасниле за влезот на Република Македонија во НАТО.

Влезот во Алијансата е прашање од најголем државен и национален интерес, а не обичен политички интерес на една или друга политичка партија. Влезот во НАТО е успех кој сите подеднакво треба да го прифаќаме, да го храбриме и да се радуваме на добрите вести. Денес за сите држави партнери на Алијансата, преставува вистинска привилегија да се биде членка на тој еминентен клуб наречен НАТО.Поканата на НАТО кон Република Македонија зависи како од самата Република Македонија и нејзините капацитети, реформи и трансформации така и од спремноста на Алијансата да ги прими новите членови. Приближувањето кон НАТО од ова преспектива, само можеме да констатираме дека Република Македонија го изодела најтешкиот пат кон членството и ги спроведе сите реформи што и беа поставени како услов за влезот во тоа големо семејство.

И покрај сите пречки кои беа поставени од Република Грција, Македонија и понатака е упорна во своите поставени цели без разлика на сите притисоци и предуслови кои и се поставуваа. Во периодот од осамостојување до денес Република Македонија стана земја што најдолго се подготвувала за членството во алијансата во историјата на НАТО, направи големи напори ги исполни критериумите и заслужи да ја добие поканата за членство и да стане член на НАТО

[246] Ibidem, 145.

# 4.4. Република Македонија и Европската унија

## 4.4.1. Развојот на односите меѓу Република Македонија и Европската унија

Граѓаните на Република Македонија на 8 септември 1991 годинан, го избраа патот на својата држава а тоа е самостојна, суверена и независна Македонија.

Со тоа Република Македонија го остварила своето право на самоопределување. Република Македонија покажала дека е мирољубива држава, бидејќи од федералната заедница единствено таа изалезе на мирен начин и продолжила да ги одржува пријателските односи со сите држави од поранешна Југославија, а наметнатите спорови од некои свои соседи се обидувала да ги разрешува на мирен начин.

Владата на Република Македонија на надворешен план, како најзначаен стратешки интерес и приоритетна цел ги поставила нејзиниот влез во семејството на Европската унија.

По осамостојувањето, Република Македонија иако поминувала низ тешки момент и предизвици во своето опстојување, но стратешкиот интерес и цел за членство во Европската унија никогаш не биле доведени во прашање.

Патот кој почнала да го оди Република Македонија до меѓународното признавање бил тежок и макотрпен, исполнет со многу притисоци, условен со употребата на референцата ПЈРМ како ново име на државата.

Европската унија, во 1992 година формирала Арбитражна комисија со цел да утврди, кои од поранешните Југословенски Републики ги исполнуваат условите да бидат самостојни држави. Комисијата била составена од претседатели на уставни судови на повеќе европски држави на чело со Роберт Бадентер, [247] кој бил претседател на францускиот уставен суд.

Арбитражната комисија заклучила дека Република Македонија ги исполнува условите за меѓународно признавање. Република Мкедонија се откажала од било какви териториални претензии во декларациите кои се недвосмислени, дека со самото тоа употребата на името „ Македонија", не подразбира никаква територјална претензија.[248]

[247] Робет Бадинтер, претседател на францускиот суд.

[248]Документиза Република Македонија, стр. 316.

Признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име и меѓународното признавање ќе биде отежнато поради спротиставувањето на Грција. Република Македонија ќе се соочи со многу проблем да се признае под уставното име и воспоставување на дипломатските односи ќе биде забавено.

Напредувањето на Република Македонија кон Европската унија зависело од исполнувањето на реформате, притоа почитувајќи ги критериумите што ги поставил Европскиот совет во Копенхаген во јуни 1993 година а тоа се:

1. Стабилност на институциите кои ги гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата.

2. Постоење на функционална пазарна економија, како и капацитет за справување со конкуренскиот притисок и пазарните сили во рамките на Европската унија.

3. Способност да се преземе обврската од членството, вклучително и придржување кон целите на политичката, економската и монетарната унија.

Формалните институционални односи на Република Македонија со Европската унија започнале со задоцнување. Првиот свој преставник Република Македонија во Европскат унија го назначила во октомври 1992 година, но поради блокадите од Грција, поцелосни дипломатските односи биле воспоставени во декември 1995 година со отварање на свое дипломатско преставништво во Европската унија, Мисија на Република Македонија во Брисел.[249]

По потпишување на Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција на 13 септември 1995 година во Њујорк во седиштето на ООН, се создале услови за натомошниот развој на односите меѓу Република Македонија и Европската унија и воспоставување на дипломатски односи.Процесот на приклучување кон Европската унија е процес на приспособување на земјата кандидат. Поради тешката економска состојба која била предизвикана од грчкото ембарго и енбаргото на ООН кон Југославија, ќе го забават процесот на транзицијата и пристапот кон Европската унија.

Во Скопје, во ноември 1992 година се отворила канцеларијата на ФАРЕ.

Во април 1996 година Република Македонија станала една од земјите корисници на ФАРЕ програмите за подршка.[250] Во почетокот на декември 2000 година, Советот на министри на Европската унија донеле Регулатива со која се воспоставил КАРДС- Програма, со цел Европската унија да им даде финансиска и

[249] И Сонцето е звезда: Македонија во ЕУ, Секретрјат за европски прашања. Скопје, 2004,11.

[250] ФАРЕ- Програмата за помош на замјите од Централна и Источна Европа за трансформација на нивните политички и економски системи.

стручна помош за подршка на неопходните реформи на земјите кои припаѓаат на процесот за стабилизацијаа за приближување кон Европската унија.

На 29 април 1997 година била потпишана Спогодба за соработка со Европската заедница,[251] како и спогодба во областа на транспортот а потоа и за текстилот. Спогодбата за соработка е првиот комплексен правен акт на Република Македонија кој е потпишан со Европската заедница, а влегол во сила на 1 јануари 1998 година[252]. Владата на Република Македонија во своите настојувања да стане членка на Европската унија, на 1 декември 1997 година, го формирала Комитетот за Евро-Атланскити интеграции, како тело кое би го кординирало процесот на интеграција на Република Македонија во Европската заедница.[253] Подоцна, овој комитет се трансформира и преименува во Сектор за европска интеграција.[254]

Со спогодбата за соработка биле регулирани политичките односи, а во трговските односи се овозможило поволен пристап на македонските производи на единствениот европски пазар.

Во Охрид, во месец февруари 1998 година, за прв пат се одржала средба на министерско ниво меѓу Република Македонија и Европската унија.[255] Собранието на Република Македонија, на 4 февруари 1998 година, ја усвоиле Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската унија во која било наведено дека „членството во Европската унија е стратешка цел на Република Македонија.'' [256]Советот за Соработка меѓу Република Македонија и Европската унија во март 1998 година, во Скопје го одржале првиот состанок на која Советот имала задача да ја следи примената на Спогодбата за соработка. Советот којфункционирал се до воспоставувањето на новото тело со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, бил составен од преставници на Европската комисија, од земјите членки на Европската унија како и од Владата на Република Македонија. Во 1999 година, Европската унија го сменила својот политички пристап кон земјите од таканаречениот Западен Балкан.[257] Процес за стабилизација и асоцијација на земјите од Западен Балкан, Европската комисија со оформената рамка во 1999 година предложила форма за да се олесни соработката

[251]Службен весник на Р. Македонија, 1997, бр. 37

[252] Драган Тилев, Договорните односи на Република Македонија со Европските заедници, Евродијалог, Скопје, 2002, 15.

[253]Службен весник на Р. Македонија, 1997, бр. 62.

[254]Службен весник на Р. Македонија, 1997, бр. 62.

[255] И Сонцето е звезда..., 11.

[256]Службен весник на Р. Македонија, 1998, бр. 7.

[257]Западен Балкан ги опфаќа: Македонија,Албанија, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска.

Во мај 1999 година, со цел да се унапредат и забрзаат евроинтеграциските процеси во регионот, создаден е Пактот за стабилноста на Југоисточна Европа.[258]

Суштината на овој процесс е да им се понуди на земјите од Западен Балкан, поблиска соработка со Европската унија преку склучувањата на асоцијативни спогодби, слична на Европските спогодби кои беа склучени со земјите од Централна и Источна Европа. [259] Земјите кои што имале склучено такви спогодби станале потенцијални членки за влез во Европската унија. [260]

Европската комисија во јуни 1999 година усвоила извештај за можност , да ги започне преговори за склучување Спогодба за стабилизација и асоцијација, меѓу Европската унија и Република Македонија. [261] Обновена е и доплнета Спогодбата за трговија со текстилни производи, јануари 2000година[262]

---

[258]Целта на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа е на државите од регионот да им отвори преспектива за пристапување ко Европската унија. Според Пактот, меѓународните финансиски организации ( Меѓународен монетарен фонд , Светската банка, Европска инвистициона банка, за обнова и развој), треба да одиграт најзначајна улога во давање подршка на замјите во регионот на нивната економска стабилност, на кохерентната меѓународна стратегија за помош на регионот.

[259]Договорната рамка на односите меѓу Европската унија и земјите од Источна и Централна Европа беа Европа спогодбите, еден вид спогодба за асоцијација со кои Европската унија постепено го отвара сопствениот внатрешен пазар за производите од земјата потписник, предвидувајќи и потполно укинување на сите трговски бариери за одредено време. Европа спогодбите овозможија интизивна соработка на овие земји со Европската и нивните постепени интеграции.

[260]Во јули 2000 година во Феири, Португалија, Европскиот совет зазел став дека сите држави кои се вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација, се потенцијални кандидати за членство во Европската унија.

[261]Министерство за надворешни работи на РМ- надворешна политика.

[262] Ibidem

## 4.5. Процесот и спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија

Република Македонија ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација на 9 април 2001 година во Луксембург.[263]Република Македонија е првата земја од државите на Западен Балкан учеснички во процесот на стабилизација и асоцијација која ја потпиша ова Спогодба која е ратификувана од сите земји членки на Европската унија,[264] а стапила во сила на 1 април 2004 година. Собранието на Република Македонија на 12 април 2001 година ја ратификувала ова Спогодба, а на 1 јуни 2001 година стапила во сила Времена спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската унија.[265] Времената спогодба за трговија и трговските прашања, престанале да важат со влегување во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.[266] Спогодбата за стабилизација и асоцијација имала големо значање за развојот на односите помеѓ Република Македонија и Европската унија, фактички вратата на Европската унија за влез на Македонија во Европската унија се отворила со потпишувањето на оваа спогодба. Повикувајќи се на готовноста на Европската унија да ја интегрира Република Македонија во најголема можна мера во политичките и економските текови на Европа и нејзиниот статус како потенцијален кандидат за членство во Европска унија, врз основа на Договорот за Европската унија и исполнувањето на критериумите дефинирани од страна на Европскиот совет во јуни 1993 година.[267]

Со спогодбата се договориле за следното:

1. Се воспоставила асоцијација помеѓу Заедницата и нејзините земји членки, од една страна, и Република Македонија, од друга страна.[268]
2. Целите на ова асоцијација се:

   -да се обезбеди соодветна рамка за политички дијалог, овозможувајќи развој на блиски политички односи меѓу Страните;

263Службен весник на Р. Македонија, 2004, бр. 7.

264 И Сонцето е ѕвезда...,12.

265Службен весник на Р. Македонија, 2001, бр. 28.

266Документи за Република Македонија, стр. 682.

267Ibidem, 624.

268Ibidem,

-да ги подржи напорите на Република Македонија за развој на економската и меѓународната соработка, и усогласување на законодавството со она на Заедницата;

-да промовира урамнотежени економски односи и постапно да се развива слободна трговска зона помеѓу Заедницата и Република Македонија;

-да ја негува регионалната соработка на сите полиња што се опфатени со ова Спогодба[269]

Во Финска биле водени разговори помеѓу премиерот и министерот за надворешни работи на Република Македонија и преставници на унијата кон крајот на октомври 1999 година. Финска која во тоа време претседавала со Европската унија, постигнала согласност, Комисијата да започне преговори со Владата на Република Македонија за склучување Спогодба за стабилизација и асоцијација.[270] Спогодбата за стабилизација и асоцијација се парафирала на Самитот во Загреб на 24 ноември 2000 година помеѓу Република Македонија и Европската заедница и државите членки,[271] на 9 април 2001 година во Луксембург таа била потпишана.

Собранието на Република Македонија ја ратфикуваше Спогодбата за стабилизација и асоцијација на 12 април 2001 година[272]при што Европскиот парламент дал свое позитивно мислење за склучувањето на ваквата спогодба со Република Мкаедонија.

За Република Македонија, Спогодбата преставувала голем исчекор кон посигнувањето на крајната цел - интеграција во Европската унија. Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и стапување во сила на 1 април 2004 година[273] на Република Македонија и се овозможило да се користи со сите права со кои се користат државите со асоцијативен статут. За спроведување на структурните реформи кои се услов за стапување во полноправно членство, Република Македонија ќе можела да ја користи стручната ифинансиска помош за спроведување на структурните реформи кои се услов за стапување во полноправно членство.

I- Спогодбата за стабилизација и асоцијација се состои од:

1. Преамбула

---

[269]Ibidem.

[270]За склучување на вакви договори, правната основа е во Пактотот за стабилност на Југоисточна Европа.

[271]Т. Бендевски, Op. cit. 330.

[272]Службен весник на Р. Македонија, 2001. Бр. 28.

[273]Документи за Република Македонија, стр. 682.

2. Текст на Спогодбата (128 одредби во 10 глави)
3. Анекси-7
4. Протоколи - 5
5. Заеднички и унилатерални изјави

II - Текстот на Спогодбата се состои од 10 глави:

1. Општи начела[274]
2. Политички дилалог[275]
3. Регионална соработка[276]
4. Слободно движење на стоки[277]
5. Движење на работници, основање на претпријатија, услуги, капитал[278]
6. Сообразување на законодавството и спроведување на законите[279]
7. Правда и внатрешни работи[280]
8. Политика на соработка[281]
9. Финансиска соработка[282]
10. Институционална, општи и заеднички одредби.[283]

Основата врз која ќе се договараат Република Македонија и земјите членки во Европската заедница е дефенирана во Преанбулата.

---

[274]Ibidem, 624

[275]Ibidem,626

[276]Ibidem, 627

[277]Ibidem, 628

[278]Ibidem, 640

[279]Ibidem, 653

[280]Ibidem, 657

[281]Ibidem,660

[282]Ibidem, 671

[283]Ibidem, 672

Преамбулата ги содржи определбите на договорните страни за:

-Зацврстување како и проширување на воспоставените односи и воспоставување на блиска и трајна врска на основа на репроцитет и заемен интерес.[284]

-Зголемување на политичките и економските слободи, почитување на човековите права и правната држава, како и правата на припадници на националните малцинства, принципите на слободното пазарно стопанство и спремноста на Заедницата да даде свој придонес за економските реформи во Република Македонија[285]

Политички диалог  и неговото воспоставување за билетерални и мултилатерални прашања кои се од заеднички интерес, вклучително и регионални аспекти.

Во рамките на преамбулата е „Еволутивните клаузула.'' Ја наведуваме во целост:

„Потсетувајќи се на подготвеноста на Европската Унија да ја интегрира Република Македонија во најпотполна можна мерка во политичките и економските текови на Европа и нејзиниот статус како потенцијален кандидат за членството во Европската унија врз основа на Договорот за Европската унија и исполнувањето на критериумите дефинирани од Европскиот совет во јуни 1993 година, во поглед на регионалната средба.'' [286]

Општи начела - прва глава

Во оваа глава се наведени осовните на кои се заснова спогодбата зарегионалниот мир и стабилност кој е еден од најзначајните принципи за земјите во Процесот на стабилизација и асоцијација.[287]

Во втората глава  јасно се потврдува развојот на политичкиот диалог  на Република Македонија и Европската унија, особено за прашањата од меѓународен карактер кои имаат влијание за договорните страин, како и за регионалната соработка и заедничките ставови за безбедна и стабилна Европа.[288]

---

[284]Ibidem,19.

[285]Ibidem.

[286]Ibidem, стр. 624.

[287]Член 3, глава I (Од спогодбата за Стабилизација и Асоцијација меѓу РМ и ЕУ), Меѓународниот мир и стабилност се суштински за Процесот на стабилизација и асоцијација, во членот 5, е потенцирано дека за максимум од 10 години додека трае транзициониот период Асоцијацијата ќе биде целосна постигната.

[288]Д. Тилев, Op. cit., 20.

Во трета глава, Во согласнос со нејзината желба за мир, Република Македонија активно го потикнува залагањетого за регионална соработка со други земји како и за промовирање на добрососедските односи особено оние од заеднички интерс ( член 11, глава III).

Во четврта глава , Република Македонија постапно ќе ја регулира трговската соработка и ќе обезбедува целосен слободен пристап за стоките од Република Македонија на пазарите на Европската унија, без временско ограничување, со исклучок на виното и јунешкото месо.[289] На крајот од транзциониот период, периодот од 10 години да се воспоставислободна трговска зона меѓу Република Македонија и Европската унија.

Во пета глава, Република Македонија ќе ги почитуваа меѓународно прифатените правила а тие се однесуваат и се во врска со движењето на работниците, основањето на претпријатијата, давање услуги и тековни плаќања како и движење на капиталот( објаснето во подглавјата во истата глава).

Шеста глава се однесува на приспособување на македонското законодавство и усогласување со законодавството на Европската унија.

Во седма глава се истакнува дека треба да се посвети внимание на зајакнување на институциите во областа на правдата и внатрешните работи, и јакнење на владеење на правото. Република Македонија ќе треба да соработува и да воспостави рамки во областа на визи, гранична контрола, азил, миграција , спречување и контрола на нелегална имиграција, реадмисија, борба против перење пари, борба против криминалот, соработка за недозволени дроги.[290]

Со ова глава се уредува соработката во областа на Република Македонија, визи, гранична контрола, азил, миграција , спречување и контрола на нелегална имиграција, реадмисија, борба против перење пари, борба против криминалот, соработка за недозволени дроги.[291]

Во осма глава се истакнува дека Република Македонија ќе ја зацврсти соработката во областите на економската соработка, статистичка соработка, банкарски сектор и финансиски услуги, промоција и заштита на инвистиции, индустриска соработка, мали и средни претпријатија, туризам, царина, оданочување, социјална соработка, образование, културна соработка, транспорт, телекомуникации и друго. Во осмата глава се истакнува целта за институционалното поврзување на

[289]Ibidem.,21.

[290]Ibidem.,23.

[291]Документи за Република Македонија, стр. 657-660.

политиките на Европската унија во Република Македонија и градење на компатибилности комплеметарност на сите системи.[292]

Во деветата глава се истакнува финансиската соработка и дека Република Македонија ќе користи финансиска помош со неповратни средства и заеми (член 105), со цел да придонесе во градење на демократски, економски и институционални реформи во Република Македонија.

Во десета глава се истакнува дека се воспоставува Совет за стабилизација и асоцијација кој ќе врши надзор врз примената и спроведувањето на ова спогодба на кој начин ќе се одвива работењето на институциите кои имаат задача да ја следат имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.[293]

Периодот на реализација кој опфаќа 10 години е е поделен на две фази, со цел одредбите од ССА да се имплементираар прогресивно.[294] Владата на Република Македонија донесе Акционен план за имплеметација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, со задача да ја одредува динамичноста како и инструментите кои помагаат во реализитањето на обврските од Спогодбата за Стабилизација и асоцијација.[295] Механизмите предвидениза за имплементацијата на ССА ќе бидат следи од страна на земјите членки на Европската унија и Европската комисија и Владата на Република Македонија преку : Советот за стабилизација и асоцијација, Комитетот за стабилизација и асоцијација и Парлементарниот комитет за стабилизација и асоцијација.Овие тела се формирани со стапување во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно по нејзината целосна ратификација од страна на националните парламенти на земјите-членки на Европската унија од страна на Европскиот Парламент.

За Република Македонија, Спогодбата за стабилизација и асоцијација е значајна пред се зато што со нејзиното проширување на 9-ти април 2001 година во Луксембург и стапувањето во сила на 1- ви април 2004 година фактички и се отвори влезот кон една од најголемите и финансиски е еден од најмоќните пазари на светот.

Република Македонија има план за нејзината целосна посветеност за забрзување на преструктуирањето на стопанството и приспособување кон новите услови. Република Македонија со ова спогодба ја зајакнува и својата можност за забрзување на економскиот и социјален развој, соработка во областа на истражувањето и технолошкиот развој, интезевирање на политичките и економските врски со земјите членки на Европската унија, како и промовирање на културата и

[292] Ibidem.,660-671.

[293] Ibidem,672-677.

[294] Ibidem, 625.

[295] И Сонцето е звезда ..., 28.

националниот идентитетот на Република Македонија како миројубива земја орентирана кон процесот на европската интеграција.

## 4.6. Критериуми за членството во Европската Унија

Република Македонија за да влезе во фамилијата на Европската унија ќе мора да ги исполни критериумите, кој во1993 година на Самитот во Копенхаген, земјите членки на Европската унија ги утврдија општите критериуми кои треба да ги исполни секоја земја која сака да пристапи во членството на Европската унија, притоа државата апликант мора да биде европска држава. Оштите критериуми кои треба да ги исполни секоја земја апликант се:

- Државата апликант мора де ги исполни политичките критериуми а тоа се стабилни институции, демократија владеење на правото, почитување на човековите права и заштитан а малцинствата.
- Државата апликант мора да ги исполни економските критериуми: функционална пазарна економија која има капацитет да се соочи со притисокот на конкуренцијата и пазарната сила во Европската унија.
- Државата апликант мора да го прифаќа т.н. ацљуис цоммунаутаире на Европската унија односно способноста да се исполнат обврските од членството како и прифаќање и исполнување на целите на политичкита, економската и монетарната унија.

Овие општи критериуми кои треба секоја европска држава апликанат да ги исполни се познати како Копенхашки критериуми. Подоцна овие критериуми биле надоплнети на Самитите во Мадрид во 1995 година, Луксенбург 1997 година и Хелсенки 1997 година, а како дополнителен( мадритски) критериум се посочува и потребата од развиен административе и судски капацитет за примена на условите заеднички придобивки.[296]

[296] Национална стратегија за интеграција ... 38.

## 4.7. Политички критериуми

Секоја држава апликант за членство во Европската унија мора да ги задоволува критериумите за стабилни институции, демократија, владеење на правото, човековите права и заштитан а националните малцинства.

Во однос на демократијата, како политички критериум не е доволно само формално уставна правна рамка за политички плуарализам, повеќепартиски систем, слободни избори, слобода на изразување, слобода на медиумите и печатот туку се бара и нивно реално остварување во практичниот живот.

Стабилноста на демократските институции се смета за основен индикатор на степенот на остварената демократија. [297] Република Македонија има стбилни демократски институции кои правилно функционираат и соработуваат меѓу себе. Во Република Македонија постојат силни заложби за спроведување на Рамковниот договор. Имено во Република Македонија со цел да се постигне внатрешна стабилност на земјата која беше сериозно нарушена како резултат на воениот конфликт во 2001година политичките критериуми подразбираат и имплементација на Рамковниот договор од 13 август 2001 година. Спроведување на Рамковниот договор е клучен за зајакнување на стабилноста на Република Македонија.

Во февруари 2003 година, Владата на Република Македонија донесе Акционен план за имплементација на Рамковниот договор, преку кој се одредуваат динамичноста и мерките на имплементацијата со цел правилно насочување и спроведување на краток и на средн рок.[298]

За да се обезбеди и да се одржи внатрешна стабилност и демократскиот развој на Република Македонија треба да се подобрат и меѓуетничките односи како и развивање на ефикасни демократски институции и владеење на правото.

Како услови за подобрување на меѓуетничките односи Република Македонија ќе биде потребно да спроведе мерки за градење на меѓуетничка доверба, во согласност со Рамковниот договор.

Исто така требало да се обезбедат и услови за враќање на бегалците и внатрешно раселените лица од реоните кои беа погодени од вооружениот конфликт во 2001 година. Добрите меѓуетнички односи се од клучно значење за внатрешната стабилност како и за демократскиот развој на Република Македонија на нејзиниот

[297] Каролина Ристова Астеруд, (Општите) критериуми за пристапување во членството во Европската унија, Евроинтеграцијата на правниот и општествениот систем на Република Македонија, Скопје, 2002, 98

[298] Ibidem, 38.

пат кон Европската унија па во контекст на тоа Република Македонија ќе треба долгорочно да дејствува за да може да се создадат услови за подобри меѓуетнички односи.

За да се постигне стабилен демократскиот развој потребно е да се извршат реформи во политичкиот систем. Особено избраното законодавство ќе требе да се усогласи со реформате во локалната самоуправа.

Исто така било потребно да се изврши и реформи во јавната администрација и државните институции, со цел да се променат постојаните закони и да се воведат одредби и инструменти преку кои ќе се обезбеди заштита од непотизмот, конфликти на интереси, партизација, етнички предрсуди во јавната администрација.

Развојот на локалната самоуправа и децентрализацијата во Република Македонија е многу важен но истовремено и сложен процесс бидејќи преставува спроведување на радикални реформи во системот на владеење. Вистински предизвик за Република Македонија ќе биде да се обезбеди соодветен капацитет во општините за да можат тие да се справат со новите надлежности вклучувајќи ги и нивните финансиски и институални капацитети.[299] Во однос на владеењето на правото, како главни недостатоци на државите апликанти се сметат недостатокот на независно судатво како и отсуството на правни механизми за заштитан на човековите права како и правата на националните малцинства, корупцијата со извршната и судската власт.

Во Република Македонија постои големо залагање за зајакнување на владеење на правото. Ефикасно спроведување на законите е основно за ефикасното функционирање на системот, подобрување на безбедноста на граѓаните и заштитата на човековите права, слобода на медиумите и слобода на печатот, како и за успешно реализирање на реформате кои се потербни за Република Македонија да се подготви за интеграција во согласност со економските критериуми за членството во Европската унија.

Република Македонија значајни напори вложи во реформате на полицијата. Кои се клучни за по ефикасно работење на полицијата и спречување на можно екскалирањ на инциденти.

Република Македонија пристапи кон реформи во судството, меѓутоа потребно е да се продложи со напорите со цел да се подобро незавосноста и ефикасноста на судството. Основите на судскиот систем се утвредни со одредбите на Уставот според кои судовите се самостојни и независни државни органи кои судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори. Република Македонија треба да вожи дополните напори особено на полето на изборниот процес, реформи во полицијата, реформи во судството како и во борбата против корупцијата. Степенот на корупцијата во Република Македонија е се уште на високо ниво и влијае на економскиот,

[299] Ibidem, 39.

социјалниот и политичкиот живот во земјата. Република Македонија треба да преземе поефикасни мерки во борбата против корупцијата како и нејзиното спречување во државните институции, мерки за борба против организираниот криминал, нелегалната трговија со оружје, дрога и луѓе и други форми на организиран криминал.

Во однос на човековите и на малцинските права особено е значајно државата кандидат за членство во Европската унија да има пристапено кон Конвенцијата за заштитан на човековите права и основните слободи како и да е потписник на Рамковнната конвенција за заштита на националните малцинства од системот на регионално меѓународно право на Советот на Европа.[300] Во Република Македонија не постојот поголеми проблем и остапување во областа на почитување на човековите права.

Направени се поголеми број на уставни и законски измени кон обезбедување висок степен на заштита на правата на малцииствата. Почитување на малцинските права станува особено значаен критериум за државите кандидати од Централна и Источна Европа, бидејќи голем број од овие држави имаат заначителен број на национални малцинства.[301]

Република Македонија е потписник на Европската рамковна конвенција за националните малцинства и на многу други инструменти поврзани со малцинствата вклучувајќи ги и бегалците. Националните малцинствата во Република Македонија ги уживаат сите права кои се загарантирани со Уставот на Република Македонија како и со имплементацијата на Рамковниот договор. Важно е да се продолжи со доследно спроведување на законските определби со цел да се обезбеди високо ниво на заштитан на малцинските права.

---

[300] Каролина Ристова Астеруд, (Општите) критериуми за пристапување во членството во Европската унија..., 98.

[301] Ibidem

# 4.8.Економски критериуми

Економските критериуми се состојат од два елементи и тоа-:

- Постоење финкционална пазарна економија (либерализација на економијата, пред се во сферата на цените, увозот, извозот, ефикасен правен систем, особено во поглед на заштитата сопственичките правамикроекономската стабилност на државата, развиен фински сектор и друго).

- Капацитет за спроведување со притисок од конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата ( макроекономската стабилност, клима на предвидливоста, развиена инфраструктура, образовен кадар, реконструкција на државните и другите претпријатија заради нивна ефикасност, пристап до значителни инвестиции за сите економски субјекти, претходно развиена соработка со државите членки на Европската унија).[302] За да постои функционална пазарна економија потребно е либерализација на цените на трговската размена како и постоење на ефикасен правен систем, особено во поглед на сопственичките права. Во Република Македонија либерализацијата на цените и на трговијата како и приватизацијата, се во голема мера завршени. Економијата во Република Македонија постигна висок степен на макроекомомска стабилност со ниска инфлација, балансирани јавни финансии и ниска стапка на јавна задолженост.

- Макроекономската стабилност и концензус во однос на основите на економската политика се исклучително важни за зајакнување на перформансите на пазарната економија. Важно е да постои и развиен финансиски сектор. Постоењето на пазарната економија и стабилна макроекономска рамка битно влијаат на капацитетот за справување со притисокот од конкункуренцијата и пазарните сили во рамките на Европската унија, при што потребно е и човечки и матерјален капитал како и содветна инфраструктура. Република Македонија мора најпрво да ги задоволи основните предуслови за обезбедување на економска стабилност и растеж.

Притоа, стабилноста и развојот на македонското стопанство треба да бидат проследени со:

- Стабилни институции на пазарната економија и независен и ефикасен систем.

За извршување на законот:

---

[302]Ibidem, 99.

- Монетарна стабилност која обезбедува стабилни цени и пониски и стабилни каматни стапки.

Исполнувањето на овие предуслови ќе доведат до побрз економски развој на Република Македонија. Стабилните институции треба да бидат финансиски независни и надвор од политичките настани во земјата.

Ќе треба да се зајакне нивниот капацитет како и обезбедување на независноста во финансиска и оперативна смисла за сите постојани институции, како и за оние институции кои ќе бидат основни во наредните години. Зајакнување на системот на извршување на законите а особено на судскиот систем има големо значење во обезбедубањето на сигурно деловно опкружување за учесниците на пазарот. Главна цел монетарната политика и понатаму ќе биде контролата на инфлацијата, односно одржување на стабилноста на цените во стопанството во договор со ММФ.

Намалените и стабилните каматни стапки заедно со еден стабилен курс на денарот, се неопходни за нормално долгорочно деловно планирање на учесниците на пазарот. Република Македонија треба да продолжи со реформите насочени кон дооформување на финансиската инфраструктура, преку усвојуање на новата легислатива во банкарската сфера, новиот платен систем легислативата за супервизија на осигурувањето, инвиститорските услуги и реформате на пензискиот систем.

Сепак во Република Македонија функционирањето на пазарната економија ја попречуваа институционалнални слабости, како што се бавни и сложени админастративни постапки, недостатоци во судството и незначителен напредок во регестрирањето на земиштето и на сопственоста.

Како последица на тоа, бизнис климата во Република Македонија не води кон стимулирање на инвистиции, посебно странските инвистиции и развој.

Функционирањето на пазарот на работна сила и на финансискиот пазар е со недостатоци што го отежнува намалувањето на високиот степен на невработеност и го попречува кредитирањето на претпријата.

Во Република Македонија, домашните и странските инвистиции се недоволни, што резултира со низок раст на производството и опаѓање на конкурентноста.

Република Македонија треба да вложи доплнително сили за решавањето на горенаведените слабости преку продолжување со структурните рефоми со цел да придонесе кон зајакнување на функционална пазарна економија и нејзината конкурентност, и со тоа да го исполни економскиот критериум, кој е неопходен за секоја земја кандидат за членство во Европската унија.

## 4.9.Прифаќање на acquis communautaire

Принципот на acquis communautaire всушност преставува прифаќање на права и обврски, вистински или потенцијални, во однос на систем на заедниците и нивната институционална рамка. [303] Постојат три типа на acquis: нормативен, судски и политички.

Нормативниот acquis ги опфаќа основачките договори и нивните измени и дополнување, Договор за Европска унија и прифатените мерки во рамките на вториот и третиот столб на Европската унија, актите донесени од страна на институциите на Европската унија, договори од сферата на надворешните односи склучени од некоја од заедниците и од страна на државите - членки на Европската унија.[304]

Судскиот acquis се однесува на јурисдикција на Европскиот суд на правдата.

Политички acquis ги содржи декларациите, резулуциите, принципите и насоките усвоени од страна на Европскиот совет, Советот, Заедничките спогодби на државите- членки во однос на развојот на заедниците и Унијата. Секоја држава кандидат треба да подготви национална програма за прифаќање на acquisa communautaire за чија реализација Европската унија обезбедува финансиска и техничка помош. Европската унија обезбедува финансиска и техничка помош. Европската унија следи и до каде државата е стигната со прифаќањето на acquis при што таа подготвува годишни извештаи кои се составен дел од т.н. редовни извештаии за државите-кандидати кои ги подготвува Европската комисија. Самите преговори за членството во Европската унија зависат токму од прифаќањето на 35 поглавија на acquis communautaire, кои преставуваат поголем дел од содржината на самите договори за пристапување во членството во Европската унија.

Што се однесува до спогодбата на Република Македонија за преземање на обврските за членство, таа е оценета во согласност со обврските утврдени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и со напредокот во усвојувањето, спроведувањето и примената на acquis, Република Македонија оствари значителен напредок во примената на ССА. Исто така направи значителни напори во прилагодувањето на нејзиното законодаство со acquis, особено во областите поврзани со внатрешниот пазар и трговија. Меѓутоа, овие залагања на Република Македонија треба и понатаму да продолжат. Сепак Република Македонија и понатаму се соочува со големи предизвици при спроведувањето и примената на законодаството.

[303] Ibid, 99.

[304] Ibidem, 100.

Капацитетот во администрацијата и судството во Република Македонија треба значително да се зајакнат за да се обезбеди доследна примена на acquis. Република Македонија треба да продолжи со напорите на среден рок во следните области:

- Рибарство;
- Економски монетерна политика;
- Статистика;
- Претпријатија и индустриска политика;
- Трансевропски мрежи;
- Наука и истражување;
- Образование и култура;
- Надворешни односи;
- Надворешна безбедност и одбранбена политика;
- Финансиски и буџетски одредби.

Република Македонија требала да вложи доплнителни напори за да го усогласи своето законодавство кон acquis и ефикасно да ги спроведува и примени на среден рок во следниве област :

- Слобода на движење на работници ;
- Право на основање на претпријатија и слобода на давање на услуги;
- Слободно движење на капитал;
- Финансиски услуги;
- Здравстена заштита и заштитан на потрушувачите;

Република Македонија треба да вложи значајни и контунуирани напори за усогласување на своето законодавство со acquis како и спроведување и примена на среден рок во следниве области;

- Јавни набавки;
- Право на трговски друштва;
- Информатичко општество и медиуми;
- Земјоделство и рурален развој;
- Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика;

- Собраќајна политика;
- Енергетика;
- Социјална политика и вработување;
- Регионална политика и кординација на структурни инструменти;
- Правда, слобода и безбедност;
- Царинска унија;

Доколку Република Македонија значително не ги забрза напорите, земјата може да не биде во состојба да ги усогласи со барањата на acquis на среде рок, областите:

- Слободно движење на стоки;
- Право на интелектуална сопственост;
- Политика на конкуренција;
- Финансиска контрола;

Во полето на животната средина ќе бидат потребни многу напори вклучувајќи и поголеми инвистиции и зајакнување на капацитетите на администрацијата за примена на законодаството на капацитетите на администрацијата за примена на законодавството.

Целосна усогласеност со acquis за животната средина може да се постигне само долгорочно, притоа тоа ќе бара и примена на поголеми инвистиции.[305]

Владата на Република Македонија врз основа на достигнувањето во изградбата на едно модерн, цивилно мултиетничко општество и на функционална пазарна економија, и врз основа на реализацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација, поднесувањето на апликацијата е еден легитимен чекор на Република Македони. Тргнувајќи од силно изразената определеност на граѓаните и консензуалната согласност на политичките субјекти за интегрирање на Република Македонија во Европската унија, и фактот дека Република Македонија е вклучена во Процесот за стабилизација и асоцијација, со завршената ратификација во парламентите во сите

[305]Мислење на комисијата за барање на Република Македонија за членство во Еропската унија, Брисел, 9 ноември 2005 година. ( Секретарјатот за европски прашања интервенираше во текстотот при што референцата Fromer Yugoslav Republic of Masedonia е заменето со уставното име Република Македонија).

земји членки на Европската унија има големо значење за подршката на нашата земја.[306]

Имајќи ги предвид Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската унија донесена од Собранието на Република Македонија на 4 февруари 1998 година и Декларацијата за подигање на нивото на односите на Република Македонија со Европската унија донесена на 23 ноември 2000 година. Собранието на Република Македонија:

- Ја потврдува цврстата определеност за членство во Европската унија како стратегиска цел на Република Македонија на која контунуирано ќе и дава подршка и приоритет.

- Ќе настојува да се забрзаат процесите за побрзо интегрирање во Европската унија.

- Ќе работи на усогласување на законодавството на Европската унија.

- Ги повикува земјите членки и институциите на Европската унија да дадат засилена подршка на реформите во Република Македонија насочени кон исполнувањето на потребните услови за пристапување кон Унијата.[307]

Македонија продолжува со цврста и амбициозна политика кон Европската унија, во што пред себе има поставена јасно дефинирана агенда- да биде подготвена да се приклучи на Европската унија.[308]

Ако се направи една ретроспектива за меѓународното признавање и интегрирњето на Република Македонија, може да констатираме дека Република Македонија во тој процесс како прво ги стави интереси на меѓународниот фактор пред сопствените интереси.

Република Македонија за да се приклучи во големото семејствомо беше приморана да го промени знамето, името, а во 2001година го промени и Уставот со потпишување на Рамковниот договор.

Се прашуваме? уште колку остапки треба да направи Република Македонија за да биде примена во Европската унија и НАТО.

Според предлозите што ги даваше досега специјалниот пратеник на ООН, г- дин Метју Нимиц, може да се констатира дека Македонија се третира како географски поим кај сите соседи, според тоа никој ќе нема право да го користи терминот

---

[306]Службен весник на Р.Македонија, 2004, бр.7.

[307]ibidem

[308]Документи на Република Македонија, стр. 689.

Македонија или македонски. Затоа да не ни биде чудно ако некој  се обиде да го наметне терминот „граѓани на Македонија'', како што имаше обид со потпишувањето на Рамковниот договор.

Затоа да заклучиме дека за името на Република Македонија и за името македонски народ дали треба  да се преговара, бидејќи македонците низ историјата, освен македонци и незнаат за друго име.

Во меѓународните институции Република Грција сака да наметне вештачки спор заради сопствените интереси!

# 5. ЗАКЛУЧОК

Целта на овој труд е да се даде посежна анализа на промените кои настанале во Европа со падот на Берлинскиот зид. Ги проследив причините кои влијаеле на распаѓањето на СФРЈ, процесот на осамостојувањето на Република Македонија, нејзината специфична положба како суверена и независна држава во рамките на балканската констелација на силите. Процесот на евроинтеграцијата, кој за жал испадна многу сложен и сеуште недостапен за македонците и Република Македонија.

Преку проследувањето на овие важни процеси од современата историја на Европа ја истражував и анализирав меѓународната положба на Република Македонија како самостојна и независна држава.

Република Македонија, односно македонскиот народ својата афирмација на културен и национален идентитет и државност ги остварија на АСНОМ 1944 година.

Својот општествено- стопански, културен и национален развој го остваруваше во составот на федерацијата како рамноправна членка на шесте републики во СФРЈугославија. Периодот на падот на Берлинскиот зид ќе го најави новото поглавие на историјата на Источна Европа- која силно ќе се одрази на опстанокот на СФРЈугославија.

СФРЈугославија држава на повеќе нации со различни вероисповеди и неднаков економски развој и со моќна армија(ЈНА), нема да може да го издржи притисокот на промените токму поради таа разноликост и не заентресираност на дел од нациите (словенци, срби и хрвати) за опстанок на државата. Секја од републиките тежнеше кон самостална национална држава , што овозможија национализмот да биде доминатен, пред зачувување на државата СФРЈугославија. Со воведувањер на плуарализмот и промена на уставот, започнаа процесот на наметнување на националниот интерес на србите и хрвататите.

Своето незадоволство, како обесправено малцинство се повеќе ќе го искажуваат албанците од Косово. Така во 90-те години кога се распаѓаше Југославија , Македонија изврши крупни промени во нејзиниот општествено економскиот и политички систем.

Македонската современа историја е ново поглавие во историјата на македонскиот народ, кое започнува со нејзината независност која ја стекна надвор од федрацијата.

Промените се почуствуваа со тоа што се пристапи во 90-тите години кон воведување на пазарна економија, укинување на партискиот монопол и воведување на политички плуарализам.

Република Македонија ја започна својата трансформација во 1991 година кога ги направи првите чекори кон независноста на СРМ. Во Собранието на Македонија се усвоија „ Декларацијата за сувереност на СРМ, Референдумот за независност и донесување на Уставот (17 ноември 1991година) , тоа се главните акти за независноста на Република Македонија".

Со прогласувањето на независноста на 8 септември 1991 година, Македонија ќе започне една нова макотрпен процес на докажување за своето постоење, својата историја, нација, за докажување на своето име, кое ќе биде услов за влезот во ООН, ЕУ и НАТО. Македонците, бидејќи за друго име незнааат, зато што никогаш не биле поинаку нарекувани освен Македонци, затоа ќе речам дека е наметнаа една битката тешка и исцрпна, затоа што и покрај сите исполнети, поставени услови, Македонија сеуште чека пред вратите на овие големи семејства.

Со својата независност Македонија предизвика голема вознемиренос кај нашите соседи. Иако Македонија во контиуните одржува добри меѓусоседски односи, од федерацијата беше единствената република што својата независноет ја стекна на мирен начин, но за разлика од нив таа многу тешко го пробива патот кон меѓународното признавање.

Токму затоа, современата македонска историја, поточно историјата на самостојна и независна Република Македонија и на македонскиот народ е мошне интересна област за истражување која бара многу по широки гледања и толкувања на настаните.

Со итегрирањето на Република Македонија во меѓународниот процес, започнува и процесот во економскиот и политичкиот систем, со тоа си ги отвара вратите на Европската унија кон демократскиот поредок и големиот европски пазар.

Република Македонија иако води мирољубива политика, со започнување на процесот за евроинтеграција внесе немири кај некои од своите соседи, кои сакаат да покажат и докажат за непостоење на македонската нација, јазик , култура , историја и дека тоа е географско име што само им припаѓа на грците. Затоа Грција започнува голема пропаганда за непризнавање на името Република Македонија и Македонци под нејзиното уставно право. Пропагандата е проследена со трговско енбарго ,со укинување на конзулатот и забрана за влез на Македонците во Грција (1994година).

Со разни форми на политички притисоци да сите меѓународно организации за промена на името, знамето (шеснаесеткракотосонце) и Уставот. Така Република Македонија ќе биде принудена да го промени члено 48 од уставот, на ќе го отфрли делот од Лисабонската декларација за промена на името а македонската држава, со име кое нема да го содржи терминот „Македонија".

Паралелно со битката за меѓународно признавање кое вроди плод со воспоставување на првите дипломатски односи под нејзино уставно име, кои до 1994

година 15 земји ја признаа под уставното име. Промена на знамето во 1995година , беше условот за да се укине енбаргото кон Македонија, и се воспоставија дипломатските односи со Грција.

Во Република Македонија на внатрешен план во 2001 година, дојде до меѓуетнички судири кој ќе предизвикат нестабилност во државата и вооружен конфликт, кој ќе трае седум месеци. Конфликтот ќе заврши со потпишување на мировен договор во Скопје на 13 август 2001 година наречен Рамковен договор.

Под притисок на меѓународниот фактор договорот се потпиша и се усвои во Собранието на Република Македонија, кој предвидуваше промени на Уставот и остапки во интерес на албанците. Со потпишување на договорот беше предвидено албанските екстремисти кои беа потпомогнати од Косово, да ги запрат воените конфликти во Македонија.

Меѓународниот фактор за влез на Република Македонија во Европската унија постави услови и тоа градење на меѓуетничка доверба и имплеметација на Рамковниот договор во сите свери на опшествениот и политишкиот живот на државата.

Во однос на надворешната политика, приоритет и стратешки интерес на Република Македонија е интигрирање во Европската унија, НАТО и ООН.

По приемот на Македонија во ООН под референцата ПЈРМ , како привремено име , а Македонија и Грција да разговарат за разликите околу името за да се изнајде трајно решение.

Со донесување на одлука во Собранието на Република Македонијана 23 декември 1993 година за членство во Северно- атланската организација, Македонија ја покажа својата визија пред меѓународниот фактор. Членството на Македонија во НАТО е значаен за Балканот и за целиот регион поради безбедноста и стабилноста во регионот. Но, Поканата за членство во НАТО алијансата ќе биде испратена на Република Македонија по изнаоѓањето на заеднички прифатливо решение околу разликата на името помеѓу Република Грција и Република Македонија.

# ПРИЛОЗИ

1. Одлука за избор на Претседател на Социјалистичка Република Македонија

( Службен весник на СРМ, 1991, бр.6).

2. Декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија ( Службен весник на СРМ 1991, бр.50).

3. Одлука за распишување на Референдум во Република Македонија( Службен весник на РМ, 1991, бр. 37).

4. Декларација на Европската заедница за Југославија( Документи за Република Македонија, стр.334/5).

5. Декларација на Собранието на Република Македонија по повод Лисабонската Декларација ( Службен весник на РМ, 1992, бр. 40).

6. Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.)

7.Писмо на Претседателот Киро Глигоров до сите шефови на држави и влади во светот за признавање на Република Македонија, од 2 декември 1991.

( Документи за Република Македонија, стр. 290- 292)

8. Мислење бр.6 на Арбитражната комисија за Република Македонија (Документи за Република Македонија, стр. 312-316).

# ПРИЛОГ БР.1

Врз основа на точка 7 од Амадманот ЛЦЦВ на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 2 од Законот за избор и разрешување на претседател на Социјалистичка Република Македонија и на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија („ Службен весник на СРМ'' бр. 38/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 јануари 1991година, донесе:

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Социјалистичка Република Македонија е избран Киро глигоров[309]

---

309 Оваа одлука е објавена во Сл. Весник на СРМ, 1991, БР. 6.

# ПРИЛОГ БР.2

Собранието на Социјалистичка Република Македонија врз основа на член 318/ од Уставот на СРМ, а во согласност со Меѓународниот пакт на граѓански и политички права, на седницата одржана на 25 јануари 1991 година, донесе

## ДЕКЛАРАЦИЈА

## ЗА СУВЕРЕНОСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Со оваа декларација се изразува суверeноста на Социјалистичка Република Македонија согласно со устаните определби за независноста и територјален интигитет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајки го и правото на отцепување.

### Член 2

Политичкиот, стопанскиот и правниот систем на Социјалистичка Република Македонија се темели на Уставот на СРМ и републичките закони, а во согласност и со определбите изразени во оваа декларација.

### Член 3

Изразувајќи ја суверeноста на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на СРМ ќе донесе нов Устав, со кој, покрај другото, ќе се определи општественото уредување и идните симболи на државноста на Македонија.

### Член 4

Социјалистичка Република Македонија како суверена држава самостојно одлучува за идните односи со државите на другите народи на Југославија, во согласност со своите интереси, по мирен и демократски пат.

Член 5

Оваа декларација, Уставот на СРМ, републички закони и другите прописи и општи акти се основ за одлучување и дејствување како на републичките органи о организации, така и на сојузните органи и организации на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6

Собранието на СРМ и надлежните органи на Република Македонија, до донесувањето на новиот устав, можат и самостојно да преземат мерки за заштита и унапредување на положбата и првата на деловите на македонскиот народ кој како национално малцинство живеат во соседните земја, за Македонците во другите земји, за иселениците од Македонија и за граѓаните на привремена работа во странство.

Член 7

Доколку спогодбено и демократски не се разрешуваат меѓусебните односи на суверените републики ви СФРЈ или тоа се врши на начин на која суверености на Републиката се загрозува, Собранието на СРМ ќе донесе уставен закон со кој ќе преземе извршувањето на суверените права што ги остварува преку органите на СФРЈ и ќе го утврди начинот на спогодување со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните односи, а според начелата на меѓународното јавно право.

Член 8

Оваа декларација влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија''.[310].

[310] Службен весник на СРМ. 1991, бр. 5.

# ПРИЛОГ БР. 3

Врз основа на член 314 И;лен 318, став 1, то;ка 8 од Уставот на Република Македонија И ;лен 10 од Законот за Републи;ки референдум ( СлуЃвен весник на СРМ'' број 29/73 ), Собранието на Република Македонија, на седницата одрЃана на 6 август 1991година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се распишува референдум во Република Македонија за претходно изјаснување на граѓаните за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија.

### Член 2

На референдумот граѓаните ќе се изјаснат за прашањето: „Дали сакате за суверена самостојна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија'' ?

ЗА ПРОТИВ

### Член 3

Референдум ќе се одржи на 8 септември 1991година.

### Член 4

Референдумот ќе се спроведе на начен и постапка утвредена со Законот за републички референдум.

Член 5

Референдумот ќе го спроведе Републичката комисија за спроведување на референдум.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија''.[311]

[311] Службен весник на РМ, 1991, бр. 37.

# ПРИЛОГ БР. 4

## ДЕКЛАРАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ЈУГОСЛАВИЈА

> ИНТЕГРАЛЕН ТЕКСТ НА ДЕЛОТ ЗА МАКЕДОНИЈА <

27 ЈУНИ 1992 ГОДИНА

„Европскиот совет повторно го истакнува ставот Што Заедницата и нејзините држави членки го заседоа во Гимараеш во врска со барањето на поранешната југословенска Република Македонија да биде призната како независна држава. Тој изразува подготвеност да ја признае таа република во рамките на нејзините постојани граници во согласност со нивната Декларација од 16 декември 1991 година под име кое не го содржи терминот Маедонија. Советот, исто така смета дека границите на оваа република се неповредливи и гарантирани во согласност со принципите на Повелбата на О бединетите нации и Париската повелба".[312]

[312]Документи за Република Мкедонија, стр. 334-335.

# ПРИЛОГ БР. 5

## ДЕКЛАРАЦИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОВОД ЛИСАБОНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

Скопје, 3 јули 1992.

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, расправајќи по Декларацијата од Европскиот совет на Европската заедница за поранешна Југославија, усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 година, во делот што се однесува на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 јули, ја донесе следнава

## ДЕКЛАРАЦИЈА

1. Собранието на Република Македонија го оценува за неприфатлив и го отфрла делот од Декларацијата нс Европскиот совет на Европската заедница за пораneШна Југославија, усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 година, што се однесува на признанието на Република Македонија „ со име кое нема да го вклучува терминот Македонија".

Со прифаќање на ваквиот став, макар и привремено, се прави преседант со исклучително тешки меѓународни последици.

2.Собранието на Република Македонија го поздравува делот на Декларацијата која ги гарантира границите на Република Македонија и нивната неповредливост во согласност со принципите на Повелбата на Обединетите нации и Париската повелба.

3.Со пренесувањето на дел од својот суверинитет во Демократска Федеративна Југославија, Федеративна Народна Република Југославија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, брз основа на правото на самоопределување, Република Македонија е меѓународен субјект со јасно изразено и признато име, суверинитет и територјален интигритет и како таков субјект е рамноправен правен наследник на СФРЈ,прифатен на Конференвијата за Југославија на Европската заедница и во нејзините документи.

4.Собранието на Република Македонија со Декларација од 17 септември 1991година, ја потврди вољатана граѓаните на Република Македонија изразена на Референдумот од 8 септември истата година, во која тие се определија за самостојна и суверена дрежава под името Македонија, што се изрази и со Уставот на Република Мкаедонија донесен на 17 ноември 1991 година. Во овие документи се истакнува дека Република Македонија ќе се залага за доследно почитување на принципите на меѓународните односи содржани во документите на ООН, Завршниот документ од Хелсинки и Париската повелба на КЕБС.

5.За легитимноста и оправданоста на своето барање засновано вра Декларацијата за меѓународно признавање,Република Македонија доби и официјална потврда во Извештајот на Арбитражната комисија на Конференцијата на Југославија на Европската заедница,во кој е заземен ставот дека „Република Македонија ги исполнува условите од Насоките за признавање на новите држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз и Декларацијата за Југославија усвоени од Советот на ЕЗ на 16декември 1991 година",како и дека „употребата на името Македонија не содржи какви и да е територијални претензии кон друга држава".

6.Името Македонија е основа за името на еден народ-македонскиот,кој преставува мнозинство во Република Македонија и со неговото негирање се врши и дискриминација врз тој народ и националностите кои живеат со него.Тоа не е во функција на обезбедување на мирен и стабилен сестран развој на Република Македонија и зачувување на нејзиниот суверенитет и независност,обезбедени на мирен и демократски налин.

7.Собранието на Република Македонија и натаму инсистира и бара од Европската Заедница,како и од поширoката меѓународна заедница,Конференцијата за Европската безбедност и соработка и Организацијата на обединетите нации и нејзините членки, меѓународно да ја признаат Република Македонија со нејзиното име и во постојните гранци.

8.Оваа декларација да се објави во „Службен весник на Република Македонија".[313]

[313]Службен весник на РМ, 1992, бр. 40.

## ПРИЛОГ БР.6

### ДЕКЛАРАЦИЈА

### ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### КАКО СУВЕРЕНА И НЕЗАВИСНА ДРЖАВА

1. Република Македонија како суверена и независна држава бара да биде межународно призната.

2. Република Мкедонија ги прифаќа критериумите и ги исполнува условите донесени од страна на Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991година во Брисел.

3. Република Македонија го прифаќа Нацртот на документот на Конференцијата за Југославија во Хаг.

Таа го подржува продолжувањето на Конференцијата за Југославија во Хаг и ќе учествува, како и досега, на конструктивен начин во нејзината работа, со цел да се постигне дефенитивно решение за југословенската криза на мирен и демократски начин.

Истовремено, Република Македонија ги подржува досегашните напори на Европската заедница на тој план и ја изразува својата готовност и натаму активно да учествува во нив.

4. Република Македонија ги поздравува и во целост ги подржува напорите на ООН преку генералниот секретар и Советот за безбедност за мирен расплет на југословенската криза , вклучувајќи го и упатувањето на мировните сили на ООН.

Собранието на Република Македонија го повикува претседателот на Републиката и ја задолжува Владата, во согласност со нивните уставни овластувања, да ги преземе сите мерки и активности што произлегуваат од оваа Декларација.

5.Оваа декларација да се објави во „Службен весник на Република Македонија''.[314]

---

[314]Службен весник на РМ, 1991, бр.57.

# ПРИЛОГ БР. 7

## ПИСМО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ КИРО ГЛИГОРОВ ДО СИТЕ ШЕФОВИ НА ДРЖАВИ И ВЛАДИ ВО СВЕТОТ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2 декември 1991.

Ваша Екселенцијо,

Ви ја доставувамнашата желба Република Македонија да биде призната како независна држва.

Дозволете ми да истакнам дека овоа прашање што го бара Вашето итно внимание и соработка во изнаоѓањето решение за војната што го загрозува нашиот регион и се заканува да се прошири и на други делови на Балканот.

Дезинтеграцијата на економскиот и политичкиот систем на Југославија создаде вакум на власта што беше поплонет со етничка војна проследена со криза и пропаѓање на државната власт и со закана од економско уништување.

Македонија која постојано се залага за принципот на мирно само определување одби да учествува во војната . Ние мислиме дрка ѕпотребата на воена силаво една комплексна мултинационална заедница , чии проблеми можат да бидат успешно да бидат решени единствено со политичкидијалог, води до експлозии на незадоволство и на уништување.

Одбивајќи да бидеме заложници на ситуација што е надвор од нашата контрола и која почива врз принципи спротивни на оние за кои ние се залагаме, ние ја зедовме својата судбина во свои раце заради остварување на нашата цел – целосна сувереност.

Македонија го прогласи своето право на независност на 25 јануари 1991 година, додека Референдумот од 8 септември 1991 година убедливо ја потврди целта за независност со можност за влегување во сојуз со суверени држави.

Собранието на Република Македонија ја прогласи нашата сувереност на 17 септември, додека процесот на национална еманципација беше завршен со новиот Устав што ја прокламира Македонија за независна држава на 17 ноември 1991 година.

Новиот Устав на Република Македонија се темели на принципите на парламентарна демократија и на човековите права и слободи и на пазарната економија.

Практично, Македонија е независна во смисла на тоа што управува со своите сопствени работи и се грижи за безбедноста и доброто на својот народ. Меѓутоа, независноста на нашата држава не може да биде целосна или обезбедена без нејзиното признавање од други држави, каква што претставувате Вие.

Ние ја сметаме државата Македонија како стабилизирачки фактор на Балканот и во Европа. Ние сме подготвени да докажеме дека демократијата е можна преку мирен соживот со припадниците на другите националности во Македонија.

Исто така, ние сме подготвени за конструктивна соработка со нашите соседи и со земјите од светот.

Официјалното признавање ќе и овозможи на државата Македонија да воспостави, на исправна и стабилна основа, односи со другите држави. Тоа ќе биде и порака до помалку миролубивите дека територијата на признатата држава Македониуја не е слободна за освојување. Тоа ќе биде и порака до помалку миролубивите дека територијата на признатата држава Македонија не е слободна за освојување. Тоа ќе биде јасен сигнал што ќе го обесхрабри обидите за промена на границите по пат на сила. Многу тажно е што таква порака е неопходна во регионот во кој живееме, но тагата не треба да ни дозволи да го занемариме тој факт.

Ние бараме официјално признавање на независноста на Македонија и на нејзиното постоење како држава што јаопфаќа територијата и народите во рамките на границите на она што одамна и досега беше познато како Република Македонија.

Македонија ги исполнува сите легални услови за признавање на нејзината државност.

Нејзината територија е јасно дефинирана со Грција на југ, Бугарија на исток, Албанија на запад и со Србија на север. Исто така, ние изјавивме во една Декларација на Парламентот дека постојните граници на Македонија се неповредливи и дека каква и да е акција во тој поглед нема да биде поддржана.

Нашето население е постојано и стабилно, мнозинството од него се етничките Македонци, кои говорат македонски јазик, еден од трите официјални јазици во Југославија. Другите националности што го сочинуваат нејзиното население уживаат еднакви права и целосно учествуваат во политичкиот и економскиот живот на Македонија.

Сегашната македонска Влада, избрана на демократск иповеќепартиски избори, е наследник на долга низа влади кои суштински управуваа со Македонија, иако се до неодамна во рамките на федералното уредување со другите југословенски држави (Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора).

Македонија е во состојба да воспоставува да воспоставува односи со други држави и веќе го стори тоа преку контакти со голем број влади во светот, секогаш инсистирајќи на тоа односите меѓу државите да бидат пријателски и кооперативни.

Нашето барање за признавање како независна држава, според тоа, почива врз темелите на едноставната праведност – да ја држиме својата судбина во свои раце и врз желбата на нашиот народ да му се придружи на семејството на народите во конструктивниот напор за мир и напредок.

Изостанувањето на признавањето на постоењето на државата Македонија како независна држава би можело од некои да биде протолкувано како покана за мешање во работите што се исклучително на Македонија и за создавање напнатости и делби од коиу Македонија подолго време досега беше ослободена, но често ги искусувала во својата историја.

Предупредете ме, Ве молам , Ваша Екселенцијо, за каква и да е пречка што сметате дека стои на патот на признавањето на Македонија, зашто јас ќе ги сметам тие пречки како пречки за мирот што го посакуваат сите граѓани на Македонија. Доколку ги нема, Ве молам да ме посоветувате како Република Македонија може да помогне за да отидеме подалеку од признавањето што го бараме, кон трајна и кооперативна безбедност.

Во името на Република Македонија, Ви испраќам искрени желби за пријателство.

Со почит,

Киро Глигоров

Претседател на Република Македонија [315]

[315]Документи за Република Македонија, стр. 290-292.

# ПРИЛОГ БР. 8

## МИСЛЕЊЕ БР.6 НА АРБИТРАЖНАТА (БАДЕНТЕРОВА) КОМИСИЈА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Париз, 11 јануари 1992.

Со писмото од 20 декември 1991 година, упатено до претседателот на Министерскиот совет на Европската заедница, министерот за надворешни работи на Република Македонија, побара земијте членки на Европската заедница да ја признаат оваа република.

Арбитражната комисија пристапи кон разгледување на оваа барање, применувајќи ги одредбите од Декларација за Југославија и „Насоките за признавање на новите држави во Источна Европа и Советскиот Сојуз'' усвоена од Министерскиот совет на Европската заедница на 16 декември 1991година, како и процедуралните одредби кои Комисијата ги усвои на 22 декември 1991година.

Со цел да дојде до одлуката, Комисијата ги проучи следниве документи кои и го испрати Социјалистичка Република Македонија:

- Декларација на Собранието на Република Македонија од 19 декември 1991 година кој е приложена со писмото на министерот за надворешни работи;
- Писмо на министерот за надворешни работи на Република Македонија од 20 декември 1991година;
- Одговори на прашалникот кој Комисијата го испрати на заентерисираните републики на 24 декември 1991година;
- Извештај за резултатите на референдумот одржан на 8 септември 1991година;
- Дкларација на Собранието на Република Македонија од 17 септември 1991година,
- Устав на Република Македонија од 17 ноември 1991година и амандманите усвоени на 6 јануари 1992година;
- Писмото кое министерот за надворешни работи го испрати по телефакс на 11 јануари 1992 година, до претседателот на Арбитражната комисија како одговор на барањето на дополнителни информации кои Комисијата ги формулира на 10 јануари 1992 година.

Врз основа на информациите со кои располага, откако е сослушан известувачот, Арбитражната комисија го изнесува следното мислење:

1 – Во одговорот на прашалникот на Комисијата министерот за надворешни работи, во име на Република Македонија, го изјави следното:

а – Н прашањето во врска со месрките кои Македонија веќе ги презела, или има намера да ги преземе со цел примена на принципите на Повелбата на ООН, Завршниот акт од Хелсинки и Парискста повелба:

Уставниот закон за примена на Уставот на Република Македонија вели дека Република Македонија својата меѓународна положба и своите односи со други држави и меѓунаронит организации ги засноваа на општо признати принципи на меѓународно право ( член 3).

Уставниот закон за примена на Уставот на Република Македонија прецизира дека Рпублика Македонија како легален наследник на СФРЈ, рамноправно со другите републики, ги презема правата и обврските кои произлегуваат од создавањето на СФРЈ(член 4).

б – На прашањето во врска со мерките кои Македонја веќе ги презела или е подготвена да го преземе како би ги гарантирала правата на етничките и националните групи и малцинства кои живееат на нејзината територија:

Уставот на РепубликаМакедонија предвидува формирање на Советот за меѓународните односи кој ќе се занимава со содветни прашања на ниво на Републиката. Советот е составен врз паритетна основаод сите националности и покрај претседателот на Собранието, во него се двајца Македонци, исти број Албанци, Турци, Власи и Роми и двајцата преставниви на другите националности во Македоња. Собранието е должно да се изјасни во врска со мислењето и предлозите на Советот и за тоа да донесе одлука (член 780.

в – Н прашањето дали Македонија е подготвена да се одрече од промена на своите граници со примена на сила:

Да, републиката ја почитува неповредливоста на територјалните граници кои можат да се менуваат само со мирољубиви средства и по пат заеднички договор.

Собранието на Република Македонија, во Декларацијата од 17 декември 1991година, потврдува дека Реублика Македонија стриктно го почитува принципот на неповредливоста на границите како гаранција за мирот и безбедноста во регионот и воопшто ја манифестира својата политика, а таа е дека нема и дека не изразува територјални претензии кох која било соседна земја (член 4 ).

г – Н прашањето дали Македонија е подготвена да се подведе на сите обврски на планот на разоружувањето и неширењето на нуклеарното оружје:

„Да, Република Македонија ги презема сите обврски кои се однесуваат на разоружувањето и неширењето на нуклеарното оружје, како и на безбедноста и територјалната стабилност''.

д – На прашањето дали Република Македонија е подготвена со преговори да ги реши сите прашања кои се однесуваат на сукцесија на држави во Југославија и регионалните спорови, во случај на потребата да ги решава со примена на арбитража:

„Да, Република Македонија ја прифаќа обврската и се согласува по пат на преговори да ги решава сите прашања во врска со сукцесијата на држави и регионални спорови, во случај на потреба, да ги решава со арбитража''.

ѓ - На прашањето кое се однесува на мерките кои Македонија веќе ги презела или има намера да ги преземе заради исполнување на оваа обврска:

Уставниот закон за примена на Уставот на Македонија го регулира прашањето на наследство и вели дека Република Македонија, како наследник која е рамноправна со другите републики на СФРЈ, ќе ги решава правата о обврските на СФРЈво согласност со договор со другите републики кои се однесуваат на правната сукцесија на СФРЈ и земните односи (4).

е – На прашањето дали и во кој облик Македонијаја прифатила Нацрт-конвенцијата на Конференцијата за мир во Југославија:

„На предлогот на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на 19 декември 1991 година, усвои Декларација со кој ја прифати Нацрт- конвенцијата на Конференцијата за Југославија (точка 3)''.

ж – На прашањето дали ова прифаќање прецизно важи за поглавјето ИИ од оваа Конвенција:

„Да Република Македонија ги прифача одредбите од поглавјето ИИ од Нацрт-конвенцијата за правата на човекот и правата на националните и етничките групи''.

2. По барање на Арбитражната комисија од 10 јануари 1992година, министерот за надворешни работи на Република Македонија че се воздржи од каква била непријателска пропаганда против една соседна држава, членка на Европската заедница.

3. Комисијата освен тоа констатира дека Собранието на република Македонија на 17 ноември 1991година, го усвоило Уставот кј содржи структура на демократски режим и гаранција за правата на човекот кои се во сила во Европа.

Уставот содржи низа посебни одредби за заштита на малцинствата чии основни насоки мора барем да бидат споменати:

а – Најзначајната одредба е содржана во член 48 став 1, во кој е предвидено припадниците на различните националности да имат право слободно да го изразуват својот национален идентитет, да го чуваат и да продолжат да го развиваат, исто тоа важи и за националните „атрибути''.

б – Врз основа на член 48 став 3, припадниците на различните националности имаат право да основат културни и уметнички институции, како о образовни и дгуги здруженија кои овозможуваат истражување, зачувивање и развој на нивната националност.

г – Што се однесува до проблемот со јаикот и писмото, член 7 став 2, прдвидува во општините каде што мнозинството од населението припаѓа на некоја друга националност, јазикот и писмото на таа националност мора да биде во службена употреба, паралелно со македонскиот јазик и кирилското писмо. Во согласност со член 7 став3, исто треба да важи и во општините во кои живее значителен број од населението кое припаѓа на одредена националност . Сепак овие права и во двата случаи треба дополнително да се допрецезираат со закон.

е – Член 9 став 1, во Уставот забранува секаква дискриминација, посебно од расни побуди или боја на кожа, национално или социјално потекло, како и поради политичко убедување.

4.Собранието на Република Македонија на 6 јануари 1992година, го реведираше Уставот од 17 ноември 1991година, усвојувајќи го следниот уставен закон:

Ови амандмани се составен дел на Уставот и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување

АМАНДМАН I

1. Република Македонија нема територјални претензии кон соседни држави.

2. Границата на Република Македонија може дасе менува само во согласност со Уставот, а врз принципот на доброволност и во согласност со општоприфатените меѓународно норми.

3. Со точка 1 на овој амандман се дополнува членот 3, а со точката 2 се заменува ставот 3 на членот 3 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН II

1.Републиката притоа нема да се меша во суверенитетите права на другу држави и во нивните внатрешни работи.

2.Со овој амандман се дополнува ставот 1 на членот 49 на Уставот на Република Македонија.

5.Согласно со тоа, Арбитражната комисија смета:

- Дека Република Македонија ги задоволува условите предвидени во насоките кои се однесуваат на признавањето на новите држави од Источна Европа и Советскиот сојуз, како и Декларацијата за Југославија која Министерскиот совет на Европската заедница ја усвои 16 декември 1991 година.

- Дека покрај тоа, Република Македонија се откажува од било какви територјални претензии во декларациите кои се недвосмислени и обврзувачки на планот на меѓународното право. Дека, со амото тоа употребата на името „ Македонија''не би требало да подразбира никакви територјални претензии на сметка на некоја друга држава.

- Дека од друга страна, Република Македонија официјално, во согласност на меѓународното право, се обврзала дека ќе се воздржува, вопшто, а особено применувајќи го членот 49 од својот Устав, од секаква непријателска пропаганда насочена против некоја друга држава: тоа произлегува од изјавата на министерот за надворешни работи на Република Македонија од 11 јануари 1992година, и која е дадена на барање на Арбитражна комисија со цел толкување на амандманот 2 од 6 јануари 1992година, од Уставот на Република Македонија.[316]

[316]Документи за Република Македонија, стр. 312-316.

## РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА


1. „Дневник„ , дневен весник (http: //int. Dnevnik.com.mk)
2. Документи за државност на Република Македонија, Агенција за информација, Скопје2002
3. Службен весник на Р. Македонија. contact@slvesnik.com.mk

4 . Андов Стојан, На мој начин, Матица македонска, Скопје 2003.

5. Ачкоска Виолета,Местото и улогата на Владите на Македонија 1945 - 1995, ИНИ, 39/1-2, Скопје, 1995, 15-31.

6. Беренд Иван, Централна и Истоцна Европа 1944-1993, Из периферије заобилазним путем назад у периферију, ЦИД, Подгорица 2001.

7. Методија Манојловски, Катерина Тодоровска, Македонија и соседите: 15 години самостојност( приредувачи), Менор,Скопје книга И-В 2010.

8. Михаели Миновски, Македонија во меѓународните договори, докумens. Т.2, (1941-1991),Државен архив на Република Македонија, Скопје2008.

9. Џон Шеј, Македонија и Грција-битка за дефинирање нова балканска нација, Стеда графика, Скопје 2002.


А) ИЗВОРИ


1. Атанасовски Тодор, Чекорењето во кризата, МИ-АН, Скопје 2002.
2. Ачковска Виолета, Македонија во југословенската федерација (1943-1991година),ИНИ, Скопје 2001.
3. Ачковска Виолета, Општествено- економски развој на современата македонска држава(1944-2004),Годишен зборник на Филозовски факултет, кн. 57, Скопје 2004.


Б) ЛИТЕРАТУРА


4. Велковиќ Душан,Транзациона Деструкција, Скопје, 2001.
5. Габер В. За македонската дипломатија, Магор, Скопје 2001.
6. Глигоров Киро, Борбата за меѓународно признавање на Република Македонија, Зборник Македонија 1989- 1999година, Скопје 2001.
7. Глигоров Киро, Виорни Времиња, Скопје, 2004.

8. Гоцевски Трајан, Неутрална Македонија- од визија до стварност, Македонска ризница, Куманово, 1995.
9. Грујоски Трајче, Распадот на СФРЈ- студија и сведоштво, ИНИ, Скопје 2003.
10. Душан Вељковиќ, Транзициона деструкција, Скопје 2001.
11. И Сонцето е звезда: Македонија во ЕУ, Секретаријат за европски прашања,Скопје, 2004.
12. И Сонцето е звезда: Македонија во ЕУ, Секретрјат за европски прашања, Скопје, 2006.
13. Кремптон Џ. Ричард, Балкан после другог светског рата, Цлио, 2003.
14. Лазар Лазаров, Патот до Македонија, Култура, Скопје 2007.
15. Лакер Волтер, Историја Европе: 1945-1992: Цлио, 1999.
16. Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по втората светска војна, Менор, Скопје, 1999.
17. Маргарита Пешевска, Светот во транзиција, Менора, Скопје 2002.
18. Марина Митревска,Антон Гризолд, Владо Бучковски, Ентони ванис- Св. Џон, Превенција и менаџирање на конфликти- Случај Македонија, Скопје 2009.
19. Нано Ружин, НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Фондација,, Фридрих Еберт'', Скопје 2005.
20. Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, Скопје, 2004.
21. Николич Павле, Од распада до безнаќа и наде, Филип Вишниќ, Београд 1997.
22. Новица Велјановски, Македонија 1945-1991, државност и независност, ИНИ, Скопје 2002.
23. Петреска Даринка, Ачкоска Виолета, Осознавње на историјата, Универзитет Св."Кирил И методиј", Филозофски Факултет-Скопје, Скопје 2007.
24. Прирачник за НАТО, 2001.
25. Ристова Астеруд Каролина, Општите критериуми за членството во Европската унија, Евроинтеграција на правниот, политичкиот и општествениот систем на Република Македонија, 2002.
26. Светомир Шкариќ, Димитар Апасиев, Владимир Патчев, Спорот за името меѓу грција и Македонија, ЈП Службен весник на РМ, Скопје 2008.
27. Секељ Ласло, Југославија структура распадање, Београд, 1990.

28. Трајан Бендевски, Право на Европската унија, Правен факултет, скопје 2001.
29. Тунтев Ахил, Република Македонија- Прва Декада 1990-1999 година, Скопје 2005.
30. Христо Карталов, Европска интеграција низ економската преспектива 2005.
31. Џон Л.Гедис, Хладни рат, Клио, 2003.
32. Ullman,Richard H.(1991): Securing Europe. Twentieth Century Fund. Inc., Twicekenham.
33. Parew, James and Bennett, Christopher (2006): NATO: sevolving operations, NATO Review Spring, 3.
34. Adamson, Kevin in Dejan Jovic( 2004): Macedonian- Albanian political frontier : the re-articulation of post- Yugoslav political identitetes. Nations and nationalism.